Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

# Стоматолошки факултет – Скопје

## И з в е ш т а ј

**за самоевалуација на Стоматолошкиот факултет - Скопје во состав на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј,, во Скопје, за проценка на квалитетот на студиските програми и квалитетот на академскиот кадар, за период 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019**




**П р е т с е д а т е л**
**на комисијата за самоевалуација**
**проф. д-р Анета Атанасовска Стојановска**

**С к о п ј е / 2 0 1 9 год.**

# СОДРЖИНА


**1. ВОВЕД ВО ЦЕЛИ И НАСОКИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА** 9

**2. ОСНОВИ ВРЗ КОИ СЕ ВРШИ САМОЕВАЛУАЦИЈАТА** 9

**2.1.Информации и факти** 9

**2.2.Опис на Стоматолошкиот факултет во Скопје** 9

2.2.1.Организациска структура на Стоматолошкиот факултет 12

2.2.2.Број на вработени 13

2.2.3.Број на студенти 13

2.2.3.1 Број на студенти на прв циклус на студии 13

2.2.3.2. Студенти на втор циклус на студии 14

2.2.3.3.Студенти на трет циклус на студии 14

2.2.4.Број на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии и специјализации 14

2.2.4.1 Додипломски I циклус на студии 14

2.2.4.2. II циклус на студии- магистерски студии во траење од 2 семестри (60 кредити) 14

2.2.4.3 III циклус- докторски студии по стоматологија во траење од 6 семестри (180 кредити) 15

2.2.4.4Специјализации 15

2.2.5 Други видови на континуирано образование 15

**2.3. Мисија и цели на Стоматолошкиот факултет – Скопје** 16

2.3.1 Мисија 16

2.3.2. Цели 17

**2.4. Стратегија за остварување на мисијата** 17

**2.5. Студиски и предметни програми** 18

2.5.1. Извештај за спроведена самоевалуација на додипломски интегрирани студии од I и II циклус по дентална медицина 18

2.5.2.Извештај за спроведена самоевалуација на додипломски студии за доктори по дентална медицина (5-годишни) 24

2.5.3.Извештај за спроведена самоевалуација на студиската програма за стручни стоматолошки сестри-хигиенолози 29

2.5.4 Извештај за спроведена самоевалуација на студиската програма за стручни забни техничари 37

2.5.5 Извештај за спроведена самоевалуација на студиската програма за втор циклус на студии 53
2.5.6 Извештај за спроведена самоевалуација на студиската програма за трет циклус на студии 66
2.5.7 Извештај за спроведена самоевалуација за здравствени специјализации 75
2.5.8 Начин на кој се реализира студентската пракса 86
2.5.9. Основна литература 86
**2.6. Наставно-научен и соработнички кадар** 87
2.6.1. Структура и број на ангажирани кадри од практиката 87
2.6.2.Сооднос на бројот на студентите со број на наставниците на студиската програма 88
2.6.3. Ангажираност на наставниот кадар во наставата од прв циклус на студии 88
2.6.4.Ангажираност на наставниот кадар во наставата од втор циклус на студии 88
2.6.5. Ангажираност на Наставно-научниот кадар во третиот циклус студии – докторски студии 89
2.6.6. Ангажираност на наставно научен кадар во изведување на настава за здравствени специјализации 89
2.6.7.Ангажираноста на наставници во наставата на други високообразовни институции во земјата и странство 90
**2.7. Наставно-образовна дејност** 90
2.7.1. Систем на образование 90
2.7.2. Применети начини, облици, методи и технологии во наставниот процес 91
2.7.3. Примена на современи технологии (компјутери, софтверска поддршка, информациски бази и др) 91
2.7.4.Примена на методи за континуирана проверка на знаења (колоквиуми, тестови, усни испити) 92
2.7.5.Придонес на стручниот испит/дипломската работа за оформување на стручниот профил 93
2.7.5.1. Студии по дентална медицина 93
2.7.5.2. Тригодишни студии за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри/ орални хигиенолози 93
2.7.6. Вид на вештини со кои студентот се оспособува во текот на студиите 93
2.7.6.1. Компетенции со кои се здобива дипломираниот 93

доктор по дентална медицина
2.7.6.2.Компетенции со кои се здобива дипломираниот стручен забен техничар и дипломирана стручна стоматолошка сестра/ орален хигиенолог 94
2.7.7.Дипломирани студенти во последните 3 години 94
2.7.8.Број на запишани и дипломирани студенти по студиски програми од првиот циклус студии во последниве три учебни години 94
**2.8. Студенти** 95
2.8.1 Број на новозапишани студенти во однос на предвидените квоти во последните 5 години 95
2.8.2 Облици во кои студентите учествуваат во оценувањето на квалитетот на наставно-образовниот процес 96
2.8.3 Видови студентски активности 96
2.8.4. Учество на студентите во управувањето 97
**2.9. Просторни и материјални услови (ресурси)** 97
2.9.1. Просторни услови за изведување на наставно-образовниот процес 97
2.9.2. Вид на опрема за теоретска и практична настава 98
**2.10. Логистика** 99
2.10.1 Организација на студентските служби 99
**2.11. Надворешна соработка** 99
2.11.1 Мобилност на студенти и академски кадар 100
**2.12. Научноистражувачка дејност** 100
2.12.1 Број на публикации во последните 5 години 101
2.12.2 Вкупен број на пријавени и реализирани проекти во последните 5 години 101
2.12.3 Вкупен број организирани научни собири во последните 5 години 102
2.12.4 Учество на семинари и конгреси во последните 5 години 102
**2.13. Финансирање** 102
**2.14 Обезбедувањеи оценување на квалитетот на академскиот кадар на универзитетот** 104
**3.1 Критериуми за избор и оценување** 104
**3.2. Мерки за подобрување на квалитетот** 104
**4.КОМИСИЈАТА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА** 105
**4.1 Субјекти кои учествуваа во процесот на самоевалуација** 107
**5.САМОЕВАЛУАЦИОНЕН ПРОЦЕС** 108
**6.РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА** 110

# 1. ВОВЕД ВО ЦЕЛИ И НАСОКИ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Самоевалуацијата е задолжителна законска обврска на секоја високообразовна установа, која се спроведува во интервали од три години во чие градење се зема предвид оценката од страна на студентите.

Нејзините три главни цели се:

- да претстави краток и содржаен преглед на наставно-образовниот процес, просторните можности и опременоста на факултетот, научно-истражувачката работа, оспособеноста и активностите на студентите и организационата поставеност и функционирањето на факултетот;
- да ги анализира силните и слабите страни на факултетот при вршење на високообразовна и научна дејност и да предложи активности и корективни мерки (со примена на SWOT анализа);
- да обезбеди основа која ќе послужи за вршење на самоевалуацијата што ја спроведува Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и за надворешна евалуација, која ја врши Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Самоевалуацијата опфаќа период од три академски години и тоа: 2016/2017,2017/2018,2018/2019

Насоките на самоевалуациониот процес се во функција на зголемување на способноста на Факултетот за подобрување на квалитетот и ефикасноста преку:

- формирање мислење за квалитетот на студиските програми и тоа за секоја студиска програма поединечно без разлика на кој циклус се однесува,
- формирање мислење за поврзаноста на наставно-образовната и научноистражувачката дејност на Факултетот и
- следење на структурата, квалитетот и унапредувањето на академскиот кадар.

# 2. ОСНОВИ ВРЗ КОИ СЕ ВРШИ САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

## 2.1 Информации и факти

Самоевалуацијата на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ Стоматолошки факултет – Скопје ќе се врши врз основа на квалитативна анализа и анализа заснована на релевантни квантитативни податоци. При анализирањето ќе се прави разлика помеѓу информации и факти, ќе се проверува дали информациите се реални и валидни и дали можат да се претворат во факти. Информацијата може да стане факт само доколку е поврзана со дефиниран критериум. Самоевалуацијата треба да даде одговор на прашањето што не е добро на Факултетот во рамки на изведување на наставната дејност во трите циклуси на настава, што може да се подобри, што може да се промени. Констатициите се изведени врз основа на факти и се јасни и концизни со препораки за подобрување со цел самоевалуацијата да биде корисна и од значење за Факултетот.

## 2.2 Опис на Стоматолошкиот факултет - Скопје

Стоматолошкиот факултет во Скопје е членка на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Првите почетоци на високообразовниот процес од оваа област започнувале во 1948/49 година, кога е основана Клиниката за усни, забни и вилични болести.

Во 1959 година е формиран Стоматолошки оддел при Медицинскиот факултет во Скопје. Првата генерација на студенти (вкупно 37) на Стоматолошкиот оддел при Медицинскиот факултет во Скопје била запишана во учебната 1959/60 година, со свој наставен план и програма, во траење од 4 год. Стоматолошкиот оддел во тој момент имал 2 професора, 1 доцент и 3 соработници, а во едукацијата на студентите учествувал кадар и од Медицинскиот, Природно-математичкиот факултет во Скопје, но и од Стоматолошките факултети на поранешната СФРЈ. Најголемиот дел на наставата (околу 76.9% од сите наставни предмети) се одвивала на Природно-математичкиот факултет и Институтите и Клиниките на Медицинскиот факултет.

Во 1965 година доаѓа до финансиско осамостојување на стоматолошките наставни единици, кои се интегрирале во Стоматолошка Клиника на Медицинскиот факултет.

Во 1974/75 год. со изградба на новите два објекти се зголемиле просторните можности и услови за работа, со што се создала солидна база за изведување на теоретската и практичната настава. Двата објекти - зградата на стоматолошките клиники и зградата за максилофацијална хирургија, располагаат со околу 11.340 м2 работна површина, а во кои биле сместени студентските и рутинските ординации со 110 работни места, амфитеатар, лаборатории, простор планиран за библиотека, операциона сала и стационар со околу 30 кревети.

Во 1977/78 година Стоматолошкиот оддел при Медицинскиот факултет прераснува во самостоен Стоматолошки факултет, а со тоа добил и поголема можност за натамошен развој и перспектива.

Во 1980 година формирани биле 8 клиники за основните стручни стоматошки предмети на Факултетот, кои преставуваат основно стручно-научно јадро каде се врши обучување на кадрите на сите студиски програми. Со спојување на двете катедри по фиксна и мобилна протетика во 2009 година, денес во состав на Факултетот постојат 7 катедри.

Во 2002 и 2003 год. Доградени се нови простории со 650 м2 корисна површина, каде денес е сместен Деканатот на Стоматолошки факултет, а проширени се ипросториите на две клиники- Клиниката по протетика и Клиниката по орална хирургија, каде се отворени 3 нови операциони сали и имплантолошки центар, кои ги задоволуваат потребите на студентските вежби од стоматолошките студии. Просториите во кои е сместена Стручната и административна служба на Факултетот, односно деканатот на Факултетот се сега сопственост на Факултетот/ Универзитетот сметано од 2016 година.

Денес, Стоматолошкиот факултет во Скопје е јавна високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Од академската 2003/2004 во наставно-образовниот процес се применува Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС). Стоматолошкиот факултет во Скопје е меѓу првите факултети во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје којшто започна со процесот на прилагодување на своите студиски програми кон принципите на Европскиот кредит трансвер систем (ЕКТС).

Во продолжение, по хронолошки редослед ќе бидат наведени сите досега донесени студиски програми на Факултетот.

Во учебната 1959/60 година, со свој наставен план и програма, во траење од 4 год. се запишани првите студенти на Факултетот.

Во учебната 1966/67 година се преминало на петгодишни студии (10 семестри) со вкупен фонд од 4575 часови од кои теоретска настава 1995 (44%) и практична настава од 2580 (56%) часа, а вкупниот број на предмети изнесувал 36.

Во учебната 1973/74 година донесена е третата наставна програма, според која наставата и понатаму се реализирала во десет семестри, а бројот на предметите останатал ист, односно 36. Вкупниот број на часови претрпел мали измени и изнесувал 4665 од кои теоретска настава 2115 (45%), а практичната настава 2550 (55%) часа.

Во учебната 1979/80 година била донесена четвртата студиска програма при што наставата и понатаму траела десет семестри со 49 предмети и вкупен фонд на часови 4500 од кои теоретски часа 1950 или (43%), а практични часови 2550, односно (57%).

Во учебната 1981/82 година била донесена петтата студиска програма со настава во десет семестри и вкупен фонд на часови 4500. Од нив 1875 (42%) биле теоретски и 2625 (58%) биле практична настава.

Во учебната 1988/89 година била донесена шестата студиска програма, повторно во десет семестри со вкупен фонд на часови 4590, од кои теоретска настава 1935 (42%) и 2655 (58%) опфаќала практичната настава.

Во учебната 1991/92 година била донесена шестгодишна студиска програма со вкупен фонд од 4785 часови од кои теоретски 2025 (42,3%) и 2760 (56,7%) практична настава.

Во 2003 година е направена целосна реорганизација на Стоматолошкиот факултет според ЕКТС со што е направен обид за признавање на студиите во странство. Според овој систем наставата се организирала во десет семестри со вкупен фонд на часови 4500, од кои теоретски биле 2085 (46,3%) и 2415 (53,6%) практична настава.

Во учебната 2005/06 година наставата е органзирана како петгодишен курикулум во траење од десет семестри за професионална едукација на доктори по стоматологија според моделот на Болоњската декларација.

Во учебната 2009/10 година е донесена десетата по ред студиска програма во траење на десет семестри, со вкупно 4385 часа од кои 2070 часа теоретска настава и 2315 часа практична настава. Со оваа студиска програма за прв пат е профилиран терминот доктор по дентална медицина.

Во учебната 2015/16 година е донесена, според хронолошкиот редослед, единаесеттата студиска програма интегрирани шестгодишни студии за прв циклус и втор циклус по дентална медицина со вкупен фонд од 4985 часа, од нив 1725 се теоретски, а 2610 се практични часови. Согласно препораките ЕКТС во студиската програма со 650 часа се застапени семинарите.

Со измените и дополнувањата на оваа студиска програма целта ни е да оспособиме квалитетен кадар кој ќе го најде своето место на пазарот на трудот во нашата држава, а секако и во странство.

Стоматолошкиот факултет врши високообразовна дејност, од прв, втор и трет циклус на студии, организира здравствени специјализации, научноистражувачка дејност од областа на стоматолошки науки и со неа поврзаните фундаментални области согласно со Меѓународната стандардна класификација на образованието- Фраскатиева класификација како и од други подрачја и полиња кои се во врска со основната дејност на Факултетот.

Стоматолошкиот факултет својата дејност ја остварува согласно со Законот за високото образование, Законот за здравствена заштита, Законот за научно-истражувачката дејност, согласно актите на Универзитетот и Факултетот.

### 2.2.1 Организациска структура на Стоматолошкиот факултет

За вршење на високообразовната, научно-истражувачката и високо-стручната здравствена дејност како функционално поврзана целина, на Факултетот се основани 7 катедри како организациони и функционални единици, стручна и административна служба. Катедрите се основни внатрешни организациони единици на Факултетот преку кои се обезбедува неговата наставна, научноистражувачка и применувачка дејност. На Факултетот се формирани следниве катедри:

Катедра за болести на забите и ендодонтот

Катедра за болести на устата и пародонтот

Катедра за детска и превентивна стоматологија

Катедра за максилофацијална хирургија

Катедра за орална хирургија

Катедра за ортодонција

Катедра за стоматолошка протетика

Својата дејност Факултетот ја врши во наставните бази на претклиниките и клиниките во состав на ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар,,Св. Пантелејмон,, Скопје и ЈЗУ Универзитетската клиника за максилофацијална хирургија, каде се реализираат наставно–образовната, наставната и применувачката дејност. Факултетот дел од дејноста ја врши преку обезбедување на настава од наставници на Медицинскиот и Природно-математичкиот факултет во нивните наставни бази. Во реализацијата на наставната дејност учествуваат наставници и лица избрани во други звања, согласно со студиските програми на Факултетот.

Стручните и административните работи ги врши Стручната и административна служба на Факултетот како дел од интегрираната Стручна и административна служба на Универзитетот.

Органи на Факултетот според Законот за високото образование (Службен весник на Р.М. бр. 82/2018), се: Наставно-научниот совет, Деканот и Деканатската управа. Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет е орган на управување и стручен орган на Факултетот кој го сочинуваат деканот, продеканите, членови на Катедрите од редот на редовни и вонредни професори и доценти и претставници на студентите. Наставно-научниот совет формира постојани и повремени работни и стручни тела за проучување и изготвување предлози, мислења, стручни материјали и сл. за одделни прашања од неговиот делокруг. Постојани одбори и комисии се: Наставен одбор, Научен одбор, Кадровски одбор, Одбор за специјализации и супспецијализации, Одбор за издавачка дејност, Етичка комисија, Комисија за самоевалуација, Одбор за соработка и доверба со јавност, Совет на студиската програма за трет циклус на студии – докторски студии, Наставно-научниот колегиум на студиската програма за втор циклус на студии.

Деканот е раководен орган на Факултетот, кој го претставува Факултетот во земјата и во странство. Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот. Факултетот има и три продекани (за настава, за меѓународна соработка и за наука) кои вршат работи што ќе им ги определи деканот за области од дејноста на Факултетот.

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот и ја сочинуваат 12 члена: деканот, 3 продекани, 7 раководители на катедрите и претседателот на Студентскиот

парламент. Во работата на деканатската управа учествуваат и наставници назначени за раководење на тригодишните студиски програми, но без право на глас во донесување на одлуки од делокругот на работењето на управата. Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот исто така без право на одлучување.

### 2.2.2 Број на вработени

Стоматолошкиот факултет во Скопје и јавните здравствени установикои претставуваат наставни бази на Факултетот, универзитетските клиники, врз основа на одредбите од Законот за високото образование и Законот за здравствена заштита, склучија Спогодби за уредување на меѓусебните односи во вршењето на образовната, научноистражувачката и здравствената дејност, како функционална целина, согласно со потребите за спроведување на студиските програми, како и за уредување на работниот однос на лицата кои се во работен однос во здравствена установа, а се избрани во наставно-научно или научно звање на високообразовна установа (засновање на работен однос со Факултетот со одреден број на часови неделно). Спогодбите со ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар ,,Св. Пантелејмон,, Скопје и ЈЗУ Клиника за максилофацијална хирургија Скопје се склучија 2010 година.

**Табела 1.** Број на вработени на Стоматолошки факултет Скопје

| Вкупен број<br>Вработени со полно или скратено работно време | Наставно-научен кадар (редовни и вонредни професори,доценти) | Соработнички кадар (научни соработници, асистенти, помлади асистенти) | Стручен и административен кадар |
|---|---|---|---|
| вработени со полно работно време | - | - | 10 |
| вработени со парцијално работно време | 47 | 35 | |

### 2.2.3 Број на студенти

#### 2.2.3.1 Број на запишани студенти на прв циклус на студии во прв семестар по студиски програми и учебни години

**Табела 1.** Број на запишани студенти на прв циклус на студии во прв семестар по студиски програми и учебни години

| **Број на запишани студенти** | | | |
|---|---|---|---|
| **Академска година** | Стручни стоматолошки сестри | Стручни забни техничари | Интегрирани студии |
| **2016/2017** | 26 | 27 | 85 |
| **2017/2018** | 17 | 36 | 81 |
| **2018/2019** | 14 | 36 | 85 |
| **вкупно** | **57** | **99** | **251** |

#### 2.2.3.2. Студенти на втор циклус на студии

**Табела бр.2** Број на студенти на вториот циклус студии

| **Академска година** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | |
| | **I Конкурс** | **II Конкурс** | **I Конкурс** | **II Конкурс** | **I Конкурс** | **II Конкурс** |
| **Запишани студенти** | **32** | **6** | **12** | **9** | **6** | **3** |

#### 2.2.3.3. Студенти на трет циклус на студии

**Табела бр 3.** Број на студенти на третиот циклус студии

| **Академска година** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | |
| | **I Конкурс** | **II Конкурс** | **I Конкурс** | **II Конкурс** | **I Конкурс** | **II Конкурс** |
| **Запишани студенти** | **6** | / | / | / | **10** | **15** |

### 2.2.4.Број на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии и специјализации

На Стоматолошкиот факултет се реализираат следните студиски програми:

#### 2.2.4.1 Додипломски I циклус на студии:

1.Додипломски студии за доктори по дентална медицина со 10 семестри (300 кредити)

2.Интегрирани шестгодишни студии од прв и втор циклус за доктори по дентална медицина со 12 семестри (360 кредити),

3.Тригодишни додипломски студии за стручни забни техничари со 6 семестри (180 кредити);

4.Тригодишни додипломски студии за стручни стоматолошки сестри/ орални хигиенолози со 6 семестри (180 кредити); (учебната 2015/2016 се запишаа првата генерација студенти);

#### 2.2.4.2. II циклус на студии- магистерски студии во траење од 2 семестри (60 кредити);

Оваа студиска програма е во фаза на повторна акредитација со предлог да трае 3 семестри (90 кредити). Наставно-научниот совет на Факултетот донесе одлуки за усвојување на уште 2 програми од втор циклус и тоа: студиска програма од втор циклус на специјалистички студии за доктори по дентална медицина со траење од 2 семестри (60кредити) и студиска

програма од втор циклус стручни студии за стручни забни техничари со траење од 2 семестри (60 кредити). Овие програми се сеуште во фаза на акредитација пред Одборот за акредитација и на нив првите студенти ќе можат да се запишат во учебната 1920/1921 година.

#### 2.2.4.3 III циклус - докторски студии по стоматологија во траење од 6 семестри (180 кредити)

#### 2.2.4.4 Специјализации

Специјалистички студии од одредени специјалности на стоматологијата во времетраење од 3 до 6 години

### 2.2.5 Други видови на континуирано образование

Стоматолошкиот факултет Скопје врши континуирана стоматолошка едукација, како можност за перманентно и континуирано образование, постојаното усовршување и надоградување на веќе стекнатите знаења што за вршителите на стоматолошката здравствена дејност е облигација согласно одредбите на Законот за здравствена заштита. Континуираната едукација се реализира преку спроведување на најразлични форми: семинари, конгреси, симпозиуми, работилници и сл. кои во зависност од критериуми формулирани од Стоматолошката комора на Република Македонија се вреднуваат и бодуваат различно. Бодовите се неопходно потребни за секој оној кој се бави со стоматолошка здравствена дејност заради исполнување на услови за обновување на лиценца на секои 7 години.

За организирање на континуирана едукација на Стоматолошкиот факултет – Скопје се назначува одговорно лице кое ги координира сите неопходно потребни работи за нејзино спроведување од стручен и технички аспект. Факултетот во периодот на евалуација организираше по еден семинар годишно како форма на контунуирано усовршување наменети за сите заинтересирани лица кои вршат стоматолошка дејност. Преку организирање на најразлични форми на континуирана едукација Факултетот стапува во контакт и остварува соработка со странски Универзитети во реализација на предвидените едукативни активности.

## 2.3. Мисија и цели на Стоматолошкиот факултет

### 2.3.1. Мисија

Стоматолошкиот факултет во Скопје е академска институција, единица на УКИМ која има важна мисија во спроведувањето и развојот на високообразовната, научноистражувачката и апликативната високостручна-здравствена дејност од областа на стоматолошката наука и практика.

Оваа мисија ја спроведува преку квалитетно и континуирано образование на стручњаци од сите полиња на стоматолошките науки, кои ќе промовираат современа здравственапревенција и терапија преку практикување на стоматологија и медицина базирана врз докази.

Оспособување на идниот кадар со следниве квалитети и вештини:

- познавање на базичната и клиничката наука и развивање способностза решавање проблеми што е предуслов за изведување на соодветназдравствена дејност.
- комуникациски способности и вештини потребни за градење на адекватен односсо идните пациенти и колегите - здравствени работници;
- капацитет за критичка анализа на стручната литература
- посветеност кон континуирана едукација и продлабочување на знаењето преку развивање на способности за самостојно / индивидуално учење;
- професионални и стручни квалитети,како: интегритет, емпатија, темелност, одговорност и посветеност кон професијата, но и позитивниот натпреварувачки дух, се со цел да се создадат академски граѓани кои што ќе развијат успешна кариера;
- Стекнување на високи етички стандарди и развивање на знаења и вештини задобросостојба на опшеството.

Мисијата на Факултетот е:

- преку иновативност, надградба во наставата и начно истражувачката работа, како и воведување на современи пристапи во третманот на оралните заболувања да подготвува генерации на доктори по дентална медицина, стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози, стручни забни техничари, но и научници, едукатори и лидери во професијата, да се профилираат кадри кои се високо стручни и можат да одговорат на зголемените барања на пазарот на труд,
- да обезбедува подготовка на студентите за постојана надградба на професионално и едукативно усовршување, понатамошна едукација преку вториот и третиот циклус на студии, здравствените специјализации, како и сите облици на континуирано научно и стручно образование,
- да организира и развива наставна, научна и истражувачка дејност, да создава наставен и научен подмладок да изведува научни истражувања во национални и меѓународни проекти кои ќе ја унапредат науката, ќе бидат применети во наставниот процес и конечно да го зголемат и осовременат нивото на здравствена грижа на населението за оралното здравје,
- да создава мотивирачка и инспиративна средина за студентите, со промоција на научните и хумани аспекти на стоматолошката пракса,
- да промовира сеопфатна грижа која се фокусира на превенција на оралните заболувања до нивно лекување,
- да издава учебници, учебни помагала, публикации, научни и стручни книги, научни списанија и сл. за студентите на сите три циклуси на образование, специјализантите,

наставен и соработнички кадар и сите останати кои професионално вршат стоматолошка дејност,
- да воспоставува партнерства и мрежи на локално, национално и меѓународно ниво со Универзитети, Факултети, претпријатија од приватниот и јавен сектор кои вршат иста или сродна дејност за да се преточат научните знаења во секојдневната пракса, односно да се унапреди наставната и научната дејност на дисциплините кои се изучуваат и да се зацврсти и развие реномето на интернационално призната високообразовна установа.

### 2.3.2. Цели

- да се развиваме и понатаму како водечка високообразовна и научно-истражувачка установа од доменот на здравството во Република Македонијаниз подобрување на квалитетот и креативноста на наставните програми,праксата и континуираната стручна едукација.
- да оствариме континуирана надворешна соработка со високо-образовни научно-истражувачки институции од земјата и од странство
- да влеземе во редот на престижните и препознатливи стоматолошки факултети во светот кои оспособуваат висококвалитетен и стручен профил на професионалци.

## 2.4.Стратегија за остварување на мисијата

Стоматолошкиот факултет, како единка во рамките на УКИМ, во својата богата петиполдецениска традиција има цел да ја задржи и зајакне лидерската позиција во обласга на стоматологијата. Предвидените стратегиски постапки се:

1. Понатамошно усогласување на студиските програми соодветно на Европскиоткредит трансфер систем и воспоставување квалитет на работата во согласност соевропските нормативи и стандарди;
2. Подобрување на квалитетот на високообразовната дејност (теоретскитепредавања и практичните вежби) преку: примена на современи нагледни наставни средства, формирање студентска библиотека; воведување на целосна електронска евиденција за студентите, претплата на повеќе светски часописи од областа на стоматологијата)
3. Зајакнување на сите свои основни дејности (високообразовна, научно-истражувачка и здравствена дејност);
4. Охрабрување и ангажирање во мобилноста на студентите, наставниот и стручниот кадар;
5. Стимулирање на ефикасен трансфер на знаење и професионална стручност одакадемската средина кон базата;
6. Зајакнување на атрактивноста на професионалните и научните степени сопромоција на нови можности во кариерата;
7. Организирање и реализирање на високостручна апликативна дејност запошироката општествена заедница;
8. Учество во планирањето, утврдувањето и развојот на вкупниот образовенсистем;
9. Пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата идостигнувањата со мултидисциплинарен карактер во сите подрачја во кои сеобразуваат студентите на прviот, вториот и третиот циклус студии на факултетот.
10. Воведување на ИСО стандардиза докажување на постоење интерни процедури кои гарантираат квалитет во деловното работење и комуникација.

### 2.5 Студиски и предметни програми

Секоја студиска програма која се спроведува на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј,, Стоматолошки факултет – Скопје од прв, втор и трет циклус на студии ќе биде опфатена со самоевауација во посебни прилози кои се состават дел на вкупниот Извештај за самоевалуација.

Во следниов дел од самоевалуацијата ќе следат описи на сите студиски програми кои се организирани и се спроведуваат на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј,, Стоматолошки факултет – Скопје по следнава содржина

Содржина

1. Опис на студиска програма
2. Година на започнување
3. Цели на студиската програма
4. Број на семестри
5. Број на предмети по семестри
6. Број на часови по задолжителни и изборни предмети
7. Број и структура на запишани студенти од 2016 до 2019 година по однос на предвидените квоти
8. Оценување
9. Критериуми за оценување
10. Анализа на силни и слаби страни на студиската програма-SWOT анализа

#### 2.5.1 Додипломски интегрирани студии од I и II циклус по дентална медицина

**1. Опис на студиската програма**

Поради потребата од усогласување со изменетите прописи од областа на образованието, кои што во чекор го следат процесот на адаптирање кон препораките и барањата на Болоњската декларација и другите прописи на ЕУ со цел создавање на единствен Европски образовен простор, како и потребата за реакредитација на постоечката студиска програма за дентална медицина, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј,, во Скопје на својата вонредна седница, одржана на ден 6.3.2015 година, донесе Одлука за измени и дополнување на студиската програма од прв циклус студии по дентална медицина.

**2. Година на започнување**

Наставата за доктори по дентална медицина моментално се одвива според акредитацијата добиена во 2015 година, кога беа предложени измени и дополнувања на студиска програмаво насока на усогласување со Законот за високото образование (Сл. весник бр. 35/2008 и 103/2008) и имплементација на препораките од Болоњската декларација.Измените главно се однесуваа на прилагодување на распоредот на предметите ибројот на часови и кредити во семестрите, како и промени во листата на изборните предмети. Студиската програма беше акредитирана од Одборот за акредитација наР.М со решение бр.110/2 од 6.05.2016

**3. Цели на студиска програма**

Целта на воведување на студиската програма за интегрирани студии по дентална медицина е осовременување на старата програма, воведување на шест годишни студии со 12

семестри и 360 кредити. Воведување на нови актуелни задолжителни и изборни предмети, воведување на повеќе часови практична работа особено работа со пациенти во шестата година на студиите. Со оваа програма воведуваме завршен усмен испит кај повеќето клинички испити и семинари за интерактивна настава во помали групи. Оправданоста за воведување на новата програма на интегрирани студии по Дентална медицина е прилагодување и изедначување со студиските програми по дентална медицина во универзитетите на соседните земји но и најголем број на земјите од Европската унија каде студиите по дентална медицина се шест години 12 семестри и 360 кредити. Студентите кои ќе ја завршат оваа програма ќе се стекнат со диплома препознатлива во земјите од Европската унија.

## 4. Број на семестри

Студиите за доктори по дентална медицина се интегрирани студии од прв и втор циклус по дентална медицина, шестогодишни студии со 12 семестри. Во секој семестар се стекнуваат по 30 кредити или вкупно 360 кредити. Со завршување на студиската програма, по положување на предметните програми, студентот се стекнува со стручен назив дипломиран доктор по дентална медицина (ДДМ). Со завршување на студиите, докторите по дентална медицина ќе се оформат во здравствени работници со стручност, која ќе им овозможи :

- преземање на неопходни превентивни мерки коишто имаат за цел спречување на појавата на орални заболувања и примена на тие мерки во секојдневната стоматолошка практика и пошироко во општествената заедница;
- дијагностицирање и реставрирање на кариозните дефекти на тврдите забни ткива, како и примена на ендодонтски интервенции на заболената и патолошки променетата забна пулпа на млечните и трајните заби;
- дијагностицирање на дентофацијалните аномалии кај младата популација и укажување за потребата од преземање на натамошен специјалистички третман;
- спроведување на потребен протетички третман со којшто се надоместуваат делумно или целосно изгубените забните низи преку воспоставување на правилна оклузија, неопходно потребна за уредно извршување на функциите на џвакалниот систем;
- анестезирање на одредени регии на стоматогнатниот систем и третман на орофацијалната болка;
- изведување на оралнохируршки интервенции на тврдите ткива (екстракција на заби) и едноставни хируршки интервенции на меките ткива;
- дијагностицирање и конзервативен третман на пародонталните заболувања;
- дијагностицирање и третман на заболувањата на оралната мукоза, како и рана детекција на премалигните лезии во усната празнина;
- третман на итни медицински и дентални состојби, коишто може да се случат во секојдневната практика;
- почитување на приватноста на пациентот и чување на професионалната тајна;
- почитување на медицинско етичките норми во работата со пациентите;
- соработување со други здравствени работници, со одредени специјалисти и субспецијалисти од разни области на стоматологијата и медицината и подготвеност за тимска работа;
- поседување желба за натамошна континуирана стоматолошка едукација;
- познавање на структурата, организацијата и финансирањето на здравствениот, а особено на забоздраствениот систем;

Академските студии по дентална медицина, I циклус на студии ќе се се реализираат во текот на шестгодишен курикулу , односно 12 семестри.

Наставата по сите предметни програми ќе се изведува преку теоретска, практична настава, семинари и клиничка пракса. Студиската програма е конципирана во согласност со

европскиот систем на пренесување на бодови. Студиската програма дава можност за продолжување на образованието во трет циклус докторски студии и специјализации од областа на стоматологијата согласно Законот за здравствена заштита и понатамошна континуирана едукација во различни области на стоматологијата и медицината.

## 5. Број на предмети по семестри и 6. Број на часови по задолжителни и изборни предмети

Се состојат од наставна програма која содржи 78 задолжителни предмети и минимум 6 изборни предмети од листа на 15 понудени. Наставата се изведува низ повеќе активности (интерактивни предавања, лабораториски вежби, индивидуални проекти, претклинички вежби, клинички вежби со пациенти и студентска пракса).Студиската програма за доктори по стоматологија е со 4985 вкупен фонд на часови, од кои теоретската настава е застапена со 1725 часа, односно 34,60%, практичната настава со 2610 часа или 52,36% и семинари застапени со 650 часа, односно 13,03 % распоредени во 12 семестри, односно во 6 години. Соодносот натеоретската со практичната настава е 1 : 0,91.Тенденција на факултетот е соодносот натеоретската со практичната настава да биде во прилог на праксата особено на стручните предмети. Студиската програма може да се најде на www.stomfak.ukim.edu.mk-студиски програми.

**Табела 1.** Број на семестри, број на задолжителни и изборни предмети, број на часови и вкупен број на кредити според курикулумот за студиите по дентална медицина

| семестри | Задолжи-телни предмети | изборни предмети | вкупно часови | теоретски часови | практична настава | Семинари | Теорија : пракса | Вкупно кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12 | 78 | 15 | 4335 | 1725 | 2610 | 650 | 1:0,91 | 360 |

**Табела 2.** Број на предмети, часови од теоретска и практична настава и кредитиза сите семестри од курикулумот

| Семестар | број на предмети | Вкупен број на часови | Теоретска настава | Практична настава | Семинари | Број на кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| први | 7 | 410 | 180 | 150 | 80 | 30 |
| втори | 6+1* | 420 | 165 | 195 | 60 | 30 |
| трети | 6+1* | 410 | 180 | 150 | 80 | 30 |
| четврти | 7 | 420 | 180 | 180 | 60 | 30 |
| петти | 7 | 425 | 150 | 225 | 50 | 30 |
| шести | 7+1* | 385 | 135 | 180 | 70 | 30 |
| седми | 7+1* | 400 | 150 | 210 | 40 | 30 |
| осми | 6 | 410 | 135 | 195 | 80 | 30 |
| девети | 6 | 375 | 120 | 225 | 30 | 30 |
| десети | 7+2* | 430 | 150 | 240 | 40 | 30 |
| единаести | 7 | 430 | 135 | 255 | 40 | 30 |
| дванаести | 5 | 470 | 45 | 405 | 20 | 30 |
| Вкупно | 78+6* | 4985 | 1725 | 2610 | 650 | 360 |

* означува изборен предмет

При дизајнирањето на оваа студиска програма иако секогаш се трудиме да бидеме во чекор со програмата на најпознатите светски универзитетски центри, сепак во најголем дел земени беа во предвид искуствата на останатите универзитети од соседни земји (Загребскиот, Белградскиот и Љубљанскиот факултет) каде се и зведуваат студии по стоматологија. Овие искуства беа земени во предвид поради претходните искуства за меѓусебно усклaденост на програмите, но и сличните можности (материјални, просторни и организациони). Нашата намера беше овозможување на полесно признавање на дипломата и поширока мобилност на студентите/ професорите, но сепак иако има компатибилност со нивната програма, сепак нашата не е идентична со ниту една од нив.

Студиската програма и предметните содржини кои се изучуваат во основа се соодветни на звањето кое се стекнува со завршувањето на студиите доктор по дентална медицина. Бројот на контакт часови се движи до 30 часа неделно, а се состои од предавања (теоретска настава), претклинички и клинички вежби (практична настава), консултации, колоквиуми, тестирања, интерактивна настава, семинарска работа и испити.

Број и структура на запишани студенти од 2016 до 2019 година по однос на предвидените квоти

Студенти на прв и втор циклус на интегрирани студии (шестгодишни)

**Табела 3.** Број на студенти на студиска програма – доктор по дентална медицина

| **Број на запишани студенти** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Академска година** | I година | IIгодина | IIIгодина | | | вкупно |
| **2016/2017** | 77 | 78 | 42 | | | **197** |
| **2017/2018** | 84 | 60 | / | | | **144** |
| **2018/2019** | 82 | / | / | | | **82** |
| **вкупно** | **243** | **138** | **42** | | | **423** |
| **просек** | **57,45%** | **32,62%** | **9,92%** | | | **100%** |

## 8. Оценување

## 9. Критериуми за оценување

Шемата на оценување се состои од пет степени со нумерички еквиваленти: 10 (одличен),9 (многу добар), 8 (добар), 7 (задоволително),6 (доволно) и 5 (недоволно). Минимална оценка за положување е 6 (доволно), при што нема средни оценки. За стекнување на кредити за секоја предметна програма студентите се стекнуваат со бодови преку проверките на знаењата и вештините.

Проверката, согласно со студиските програми и Болоњските правила, се организира на повеќе нивоа: во текот на семестарот со континуирани проверки и преку изработка на семинарски трудови, а во испитните сесии со полагање на завршни испити.

Континуираните проверки се одвиваат во точно предвидени (и објавени) термини за две колоквиумски недели во секој семестар. Термините за одржување на испитите во секој испитен рок се закажуваат на почетокот на семестарот и се објавуваат на огласна табла. Овој распоред е во согласност со Универзитетскиот календар кој ги содржи рамковните одредби за почетокот и крајот на студиската година, термините за одржување на наставата, испитните сесии како и државните и универзитетските празници. Распоредите за настава, колоквиумски недели и распоредот за испити се објавува на веб страната на Факултетот.

Проверките се одвиваат најчесто во вид на писмени тестови или усмени проверки (во зависност од природата на наставната содржина). Завршните испити се спроведуваат во три испитни сесии: зимска (февруарска), пролетна (јунска) и есенска (септемвриска). Во рамките на секоја сесија студентот избира еден од двата понудени испитни рока за секој предмет.

Начинот на изведување на завршниот испит е специфичен за секој предмет и обврзно се состои од проверка на вештините (преку практичен дел) и проверка на знаењата (преку усмен или писмен испит), а веќе е прифатена иницијативата усмениот испит да стане задолжителен дел од полагањето.

Во текот на студирањето потребниот број кредити за соодветната предметна програма, студентот ги остварува преку континуирано и завршно оценување. Преку континуираното оценување студентот стекнува бодови за секоја активност пропишана со соодветната програма. Предмет на оценување во рамките на предметната програма може да биде: посета на предавања; извршени консултации; успешно реализирани вежби; успешно реализирана практична работа; изработка на семинарска работа; самостојна/домашна работа; освоени награди, пофалници и други студентски активности. Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки којашто ја пропишува секоја наставна програма различно, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги континуираните проверки на знаењето (колоквиуми) и бодовите од секој дел од завршниот или комплетно завршниот испит.

Во еден семестар, по еден наставен предмет, може да постои еден или два колковиуми. Континуираните проверки на знаењето (колоквиумите) се вршат писмено, по пат на тестови, кои содржат различни комбинации од повеќе типови прашања: со повеќекратен избор на понудени одговори, отворен тип прашања (за дополнување) и куси есеи.

Предметната програма може да пропише полагање на завршен или комплетен завршен испит. Завршен или комплетен завршен испит се полага во определените испитни сесии по завршување на наставата во зимскиот, односно летниот семестар. Завршниот испит за соодветната програма е писмен, усмен или практичен, односно може да претставува нивна комбинација.

**SWOT анализа на студиите од прв циклус**

| **Strengths: јаки страни** | **Weaknesses: слаби страни** |
|---|---|
| - следење на новите европски регулативи и стандарди и нивни имплементирање во содржините на студиските програми;<br>- компетентен и стручен наставен кадар;<br>- просторни можности за обавување на теоретската настава;<br>- голем фонд предвидени часови за клиничка практична настава;<br>- перманентна проверка на знаењата преку колоквиуми и следење на нивниот напредок;<br>- учебници и учебни помагала за поголемиот број предмети напишани од кадарот на факултетот, како и преводи на странска литература;<br>- соодветна оптовареност по семестри и години и содветна распределба на теоретската и практична настава. | - во време на колоквиумските недели преголема збиеност на термините за контунуирана проверка на знаењата;<br>-премало користење на можностите за комјутерско полагање на колоквиумите и испитите,<br>-немање на современи апарати и помагала, кои се во многу мал број и се недоволни за совладување на некои од вештините;<br>- преголема застареност на опремата за практичните вежби.<br>-нерешен проблем за партиципација на пациентите при давање на стоматолошки услуги за време не практичната настава, поради што е се поммал бројот на пациенти, а со тоа паѓа и квалитетот на практичната настава<br>-слаби можности за вклуќување во научно истражувачка работа поради недостиг на материјални средства и опремени современи лаборатории<br>-немање можност за усовршување на наставниот кадар поради неиздвојување на средства за континуирана посета на стручни и научни симпозиуми и семинари во референтни центри во Европа. |
| **Opportunities: Можности** | **Threats: Закани** |
| - организирање на континуирана педагошка едукација на наставниот кадар заради усогласено воведување и спроведување на различни облици на наставни активности и воведување на новини во преносот на знаења;<br>-вложување напори за осовременување на средствата и ставање во функција на опремата за настава;<br>- континуиран напор за обезбедување пациенти кои би дале согласност да бидат третирани од студенти на практични вежби со бесплатна или ефтина здравствена услуга;<br>- мобилност на студентите на други високообразовни институции во странство;<br>- стимулирање на научноистражувачката работа на студентите,<br>-форсирање на усмените испити за стекнување пореална претстава за знаењето на студентите, | - поради недоволно финансиски средства намалување на квалитетот на практичната настава што резултира со намалување на вештините за самостојно вршење на стоматолошка дејност.<br>--постоење на голем број државни и приватни стоматолошки факултети кои продуцираат голем број стоматолошки кадар за кои нема соодветно вработување (презаситеност на пазарот) |

### 2.5.2. Додипломски студии за доктори по дентална медицина (5-годишни)

#### 1. Опис на студиската програма

Наставата за доктори по дентална медицина од четврта и петта година моментално се одвива според акредитацијата добиена во 2010 година, кога беа предложени измени и дополнувања на студиска програмаво насока на усогласување со Законот за високото образование (Сл. весник бр. 35/2008 и 103/2008) и имплементација на препораките од Болоњската декларација.Измените главно се однесуваа на прилагодување на распоредот на предметите ибројот на часови и кредити во семестрите, како и промени во листата на изборните предмети. Студиската програма беше акредитирана од Одборот за акредитација наР.М со решение бр.110/2 од 15.01.2010.

#### 2. Година на започнување

Наставата за доктори по дентална медицина од четврта и петта година се одвива според акредитацијата добиена во 2010 година, кога беа предложени измени и дополнувања на студиска програмаво насока на усогласување со Законот за високото образование.

#### 3. Цели на студиска програма

Целта на воведувањето на 5-годишната студиска програма по дентална медицина во 2010 година, била осовременување на старата програма, воведување на нови актуелни задолжителни и изборни предмети и овозможување на повеќе часови практична работа.

Со оваа програма се вовела интерактивна настава во помали групи и завршен усмен испит кај повеќето клинички испити. Студиската програма била конципирана во согласност со европскиот систем на пренесување на бодови. Студиската програма дава можност за продолжување на образованието во втор циклус магистерски студии и специјализации од областа на стоматологијата согласно Законот за здравствена заштита и понатамошна континуирана едукација во различни области на стоматологијата и медицината.

Целта била студентите кои ќе ја завршат оваа програма да се стекнат со диплома препознатлива во земјите од Европската унија.

Со завршување на студиската програма, по положување на предметните програми, студентот се стекнува со стручен назив дипломиран доктор по дентална медицина (ДДМ). Студиската програма и предметните содржини кои се изучуваат во основа се соодветни на звањето кое се стекнува со завршувањето на студиите доктор по дентална медицина. Бројот на контакт часови се движи до 30 часа неделно, а се состои од предавања (теоретска настава), претклинички и клинички вежби (практична настава), консултации, колоквиуми, тестирања, интерактивна настава, семинарска работа и испити.

Со завршување на студиите, докторите по дентална медицина ќе се оформат во здравствени работници со стручност, која ќе им овозможи:

- преземање на неопходни превентивни мерки коишто имаат за цел спречување на појавата на орални заболувања и примена на тие мерки во секојдневната стоматолошка практика и пошироко во општествената заедница;
- дијагностицирање и реставрирање на кариозните дефекти на тврдите забни ткива, како и примена на ендодонтски интервенции на заболената и патолошки променетата забна пулпа на млечните и трајните заби;

- дијагностицирање на дентофацијалните аномалии кај младата популација и укажување за потребата од преземање на натамошен специјалистички третман;
- спроведување на потребен протетички третман со којшто се надоместуваат делумно или целосно изгубените забните низи преку воспоставување на правилна оклузија, неопходно потребна за уредно извршување на функциите на џвакалниот систем;
- анестезирање на одредени регии на стоматогнатниот систем и третман на орофацијалната болка;
- изведување на оралнохируршки интервенции на тврдите ткива (екстракција на заби) и едноставни хируршки интервенции на меките ткива;
- дијагностицирање и конзервативен третман на пародонталните заболувања;
- дијагностицирање и третман на заболувањата на оралната мукоза, како и рана детекција на премалигните лезии во усната празнина;
- третман на итни медицински и дентални состојби, коишто може да се случат во секојдневната практика;
- почитување на приватноста на пациентот и чување на професионалната тајна;
- почитување на медицинско етичките норми во работата со пациентите;
- соработување со други здравствени работници, со одредени специјалисти и субспецијалисти од разни области на стоматологијата и медицината и подготвеност за тимска работа;
- поседување желба за натамошна континуирана стоматолошка едукација;
- познавање на структурата, организацијата и финансирањето на здравствениот, а особено на забоздраствениот систем;

4. **Број на семестри;**

5. **Број на предмети по семестри;**

6. **Број на часови по задолжителни и изборни предмети;**

7. **Број и структура на запишани студенти од 2016 до 2019 година по однос на предвидените квоти**

Студиите со времетраење од 5 години за доктори по дентална медицина се состојат од 10 семестри. Во секој семестар студентите се стекнуваат со 30 кредити или вкупно 300 кредити.

Студиите се состојат од наставна програма која содржи 65 задолжителни предмети и минимум 7 изборни предмети од листа на 16 понудени. Наставата се изведува низ повеќе активности (интерактивни предавања, лабораториски вежби, индивидуални проекти, претклинички и клинички вежби во контакт со пациенти и студентска пракса).

Студиската програма за доктори по дентална медицина е со 3965 вкупен фонд на часови, од кои теоретската настава е застапена со 1.770 часа, односно 47%, а практичната настава со 2.195 часа или 53 % распоредени во 10 семестри, односно во 5 години. Соодносот натеоретската со практичната настава е 1 : 1,24.

Тенденција на факултетот е соодносот натеоретската со практичната настава да биде во прилог на праксата особено на стручните предмети. Практичната настава по стручните предмети, според програмата е доволна за студентите да се оспособат за обавување на својата одбрана професија, уште повеќе што по завршувањето на студиите задолжително е стажирање во времетраење од една година. Практичната настава се одвива паралелно и во согласност со

теоретската настава (по точно утврдени целини и проблематика, за да овозможи постепено практично усвојување на материјалот и стекнување на соодветни вештини.

Студиската програма може да се најде на www.stomfak.ukim.edu.mk - студиски програми.

**Табела 1.** Број на семестри, број на задолжителни и изборни предмети, број на часови и вкупен број на кредити според курикулумот за 5-годишните студии по дентална медицина

| семестри | Задолжи-телни предмети | изборни предмети | вкупно часови | теоретски часови | практична настава | Теорија : пракса | Вкупно кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | 65 | 16 | 3965 | 1770 | 2195 | 1:1,24 | 300 |

**Табела 2.** Број на предмети, часови од теоретска и практична настава и кредити за сите семестри од курикулумот, за 5-годишните студии по дентална медицина

| Семестар | број на предмети | Вкупен број на часови | Теоретска настава | Практична настава | Број на кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| први | 6 | 375 | 210 | 165 | 30 |
| втори | 5 | 345 | 180 | 165 | 30 |
| трети | 6 | 355 | 230 | 125 | 30 |
| четврти | 7 | 390 | 225 | 165 | 30 |
| петти | 8 | 390 | 195 | 195 | 30 |
| шести | 7+10* | 300 | 120 | 180 | 30 |
| седми | 7 | 385 | 175 | 210 | 30 |
| осми | 6 | 480 | 180 | 300 | 30 |
| девети | 7 | 525 | 150 | 375 | 30 |
| десети | 6+6* | 420 | 105 | 315 | 30 |
| Вкупно | 74 | 3965 | 1770 | 2195 | 300 |

* означува изборен предмет

**Табела 3.** Број на студенти на студиска програма – ДДМ (5-годишни студии)

| | Број на запишани студенти | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Академска година | | | | IV год | V год | вкупно |
| 2016/17 | | | | 45 | 42 | 87 |
| 2017/18 | | | | 54 | 100 | 154 |
| 2018/19 | | | | 47 | 36 | 83 |
| Вкупно | | | | 146 | 178 | 324 |

**8. Оценување**

**9. Критериуми за оценување**

Шемата на оценување се состои од пет степени со нумерички еквиваленти: 10 (одличен), 9 (многу добар), 8 (добар), 7 (задоволително), 6 (доволно) и 5 (недоволно). Минимална оценка за положување е 6 (доволно), при што нема средни оценки. За стекнување на кредити за секоја предметна програма студентите се стекнуваат со бодови преку проверките на знаењата и

вештините. Проверката, согласно со студиските програми и Болоњските правила, се организира на повеќе нивоа: во текот на семестарот со континуирани проверки и преку изработка на семинарски трудови, а во испитните сесии со полагање на завршни испити.

Континуираните проверки се одвиваат во точно предвидени (и објавени) термини за две колоквиумски недели во секој семестар. Термините за одржување на испитите во секој испитен рок се закажуваат на почетокот на семестарот и се објавуваат на огласна табла. Овој распоред е во согласност со Универзитетскиот календар кој ги содржи рамковните одредби за почетокот и крајот на студиската година, термините за одржување на наставата, испитните сесии како и државните и универзитетските празници. Распоредите за настава, колоквиумски недели и распоредот за испити се објавува на веб страната на Факултетот.

Проверките се одвиваат најчесто во вид на писмени тестови или усмени проверки (во зависност од природата на наставната содржина). Завршните испити се спроведуваат во три испитни сесии: зимска (јануарско/февруарска), пролетна (мајска/јунска) и есенска (августовска/септемвриска). Завршниот испит за соодветната програма е писмен, усмен или практичен, односно може да претставува нивна комбинација.

Во рамките на секоја сесија студентот избира еден од двата понудени испитни рока за секој предмет.

Начинот на изведување на завршниот испит е специфичен за секој предмет и обврзно се состои од проверка на вештините (преку практичен дел) и проверка на знаењата (преку усмен или писмен испит), а веќе е прифатена иницијативата усмениот испит да стане задолжителен дел од полагањето.

Во текот на студирањето потребниот број кредити за соодветната предметна програма, студентот ги остварува преку континуирано и завршно оценување. Преку континуираното оценување студентот стекнува бодови за секоја активност пропишана со соодветната програма. Предмет на оценување во рамките на предметната програма се: посета на предавања; извршени консултации; успешно реализирани вежби; успешно реализирана практична работа; изработка на семинарска работа; самостојна/домашна работа; освоени награди, пофалници и други студентски активности. Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки којашто ја пропишува секоја наставна програма различно, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги континуираните проверки на знаењето (колоквиуми) и бодовите од секој дел од завршниот или комплетно завршниот испит.

Во еден семестар, по еден наставен предмет, може да постои еден или два колковиуми, зависно од бројот на теоретски часови. Континуираните проверки на знаењето (колоквиумите) се вршат писмено, по пат на тестови, кои содржат различни комбинации од повеќе типови прашања: со повеќекратен избор на понудени одговори, отворен тип прашања (за дополнување) и куси есеи.

**SWOT анализа на 5-годишните студии за доктори по дентална медицина**

| **Strengths: јаки страни** | **Weaknesses: слаби страни** |
|---|---|
| - следење на новите европски регулативи и стандарди и напори за нивно имплементирање во содржините на студиските програми;<br>- компетентен и стручен наставен кадар;<br>- просторни можности за обавување на | - во време на колоквиумските недели преголема збиеност на термините за контунуирана проверка на знаењата;<br><br>- премало користење на можностите за комјутерско полагање на колоквиумите и |

| | |
|---|---|
| теоретската настава;<br>- голем фонд предвидени часови за клиничка практична настава;<br>- перманентна проверка на знаењата преку колоквиуми и следење на нивниот напредок;<br>- учебници и учебни помагала за поголемиот број предмети напишани од кадарот на факултетот, како и преводи на странска литература;<br>- соодветна оптовареност по семестри и години и содветна распределба на теоретската и практична настава; | испитите,<br>- немање на современи апарати и помагала, кои се во многу мал број и се недоволни за совладување на некои од вештините;<br>-недоволно пациенти согласни да бидат третирани од студенти на практични вежби;<br>- преголема застареност на опремата за практичните вежби;<br>-недоволна количина на стоматолошки материјали за непречено обавување на практичната настава;<br>- поради недоволно финансиски средства намалување на квалитетот на практичната настава што резултира со намалување на вештините за самостојно вршење на стоматолошка дејност.<br>Нерегулирана состојба со партиципација на пациентите кои ги работт студенти за време на практичната работа. |
| **Можности**<br>**-** превземање иницијатива за поделба на деловните односи помеѓу Факултетот и наставните бази и негово осамостујување автономно функционирање | **Закани**<br>-намалување на квалитетот на практичната работа поради недоволно средства за редовно сервисирање и обнова на стоматолошките работните единици,<br>-недоволно дефинирани односи помеѓу Факултетот и наставните бази,<br>-ниска школарина која е недоволна за надоместување на реалните трошоци за студирање по студент |

Комисија за евалуација на студиската програма за доктори по дентална медицина:

1. проф. д-р Анета Атанасовска Стојановска – претседател с.р.,

______________________________________

2. проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова с.р.,

______________________________________

3. проф. д-р Јадранка Бундевска с.р.,

______________________________________

4. доц. д-р Билјана Ципунова с.р.,

______________________________________

5. доц. д-р Василка Ренџова с.р.,

______________________________________

6. Раив Стругалија – студент с.р.,

______________________________________

7. Јелена Тасиќ – студент с.р.

______________________________________

### 2.5.3 Извештај за спроведена самоевалуација на студиската програма за стручни стоматолошки сестри - хигиенолози

#### 1. Опис на студиската програма

Унапредувањето на нивото на стоматолошка заштитаеимператив за чие остварување е неопходно комплексно и постојано подобрување и надградување на сите чинители во овој сегмент од здравствената заштита. Јасно е етаблиран трендот на современата стоматологија кој ги почитува препораките на СЗО-фокусот да биде превенцијата на оралните заболувања кои се најчести, пародонтопатијата и кариесот, како и на оралниот карционом и дентофацијалните трауми. Кога ќе се земе во предвид неопходноста во професионалниот тим на секоја стоматолошка ординација, во јавниот и приватниот сектор, да бидат вклучени сите профили на кадар кој е соодветно едуциран и перманентно се надградува, сосем јасна е потребата за профилирање, на стручна стоматолошка сестра која ќе одговори на овие барања.

Со додипломски студи кои се стручно диференцирани, се добива професионалец кој ефикасно може да ги користи современата опрема и новите материјали во стоматологијата, што е основа за практикување на стоматологијата на 21 век и уште повеќе, се овозможува создавање на високостручен тим кој ќе го унапреди нивото на стоматолошката практика. Овој профил на високостручни здравствени работници се подготвени за самостојно изведување на дел од превентивните интервенции во секојдневната практика.

Оваа студиска програма има елементи на компатибилност со студиските програми од европските универзитети, како и од земјите од нашето опкружување. Токму затоа таа овозможува лесно признавање на дипломата, но и мобилност на студентите во рамките на европското образовно подрачје.

Прва високообразовна институција во нашата држава на која се организираат студии за стручни стоматолошки сестри е Стоматолошкиот факултет во Скопје, УКИМ.

#### 2. Година на започнување на студиската програма

За прв пат на Стоматолошкиот факултет, студиска програма за стручноусовршување на стоматолошките сестри е воведена во учебната 2002/03година, со времетраење од 3 години.Ректорската управа на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје на 60-тата Седница одржана на 27.02.2002 година го прифати и усвои Проектот за организирање на додипломски студии за стручни стоматолошки сестри. Тој беше усвоен на 18-та седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет одржана на 09.05.2002 година. Оваа студиска програма до нејзината прва измена ја следеа вкупно 3 генерации студенти, кои по дипломирањето беа оспособени за самостојно извршувње на дел од превентивните интервенции во стоматолошката пракса.

За надминување на воочените недостатоци во студиската програма беше направено нејзино изменување во 2005 година. На 32-та седница одржана на 16.03.2005 година, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет го усвои Проектот за измени и дополнувања на студиската програма за стручни стоматолошки сестри. Ректорската управа на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, на 96-тата седница одржана на 29. 06.2005 год. даде согласност на Проектот за измена и дополнување на студиската програма додипломски студии за стручни стоматолошки сестри. Според изменетата студиска програма се запишаа вкупно 5 генерации почнувајќи од учебната 2005/06.

Новиот Закон за високото обрзование од 2008 година со којшто се пропишуваат нови задолжителни елементи и содржини, кои треба да ги содржат студиските програми, беше причина за нови измени и дополнување на студиската програма за стручни стоматолошки

сестри. Заради ова, на 6-та седница на ННС беше усвоен проектот за измени и дополнувања кој доби позитивно мислење од Ректорската управа на нејзината 135-та седница, одржана на 22.12.2009 година. Сенатот на УКИМ на 16-та седница, одржана на 29.12.2009 година донесе Одлука за усвојување на проектот за измени и дополнувања на студиската програма за стручни стоматолошки сестри.

Одборот за акредитација на високото образование на 24-та седница одржана на 15.01.2010 година донесе Решение за акредитација на проектот за измени и дополнувања на студиската програма за стручни стоматолошки сестри на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Првата генерација стручни стоматолошки сестри запишана според оваа студиска програма во учебната 2010/2011 год., наставата ја посетуваше во 6 семестри и вкупно 180 кредити.

Неминовното усогласување со најновите измени во Законот за високо образование на Република Македонија, но и потребата за реакредитација на постоечката студиска програма за стручни стоматолошки сестри, услови Наставно –научниот совет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на својата 15-та редовна седница одржана на ден 27.03.2014 година да донесе Одлука за измени и дополнување на студиската програма за прв циклус на студии за стручни стоматолошки сестри.

За таа цел на 21-та седница на Универзитетскиот сенат на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје одржана на 30.06.2014 година донесе одлука за усвојување на проектот за измени и дополнувања на студиската програма од прв циклус на студии за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

По добиеното Решение од одборот за акредитација и евалуација на високото образование на ден 23.12.2014 година за акредитација на студиската програма Стручни стоматолошки сестри-орални хигиенолози, Решение за почеток со работа на студиската програма, со кое се потврдува дека се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високо образование и Уредбите за нормативи и стандарди за основање на високообразовната установа и за вршење на високообразовна дејност беше донесено од Комисијата на ден 04.02.2015 година.

Според оваа изменета студиска програма првата генерација стручни стоматолошки сестри-орални хигиенолози се запиша во учебната 2015/2016 год., а потоа истата програма ја следеа уште три генерации на студенти.

### 3. Цели на студиската програма

Основна цел на оваа студиска програма е едуцирање на компетентен професионалец-дипломирана стручна стоматолошка сестра - орален хигиенолог, подготвен да ги следи и имплементира современите стручно научни достигнувања, да ги детектира научните проблеми, со критичка размисла и анализа на добиените резултати, да се изгради и постојано надградува во одговорна личност со усвоен систем на вредности кои се гаранција за успешна и високопрофесионална работа.

### 4. Број на семестри

Стручните студии по стоматологија за стоматолошки сестри-орални хигиенолози, I циклус на студиисе реализираат во текот на тригодишен курикулум (6 семестри) со вкупен број на 180 кредити. Наставата по сите предметни програми се изведува преку теоретска, практична настава, семинар и клиничка пракса. Студиската програма е конципирана во согласност со европскиот систем на пренесување на бодови.

## 5. Број на предмети по семестри

Структурираноста на студиската програма вклучува еднаков број на задолжителни предмети (3) во првите 5 семестри, додека во последниот семестар е предвиден уште еден задолжителен предмет или вкупно 4. Изборните предмети се истоветно застапени (2) и тоа во секој зимски семестар од понудените три изборни предмета од листата на слободни изборни предмети на факултетот, студентот бира 2 предмета, додека во летниот семестар од понудените три изборни предмети од листата на слободни изборни предмети на факултетот, студентот бира 1 предмет и уште еден изборен предмет од Универзитетската листа на слободни изборни предмети .

Секој семестар предвидува вкупно 30 ЕКТС , и тоа 24 од задолжителните предмети и 6 од изборните предмети.

**Табела бр.1** Вкупен број на задолжителни и изборни предмети по семестри во студиската програма и вкупен број на ЕКТС

| | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ** | | **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | |
|---|---|---|---|---|
| СЕМЕСТАР | БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ | ЕКТС КРЕДИТИ | БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ | ЕКТС КРЕДИТИ |
| **I** | 3 | 24 | 2 | 6 |
| **II** | 3 | 24 | 2 | 6 |
| **III** | 3 | 24 | 2 | 6 |
| **IV** | 3 | 24 | 2 | 6 |
| **V** | 3 | 24 | 2 | 6 |
| **VI** | 4 | 24 | 2 | 6 |

## 6. Број на часови по задолжителни и изборни предмети

Студиската програма за ССС -ОХ има задолжителни предмети со вкупен број на 1800 часа, од кои на теоретската настава припаѓаат 585 часа (32.5%), на вежби припаѓаат 240, (13.3%), во целиот наставно образовен циклус, семинари 270 часа (15.0%) и пракса 705 часа (39.2%).

Изборните предмети се застапени со вкупно 540 часа, по 45 часа од секој изборен предмет (во зависност од избраниот предмет 30 часа предавања и 15 вежби или семинари или 15 часа предавања и 30 вежби или семинари) или вкупно 90 часа секој семестар .

Во тек на трите студиски години, студентите доминантно следат теоретска настава и семинари на изборните предмети (465 часа), додека максималниот број на часови за вежби на истите е 75, а се предвидени во првите четири семестри.

**Табела бр.2** Вкупен број на часови на задолжителни и изборни предмети во студиската програма

| ТЕОРЕТСКА НАСТАВА | | ВЕЖБИ | | СЕМИНАРИ | | ПРАКСА | | ВКУПНО ЧАСОВИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр на часови | Процент % | Бр на часови | Процент % | Бр на часови | Процент % | Бр на часови | Процент % | |
| **585** | 32.5 | **240** | 13.3 | **270** | 15 | **705** | 39.2 | **1800** |
| 300-330* | 55.5-61.1 | 15-75* | 2.8-13.9 | 135-210* | 25-38.9 | / | | **450-615*<br>540** |

* во зависност од избраниот предмет 30 часа предавања и 15 вежби/семинари, 15 часа предавања и 30 вежби/семинари, 30 часа предавања и 30 вежби/семинари

Оваа студиска програма предвидува голем број на часови апликативна примена на теоретското знаење преку вежби и пракса(52.5%), што се забележува на табела бр.3.

**Табела бр.3** Број на теоретски и практични часови по семестри на задолжителни и изборни предмети во 6 -те семестри

| **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | | | **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сем.** | **Т** | **В** | **С** | **ПР.** | **ВКУПНО** | **Т** | **В** | **С** | **ВКУПНО** | **ЕКТС** |
| **I** | 135 | 75 | 30 | / | 240 | 30-45 | 15-45 | 0-30 | 45-120 | 30 |
| **II** | 120 | / | 150 | / | 270 | 30-45 | / | 45-60 | 75-105 | 30 |
| **III** | 75 | 30 | 90 | 150 | 345 | 60 | 0-15 | 15-30 | 75-105 | 30 |
| **IV** | 90 | 45 | / | 180 | 315 | 60 | 0-15 | 15-30 | 75-105 | 30 |
| **V** | 90 | 45 | / | 180 | 315 | 60 | / | 30 | 90 | 30 |
| **VI** | 75 | 45 | / | 195 | 315 | 60 | / | 30 | 90 | 30 |
| **ВКУПНО** | 585 | 240 | 270 | 705 | **1800** | 300-330* | 15-75* | 135-210* | **450-615*** | **180** |
| **%** | 32.5 | 13.3 | 15.0 | 39.2 | 100 | | | | | |

Легенда: т-теоретска; в-вежби; с-семинари; пр-пракса.

* во зависност од избраниот предмет 30 часа предавања и 15 вежби/семинари, 15 часа предавања и 30 вежби/семинари, 30 часа предавања и 30 вежби/семинари

## 7. Број и структура на запишани студенти од 2016/19 по однос на предвидените квоти

Анализата на бројот на запишани студенти посочува на опстојување на интересот за оваа студиска програма, како и на доминацијата на женскиот пол на запишани студенти.

**Табела бр.4** Број и структура на стручни стоматолошки сестри според начин на финансирање и пол во учебните 2016/17, 2017/18 и 2018/9 година

| Запишани по учебна година | Државна квота | Самофина-нсирање | Друг основ | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016/2017 | 15 | 10 | 1 | 22 | 4 | 26 |
| 2017/2018 | 9 | 6 | 1 | 11 | 5 | 16 |
| 2018/2019 | 10 | 2 | 1 | 10 | 3 | 13 |
| Вкупно | **34** | **18** | **3** | **43** | **12** | **55** |

Од табеларниот приказ бр.5, се воочува благиот тренд на опаѓање на запишаните студенти, во однос на 2016/17 година, но едновремено и малиот број на студенти кои преминуваат на други студиски програми на Стоматолошкиот факултет.

**Табела 5.** Број на студенти кои преминуваат на други студиски програми од студиската програма за стручни стоматолошки сестри-орални хигиенолози во генерациите 2015/2016, 2016/17, 2017/8, 2018/19

| Учебна година | Вкупно запишани во I година | Број на студенти кои преминале на други студиски програми | Прикажано во % | Вкупно останати студенти | Прикажано во % |
|---|---|---|---|---|---|
| 2015/2016 | 16 | 1 | 6.25 | 15 | 93.75 |
| 2016/2017 | 26 | 4 | 15.38 | 22 | 84.62 |
| 2017/2018 | 16 | 3 | 18.75 | 13 | 81.25 |
| **Вкупно** | **58** | **8** | **13.79** | **50** | **86.21** |
| 2018/2019* | 13 | / | | / | |

*Преминот на генерацијата 2018/2019 година не може да се проследи, затоа што оваа генерација има право на премин во септември учебна 2019/2020 година.

**Табела бр. 6** Број на дипломирани стручни стоматолошки сестри кои дипломирале од 2016/17 до 2018/19 година

| Учебна година | Бројна дипломирани стручни стоматолошки сестри орални хигиенолози |
|---|---|
| 2016/2017 | / |
| 2017/2018 | 5 |
| Вкупно | 5 |

Во учебната 2016/17 година нема дипломирано ниту една стручна стоматолошка сестра, додека во наредната година 5 студенти го дооформиле своето образование со дипломирање на студиската програма.

### 8. Оценување на студентите

Оценувањето на знаењето на студентите се спроведува во три испитни сесии (јануари, јуни и септември) и според однапред утврдени колоквиумски недели, согласно календарот на активности и неработни денови што ги утврдува ННС пред почетокот на секоја учебна година. Овој распоред е во согласност со Универзитетскиот календар кој ги содржи рамковните

одредби за почетокот и крајот на студиската година, термините за одржување на наставата, испитните сесии како и државните и универзитетските празници.

## 9. Критериуми за оценување

Освојувањето на кредитите во текот на студирањето, студентот го остварува преку континуирано и завршно оценување.

Секоја активност на студентот се оценува и тоа:

1. Редовности активност  на теоретска настава
2. Редовност и активност на практична настава,
3. Семинари, семинарски работи, проектни задачи(усмени/писмени)
4. Континуирана проверка преку колоквиуми

Во студиската програма се предвидени 2 теста (колоквиуми) и завршен испит со кои се прави континуирана проверка на знаењето на студентите.

Правото на завршен испит студентот го остварува со освојување на потребниот број бодови од континуираното оценување. Завршната оценка се формира според вкупно освоените бодови.

Студентите кои нема да ги освојат потребните бодови за пристапување на завршен испит, како и оние кои ќе се одлучат за полагање на испит, се оценуваат преку писмено полагање на испитот (70 бода) и завршен испит кој има еднаков број бодови како и при континуираното оценување-30.

**Табела бр.** 7  Критериум за оценување  на студентите

| Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | |
|---|---|---|
| | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | од 60 до  67 бода | 6 (шест) (E) |
| | од 68 до 75 бода | 7 (седум) (D) |
| | од 76 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | од 85 до  93 бода | 9 (девет) (B) |
| | од 94 до  100 бода | 10(десет) (A) |

Врз база на  освоените кредитни  бодови студентот добива завршна оцена изразена во бројка, од 5 до 10,  односно ЕКТС оценка F,E,D,C,B и  A.

По завршување на предвидените испити студентот изработува дипломска работа, која потоа јавно ја брани пред 3 члена комисија. Успешната одбрана на дипломската работа го означува целосното завршување на студската програма, а датата на одбрана се смета за ден на дипломирање на студентот.

Самоевалуацијата добиена од  оценувањето на студентите е позитивна.

**SWOT анализа на студиската програма**

| Strengths: јаки страни | Weaknesses: слаби страни |
|---|---|
| Наставата е конципирана доминантно да биде во форма на интерактивна настава, тестови, колоквиуми.<br>Опремена е современа компјутерска училница за компјутерско полагање на тестовите со што се намалува можноста за субјективност и непотизам.<br>Потребната литература за следење на наставата (учебници, учебни помагала), е достапна на македонски јазик речиси по сите предмети.<br>Целосно опремен во техничка смисла едукативен центар каде се изведува практичната настава на стручните стоматолошки сестри со сите неопходно потребни инструменти и материјали.<br>Можност за континуирано учење и следење на наставата по пат на тестови, семинари, проекти, како и интерактивна настава.<br>Постојано следење на напредувањето на студентот при теоретската и практична настава, при што директно се проверува неговата подготвеност за предвидените задачи.<br>Со јавната презентација на семинари и проекти , се развива критичката мисла кај студентите и се мотивираат за креативно размислување, при што ги надградуваат и вештините на комуникација и презентација.<br>Достапност на наставно научниот кадар на Стоматолошкиот факултет за што полесно совладување на предвидената материја, вон теоретските и практични часови, по пат на консултации со студентите.<br>Со стекнување на дипломата, како финален чин на заокружување на студирањето, се профилираат стручни стоматолошки кадри подготвени да се вклучат во здравствениот систем и да пружат квалитетна стоматолошка здравствена услуга на населението, во државниот и привтниот сектор. | 1.Постои простор за редизајнирање на студиската програма и евентуално преформатирање на предметните содржини, се со цел ефикасно сублимирање и намалување на теоретските делови.<br><br>2. Практичната настава во предвидениот обем многу тешко може да се реализира заради недоволниот број на пациенти кои се согласни нивниот тераписки зафат да биде изведен во рамки на вежбите.<br>3. Скапа опрема и сервисирање на апаратурата со која се изведуваат студентиските вежби.<br>4. Мала застапеност на практичните вежби кај изборните предмети.<br>5. За надминување на проблемот со недоволен број на пациенти кои се подготвени да имаат стоматолошка терапија во тек на студентските вежби, неопходно е да се изнајде начин и модел со кој ќе бидат стимулирани пациентите (помала цена на партиципацијата, покривање на трошоците од Министерство за труд и социјала за одредени категории на пациентии слично). Со вакви или слични бенефити бројот на пациенти значително ќе се зголеми и ќе биде надмината забелешката на студентите за малиот број на пациенти кои ги третираат во тек на вежбите и клиничката пракса. |
| Opportunities: Можности | Threats: Закани |
| Доусовршување и модифицирање на студиската додипломска програма со прилагодување по број и предметни содржини со сродните студиски програми од европскиот образовен систем. | Профилот стручна стоматолошка сестра не е регулиран со Законот за здравствена заштита што ја прави оваа студиска програма не атрактивна за студентите. |

| | |
|---|---|
| Преработка и редукција на изборните предметни програми со цел поголема застапеност на практичната настава.<br>Зголемување на износот на финансирање од страна на Министерството за образование со цел набавка на современи нагледни средства (фантоми, типодонти, модели и слично), како и забнотехнички апарати и материјали за изведување на практичните вежби. | |

Комисија за евалуација на студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози:

1. проф. д-р Снежана Пешевска – претседател с.р.,

   ________________________________

2. проф. д-р Јулијана Николовска с.р.,

   ________________________________

3. доц. д-р Цветанка Бајрактаррова Мишевска с.р.,

   ________________________________

4. Емилија Ѓуровска с.р.,

   ________________________________

5. Теа Коневска с.р.,

   ________________________________

### 2.5.4 Извештај од спроведената самоевалуација на студиската програма за стручни забни техничари СЗТ во период од 2016 до 2019 година

#### 1. Опис на студиска програма

Стоматолошкиот факултет во Скопје,како членна УКИМ е првата високо образовна институција во нашата државана која се организираат студии за стручни забни техничари, односно тоа е високо образовна установа која што се занимава со едуцирање на ваков профил на кадар.

Прекуорганизирањенаовиестудии се очекува да се задоволат потребите од стручни забни техничари како здравствени работници кои што своето професионално место ќе го најдат во јавниот и приватниот дентален сектор.

Студиската програма за додипломски тригодишни стручни студии за стручни забни техничари е составена според Директивата на ЕУ од 2005/2006 година (Directive 2005/36/EC од 07.09.2005) за автоматско признавање на дипломата, што значи дека треба да се состојат од најмалку 3 години студии или од 4600 часови теоретска настава и пракса, при што треба да ја вклучува наставната програма опишана во Анекс V, точка 5.2.2. на оваа Директива. Елаборатот за студискиската програма е одобрен од Одборот за акредитација во високото образование.

Студиската програма за стручните забни техничарие со времетраење од три годиниили 6семестри. Наставатапосекојапредметнапрограмасеизведуваворамкитенаеден семестар состекнување по30кредитииливкупно180кредити.Програмата се завршува со дипломска работа која што се работи под раководство на ментор и се состои од писмена работа која јавно се презентира пред трочлена комисија (вклучувајќи го и менторот), определена од Комисијата за тригодишни стручни студии.

Поодбранатанадипломската работа,студентот се стекнува со стручен назив дипломиран стручен забен техничар.

#### 2. Година на започнување

Ректорската управа на Универзитетот“Св. Кирил и Методиј”, во Скопје, на 60-тата седница, одржана на 27.2.2002 година, за прв пат го прифати и усвои Проектот за организирање на додипломски стручни студии за стручни забни техничари, а истиот беше усвоенна 18-таседница на Наставно-научниот совет (ННС), на Стоматолошкиот факултет во Скопје, одржана на 9.5.2002 година.

Како резултат на тоа во учебната 2002/2003 година се запиша првата генерација студенти. На оваа студиска програма до нејзината прва измена се запишаа вкупно 3 генерации студенти.

На оваа студиска програма до нејзината прва измена се запишаа вкупно 3 генерации студенти.

Искуството во изминатите три години покажа одредени недостатоци во студиската програма за што се пристапи кон нејзина измена во 2005 година. На својата 32 седница одржана на 16.3.2005 година, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултетот го усвои Проектот за измени и дополнувања на студиската програма за стручни забни техничари. Ректорската управа на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”, на 96-тата седница одржана на 29.6.2005 година даде согласност на Проектот за измена и дополнување на студиската програма додипломски студии за стручни забни техничари. Првата генерација на стручни

забни техничари според изменетата студиска програма се запиша во учебната 2005/06. Според вака изменетата студиска програма се запишаа вкупно 5 генерации студенти до нејзината втора измена.

Поради усогласување со новиот Закон за високото обрзование од 2008 година со којшто се пропишуваат нови задолжителни елементи и содржини, кои треба да ги содржат студиските програми, се наметна неодложна потреба за нови измени и дополнување на студиската програма за стручни забни техничари. За таа цел на 6-та седница на ННС беше усвоен проектот за измени и дополнувања кој доби позитивно мислење од Ректорската управа на нејзината 135-та седница, одржана на 22.12.2009 година. Сенатот на УКИМ на 16-та седница, одржана на 29.12.2009 година донесе Одлука за усвојување на проектот за измените и дополнувањата на студиската програма за стручни забни техничари.

Одборот за акредитација на високото образование на 24-та седница одржана на 15.01.2010 година донесе Решение за акредитација на проектот за измените и дополнувањето на студиската програма за стручни забни техничари на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Првата генерација стручни забни техничари според оваа изменета студиска програма се запиша во учебната 2010/2011 год.

Заради усогласување со изменетите прописи од областа на образованието, кои во чекор го следат процесот на адаптирање кон препораките и барањата на Болоњската декларација и другите прописи на ЕУ, а со цел создавање на единствен Европски образовен простор, како и потребата за реакредитација на посточката студиска програма за стручни забни техничари, Наставно-научниот совет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Стоматолошки факултет - Скопје на својата 15-та редовна седница одржана на ден 27.03.2014 година донесе Одлука за измени и дополнување на студиската програма од прв циклус студии за стручни забни техничари.

Наставно-научниот совет на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Стоматолошки факултет – Скопје на својатавонредна седница одржана на ден 20.10.2014 ја донесе одлуката за усвојување на Предлог-проект за измени и дополнување на студиската програма од прв циклус за стручни забни техничари.

Одборот за акредитација и евалуација на Високото образование на Р. Македонија на 15.5.2015 година, донесе Решение бр. 14-974 за почеток на работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни стручни студии по стручни забни техничари на Стоматолошки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје.

## 3. Цели на студиската програма

Современата студиска програма за додипломски студии за стручни забни техничари тргнувајќи од својата првична верзија во 2002/2003 , па потоа низ измените и дополнувањата вградени подоцна како постулат и основа, има за цел да овозможи :

- оспособување на студентот за критичко размислување и самостојно решавање на теоретски и практични проблеми во областа
- остручување на стручни забни техничари, коишто со своето знаење наполно ќе можат да одговорат на потребите на една високо професионализирана здравствена стоматолошка заштита во функција на обезбедување поквалитетно орално здравје на нашето население.
- оформување на стручнитезабнитехничаривоздравствениработници со стручност која ќе овозможи самостојна креација во сложените заботехнички постапки во стоматолошкитезаботехнички лаборатории.

- следење на современи научни и стручни достигнувања, усовршување на постоечките вештини развивање на нови технологии кои се базираат на научните истражувања и научните спознавања, како и нивното вградување во секојдневната клиничка пракса, придонес во развој и унапредување на научната дисциплина,

## 4. Број на семестри

Студиската програма за стручните забни техничарие со времетраење од тригодиниили 6семестри. Наставатапосекојапредметнапрограмасеизведуваворамкитенаеден семестар со стекнување по 30 кредити или вкупно 180 кредити

## 5. Број на предмети по семестри

Задолжителни и изборни предмети по семестри

| **I семестар** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **код** | **Задолжителни предмети** | **Теорија** | **Пракса** | **Вкупно** | **Часови** | **ЕКТС** |
| ДСЗТ 1101 | Анатомија и физиологија на џвакален систем | 45 | 0 | 45 | 3+0 | 5 |
| ДСЗТ 1102 | Морфологија на заби 1 | 15 | 60 | 75 | 1+4 | 7 |
| ДСЗТ 1103 | Заботехнички апарати и инструменти | 30 | 15 | 45 | 2+1 | 5 |
| | вкупно | 90 | 75 | 165 | | 17 |
| ДСЗТ ИБ 1 | Изборен блок 1 | | | | | 13 |
| **Вкупно** | | | | | | **30** |

**Изборен блок 1**

| **I семестар** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Код** | **Изборни предмети** | **теорија** | **пракса** | **вкупно** | **часови** | **ЕКТС** |
| ДСЗТ 1201 | Медицинска психологија со медицинска етика | 30 | 0 | 30 | 2+0 | 3 |
| ДСЗТ 1202 | Англиски јазик | 30 | 0 | 30 | 2+0 | 3 |
| ДСЗТ 1203 | Пародонтологија | 30 | 15 | 45 | 2+1 | 5 |
| ДСЗТ 1204 | Реконструктивни дентални процедури | 30 | 15 | 45 | 2+1 | 5 |

| II семестар | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Код** | **Задолжителни предмети** | **теорија** | **пракса** | **вкупно** | **часови** | **ЕКТС** |
| ДСЗТ 1104 | Технологија на заботехнички материјали 1 | 30 | 0 | 30 | 2+0 | 3 |
| ДСЗТ 1105 | Морфологија на заби 2 | 15 | 60 | 75 | 1+4 | 7 |
| ДСЗТ 1106 | Технологија на фиксни протези (коронки) | 30 | 210 | 240 | 2+14 | 14 |
| | Вкупно | 85 | 270 | 345 | | 24 |
| ДСЗТ ИБ 2 | Изборен блок 2 | | | | | 6 |
| **Вкупно** | | | | | | **30** |

**Изборен блок 2**

| II семестар | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Код** | **Изборни предмети** | **теорија** | **пракса** | **вкупно** | **часови** | **ЕКТС** |
| ДСЗТ 1205 | Ергономија | 30 | 0 | 30 | 1+0 | 3 |
| ДСЗТ 1206 | Превентива на орални заболувања | 30 | 0 | 30 | 1+0 | 3 |
| ДСЗТ 1207 | Орална физиологија | 15 | 15 | 30 | 1+1 | 3 |

## II ГОДИНА

| **III семестар** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Код** | **Задолжителни предмети** | **Теорија** | **Пракса** | **Вкупно** | **Часови** | **ЕКТС** |
| ДСЗТ 2101 | Технологија на фиксни протези (мостови) | 30 | 210 | 240 | 2+14 | 14 |
| ДСЗТ 2102 | Технологија на заботехнички материјали II | 15 | 30 | 45 | 1+2 | 5 |
| ДСЗТ 2103 | Ортодонција I | 15 | 30 | 45 | 1+2 | 5 |
| | Вкупно | 60 | 270 | 330 | | 24 |
| ДСЗТ ИБ 3 | Изборен блок 3 | | | | | 6 |
| **Вкупно** | | | | | | **30** |

### Изборен блок 3

| **III семестар** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Код** | **Изборни предмети** | **Теорија** | **Пракса** | **Вкупно** | **Часови** | **ЕКТС** |
| ДСЗТ 2201 | Орална хигиена | 15 | 15 | 30 | 1+1 | 3 |
| ДСЗТ 2202 | Менаџмент во стоматологијата | 15 | 15 | 30 | 1+1 | 3 |
| ДСЗТ 2203 | Стоматолошка рентгенологија | 15 | 15 | 30 | 1+1 | 3 |

| **IV семестар** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Код** | **Задолжителни предмети** | **Теорија** | **Пракса** | **Вкупно** | **Часови** | **ЕКТС** |
| ДСЗТ 2104 | Биомеханика на џвакален систем | 30 | 0 | 30 | 2+0 | 3 |
| ДСЗТ 2105 | Ортодонција 2 | 30 | 45 | 75 | 2+3 | 7 |
| ДСЗТ 2106 | Технологија на мобилни протези (парцијална протеза) | 30 | 210 | 240 | 2+14 | 14 |
| | Вкупно | 90 | 250 | 345 | | 24 |
| ДСЗТ ИБ 4 | Изборен блок 4 | | | | | 6 |
| **Вкупно** | | | | | | **20** |

**Изборен блок 4**

| IV семестар | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Код** | **Изборни предмети** | **Теорија** | **Пракса** | **Вкупно** | **Часови** | **ЕКТС** |
| ДСЗТ 2204 | Дентална имплантологија | 15 | 15 | 0 | 1+1 | 3 |
| ДСЗТ 2205 | Ургентни состојби | 15 | 15 | 30 | 1+1 | 3 |
| ДСЗТ 2206 | Медицинска информатика | 15 | 15 | 30 | 1+1 | 3 |

**III ГОДИНА**

| V семестар | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Код** | **Задолжителни предмети** | **Теорија** | **Пракса** | **Вкупно** | **Часови** | **ЕКТС** |
| ДСЗТ 3101 | Технологија на мобилни протези (тотална протеза) | 30 | 210 | 240 | 2+14 | 14 |
| ДСЗТ 3102 | Скелетирана парцијална протеза 1 | 15 | 30 | 45 | 1+2 | 5 |
| ДСЗТ 3103 | Стоматолошка керамика 1 | 15 | 30 | 45 | 1+2 | 5 |
| | Вкупно | 60 | 270 | 330 | | 24 |
| ДСЗТ ИБ 5 | Изборен блок 5 | | | | | 6 |
| **Вкупно** | | | | | | **30** |

**Изборен блок 5**

| V семестар | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Код** | **Изборни предмети** | **Теорија** | **Пракса** | **Вкупно** | **Часови** | **ЕКТС** |
| ДСЗТ 3201 | Протетичка естетика | 15 | 15 | 30 | 1+1 | 3 |
| ДСЗТ 3202 | Вилично лицева реконструктивна протетика | 15 | 15 | 30 | 1+1 | 3 |
| ДСЗТ 3203 | Геронтостоматологија | 30 | 0 | 30 | 2+0 | 3 |

| **VI семестар** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Код** | **Задолжителни предмети** | **Теорија** | **Пракса** | **Вкупно** | **Часови** | **ЕКТС** |
| ДСЗТ 3104 | Професионална практика | 0 | 210 | 210 | 0+12 | 12 |
| ДСЗТ 3105 | Скелектирана парцијална протеза 2 | 0 | 60 | 60 | 0+4 | 6 |
| ДСЗТ 3106 | Стоматолошка керамика 2 | 0 | 60 | 60 | 0+4 | 6 |
| ДСЗТ 3107 | Дипломска работа | 0 | | | | 6 |
| **Вкупно** | | | | | | 30 |

## 6. Број на часови по задолжителни и изборни предмети

Студиската програмаза СЗТ има задолжителни предмети со вкупен број на 2050 часови, од коишто на теоретската настава припаѓаат 445 часови, додека на практичната настава припаѓаат 1605,во целиот наставно образовенциклус.Изборните предмети сезастапени со 360 часа,од кои 270 часа се теоретска настава, а 90 часа се практична настава(табела13).

**Табела 1.** Бројначасовиодзадолжителниииизборнипредметипосеместри.

| **ЗАДОЛЖИТЕЛНИПРЕДМЕТИ** | | | | **ИЗБОРНИПРЕДМЕТИ** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **семестри** | **теоретска** | **практична** | **вкупно** | **теоретска** | **практична** | **вкупно** |
| **Iсем.** | 90 | 75 | 165 | 120 | 30 | 150 |
| **IIсем.** | 85 | 270 | 345 | 75 | 15 | 90 |
| **IIIсем.** | 105 | 270 | 375 | / | / | / |
| **IVсем.** | 75 | 255 | 330 | 75 | 45 | 120 |
| **Vсем.** | 90 | 345 | 435 | / | / | / |
| **VIсем.** | / | 390 | 390 | / | / | / |
| **Вкупно** | **445** | **1605** | **2050** | **270** | **90** | **360** |

Од табелата бр. 13. се гледа дека студиската програма задоволува со практична настава што беше основна идеа при нејзиното донесување. Имено, 21,70% од вкупната настава отпаѓа на теоретската настава, 78,30% отпаѓаат на практичната настава. Исто така, може да се забележи и дека кај изборните предмети сликата е обратна, односно со 25% учествува практичната, а со 75% теоретската настава.

Согласно позитивните законски прописи, изборните предмети се задолжително застапени во студиските програми и сметаме дека и во овој дел во иднина би требало да се зголеми обемот на практичната настава.

Согласно студиската програма по завршувањето на сите испити предвидена е изработка на дипломска работа која во вкупниот број кредити учествува со 6 кредити. По одбраната на дипломската работа целосно се завршува студиската програма, односно денот на одбраната се смета за ден на дипломирање на студентот на студиската програма за стручни забни техничари.

## 7. Табели за број и структура на запишани студенти од 2016 до 2019 година по однос на предвидените квоти

**Табела 1**. Број на студентите по студиска програма стручни забни техничари според полво учебната 2016/2017.

| **Студиска година** | **Пол** | **Прв пат запишани** |
|---|---|---|
| Прва година | машки | 5 |
| | женски | 15 |
| | **Вкупно** | **20** |
| Втора година | машки | 3 |
| | женски | 16 |
| | **Вкупно** | **19** |
| Трета година | машки | 5 |
| | женски | 19 |
| | **Вкупно** | **24** |
| **Вкупно** | машки | 13 |
| | женски | 50 |
| | **Вкупно** | **63** |

**Табела 2.** Број на студентите по студиска програма стручни забни техничари во државна квота и со кофинансирање во учебната 2016/2017.

| **Студиска година** | **Пол** | **Државна квота првпат запишани** | **Со кофинансирање првпат запишани** |
|---|---|---|---|
| Прва година | машки | 3 | 2 |
| | женски | 7 | 8 |
| | **Вкупно** | **10** | **10** |
| Втора година | машки | 1 | 2 |
| | женски | 9 | 7 |
| | **Вкупно** | **10** | **9** |
| Трета година | машки | 3 | 2 |
| | женски | 3 | 16 |
| | **Вкупно** | **6** | **18** |
| **Вкупно** | **машки** | 7 | 6 |
| | **женски** | 19 | 31 |
| | **Вкупно** | **26** | **37** |

**Табела 3.** Број на студентите по студиска програма стручни забни техничари државна квота и со кофинансирање по националност во учебната 2016/2017.

| Студиска година | Пол | Државна квота првпат запишани по националност | | Со кофинансирање првпат запишани по националност | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва година | машки | македонска | албанска | македонска | албанска | |
| | | 3 | 0 | 1 | | |
| | женски | македонска | албанска | македонска | албанска | бошњак |
| | | 5 | | 5 | 3 | 0 |
| | **Вкупно** | **8** | **2** | **6** | **4** | **0** |
| Втора година | машки | македонска | албанска | македонска | албанска | турска |
| | | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| | женски | македонска | албанска | македонска | албанск | турска |
| | | 7 | 2 | 2 | 2 | 3 |
| | **Вкупно** | **8** | **2** | **4** | **2** | **3** |
| Трета година | машки | македонска | албан□ка | македонска | албанска | |
| | | 2 | 1 | 1 | 1 | |
| | женски | македонска | албанска | македонска | албанска | тур□ка |
| | | 2 | 1 | 10 | 5 | 1 |
| | **Вкупно** | **4** | **2** | **11** | **6** | **1** |
| **Вкупно** | машки | 7 | | 6 | | |
| | женски | 19 | | 31 | | |
| | **Вкупно** | **26** | | **37** | | |

**Табела 4.** Број на студентите по студиска програма стручни забни техничари во државна квота и со кофинансирање према средно стручно образование во учебната 2016/2017.

| Студиска година | **Специјални и услови-не плаќа** | **Државна квота првпат запишани према средно стручно образование** | **Со кофинансирање првпат запишани према средно стручно образование** |
|---|---|---|---|
| Прва година | македонско | гимназија: 7<br>СЗТ: 3<br>лаборанти: | Факултетско образование:<br>Средно образование: гимназија: 2; СЗТ: 6; лаборанти: 2 |
| | **Вкупно** | **20** | |
| Втора година | македонско | гимназиј: 5<br>СЗТ: 5 | гимназија: 7<br>СЗТ: 2 |
| | **Вкупно** | **19** | |
| Трета година | | гимназија: 2<br>СЗТ: 4 | гимназија: 7<br>СЗТ: 8<br>лаборанти: 1<br>сестри: 2 |
| | **Вкупно** | **24** | |

**Табела 5.** Број на студентите по студиска програма стручни забни техничари според пол во учебната 2017/2018.

| **Студиска година** | **Пол** | **Прв пат запишани** |
|---|---|---|
| Прва година | машки | 9 |
| | женски | 21 |
| | **Вкупно** | **30** |
| Втора година | машки | 14 |
| | женски | 18 |
| | **Вкупно** | **32** |
| Трета година | машки | 5 |
| | женски | 18 |
| | **Вкупно** | **23** |
| **Вкупно** | машки | 28 |
| | женски | 57 |
| | **Вкупно** | **85** |

**Табела 6.** Број на студентите по студиска програма стручни забни техничари во државна квота и со кофинансирање во учебната2017/2018.

| Студиска година | Пол | Државна квота првпат запишани | Со кофинансирање првпат запишани |
|---|---|---|---|
| Прва година | машки | 3 | 6 |
| | женски | 11 | 10 |
| | **Вкупно** | **14** | **16** |
| Втора година | машки | 5 | 9 |
| | женски | 8 | 10 |
| | **Вкупно** | **13** | **19** |
| Трета година | машки | 0 | 5 |
| | женски | 8 | 10 |
| | **Вкупно** | **8** | **15** |
| **Вкупно** | машки | 8 | 20 |
| | женски | 27 | 30 |
| | **Вкупно** | **35** | **50** |

**Табела 7.** Број на студентите по студиска програма стручни забни техничари во државна квота и со кофинансирање по националност во учебната 2017/2018.

<table>
<tr><th>Студиска година</th><th>Пол</th><th>Државна квота првпат запишани по националност</th><th>Со кофинансирање првпат запишани по националност</th></tr>
<tr><td rowspan="3">Прва година</td><td>машки</td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td></tr><tr><td>2</td><td>1</td></tr></table></td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td><td>турска</td><td>други</td><td>бошњаци</td></tr><tr><td>1</td><td>2</td><td></td><td>2</td><td>0</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>женски</td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td><td>турска</td></tr><tr><td>7</td><td></td><td>1</td></tr></table></td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td><td>турска</td><td>други</td><td>бошњаци</td></tr><tr><td>6</td><td>3</td><td>0</td><td>0</td><td>1</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>9 5</td><td>7 9</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Втора година</td><td>машки</td><td><table><tr><td>макед□нска</td><td>албанска</td></tr><tr><td>4</td><td>1</td></tr></table></td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албан□ка</td><td>турска</td><td>роми</td></tr><tr><td>6</td><td>2</td><td>1</td><td>0</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>женски</td><td><table><tr><td>македонск</td><td>албанска</td></tr><tr><td>6</td><td>2</td></tr></table></td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td><td>турска</td><td>ром</td></tr><tr><td>8</td><td>1</td><td>0</td><td>1</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>10 3</td><td>14 5</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Трета година</td><td>машки</td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td></tr><tr><td>0</td><td>0</td></tr></table></td><td><table><tr><td>македонска</td><td>други</td><td>албанска</td></tr><tr><td>3</td><td>1</td><td>1</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>женски</td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td><td>влашка</td></tr><tr><td>5</td><td></td><td>1</td></tr></table></td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td><td>турска</td><td>влашка</td></tr><tr><td>3</td><td></td><td>1</td><td>1</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td></td><td>6 9</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Вкупно</td><td>машки</td><td>8</td><td>20</td></tr>
<tr><td>женски</td><td>27</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>35</td><td>50</td></tr>
</table>

**Табела 8.** Број на студентите по студиска програма стручни забни техничари во државна квота и со кофинансирање спрема средно стручно образование во учебната 2017/2018.

<table>
<tr><th>Студиска година</th><th>Специјални услови-не плаќа</th><th>Државна квота првпат запишани према средно стручно образование</th><th>Со кофинансирање првпат запишани према средно стручно образование</th></tr>
<tr><td rowspan="2">Прва година</td><td></td><td><table><tr><td>СЗТ</td><td>гимназија</td><td>сестри</td><td>Лабор.</td><td>општо</td></tr><tr><td>3</td><td>8</td><td>1</td><td>1</td><td>1</td></tr></table></td><td><table><tr><td>гимназија</td><td>сестри</td><td>СЗТ</td><td></td><td>Лабор.</td></tr><tr><td>4</td><td>3</td><td>9</td><td></td><td>O</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>30</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Втора година</td><td></td><td><table><tr><td>гимназија</td><td>СЗТ</td></tr><tr><td>7</td><td>7</td></tr></table></td><td><table><tr><td>гимназија</td><td>СЗТ</td></tr><tr><td>9</td><td>9</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>32</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Трета година</td><td></td><td><table><tr><td>гимназија</td><td>СЗТ</td><td>сестри</td></tr><tr><td>3</td><td>4</td><td>1</td></tr></table></td><td><table><tr><td>гимназија</td><td>СЗТ</td><td>сестри</td></tr><tr><td>6</td><td>7</td><td>2</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>23</td><td></td></tr>
</table>

**Табела 9.** Број на студентите по студиска програма стручни забни техничари според пол во учебната 2018/2019

| Студиска година | Пол | Прв пат запишани |
|---|---|---|
| Прва година | машки | 9 |
| | женски | 23 |
| | **Вкупно** | **32** |
| Втора година | машки | 3 |
| | женски | 18 |
| | **Вкупно** | **21** |
| Трета година | машки | 11 |
| | женски | 11 |
| | **Вкупно** | **22** |
| **Вкупно** | машки | 23 |
| | женски | 52 |
| | **Вкупно** | **75** |

**Табела 10.** Број на студентите по студиска програма стручни забни техничари во државна квота и со кофинансирање во учебната 2018/2019.

| Студиска година | Пол | Државна квота првпат запишани | Со кофинансирање првпат запишани |
|---|---|---|---|
| Прва година | машки | 3 | 6 |
| | женски | 9 | 14 |
| | **Вкупно** | **12** | **20** |
| Втора година | машки | 2 | 1 |
| | женски | 9 | 9 |
| | **Вкупно** | **11** | **10** |
| Трета година | машки | 3 | 8 |
| | женски | 7 | 4 |
| | **Вкупно** | **10** | **12** |
| **Вкупно** | машки | 8 | 15 |
| | женски | 25 | 27 |
| | **Вкупно** | **33** | **42** |

**Табела 11.** Број на студентите по студиска програма стручни забни техничари во државна квота и со кофинансирање по националност во учебната 2018/2019.

<table>
<tr><th>Студиска година</th><th>Пол</th><th>Државна квота првпат запишани по националност</th><th>Со кофинансирање првпат запишани по националност</th></tr>
<tr><td rowspan="3">Прва година</td><td>машки</td><td><table><tr><td>македонска</td><td>турска</td></tr><tr><td></td><td>1</td></tr></table></td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td><td>бошњак</td></tr><tr><td>2</td><td>3</td><td>1</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>женски</td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td></tr><tr><td></td><td>0</td></tr><tr><td>влашка</td><td>турска</td></tr><tr><td>0</td><td>0</td></tr></table></td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td><td>бошњак</td><td>ром</td></tr><tr><td>10</td><td>2</td><td>1</td><td>1</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td><table><tr><td>11</td><td>1</td></tr></table></td><td><table><tr><td>12</td><td>8</td></tr></table></td></tr>
<tr><td rowspan="3">Втора година</td><td>машки</td><td><table><tr><td>макед□нска</td><td>албанска</td></tr><tr><td>2</td><td>0</td></tr></table></td><td><table><tr><td>македонска</td><td>други</td></tr><tr><td>0</td><td>1</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>женски</td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td></tr><tr><td>7</td><td>2</td></tr></table></td><td><table><tr><td>маке□онска</td><td>други</td></tr><tr><td>9</td><td>0</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td><table><tr><td>9</td><td>2</td></tr></table></td><td><table><tr><td>9</td><td>1</td></tr></table></td></tr>
<tr><td rowspan="3">Трета година</td><td>машки</td><td><table><tr><td>македонска</td><td>влашка</td><td>турска</td></tr><tr><td>1</td><td>1</td><td>1</td></tr></table></td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td><td>турска</td><td>бошњак</td></tr><tr><td>4</td><td>1</td><td>2</td><td>1</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>женски</td><td><table><tr><td>македонска</td></tr><tr><td>7</td></tr></table></td><td><table><tr><td>македонска</td><td>албанска</td></tr><tr><td>3</td><td>1</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td><table><tr><td>8</td><td>2</td></tr></table></td><td><table><tr><td>7</td><td>5</td></tr></table></td></tr>
<tr><td rowspan="3">Вкупно</td><td>машки</td><td>8</td><td>15</td></tr>
<tr><td>женски</td><td>25</td><td>27</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>33</td><td>42</td></tr>
</table>

**Табела 12.** Број на студентите по студиска програма стручни забни техничари во државна квота и со кофинансирање спрема средно стручно образование во учебната 2018/2019.

<table>
<tr><th>Студиска година</th><th>Специјални услови-не плаќа</th><th>Државна квота првпат запишани према средно стручно образование</th><th>Со кофинансирање првпат запишани према средно стручно образование</th></tr>
<tr><td rowspan="2">Прва година</td><td></td><td><table><tr><td>СЗТ</td><td>гимназија</td><td>сестри</td></tr><tr><td>4</td><td>7</td><td>1</td></tr></table></td><td><table><tr><td>СЗТ</td><td></td></tr><tr><td>8</td><td><table><tr><td>гимназија</td><td>сестри</td><td>дел.секретар</td></tr><tr><td>8</td><td>3</td><td>1</td></tr></table></td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>32</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Втора година</td><td></td><td><table><tr><td>гимназија</td><td>СЗТ</td><td>сестри</td></tr><tr><td></td><td>4</td><td>1</td></tr></table></td><td><table><tr><td>гимназиј</td><td>СЗТ</td><td>лаборант</td></tr><tr><td>4</td><td>6</td><td>2</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>21</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Трета година</td><td></td><td><table><tr><td>гимназија</td><td>СЗТ</td></tr><tr><td>3</td><td>7</td></tr></table></td><td><table><tr><td>гимназија</td><td>СЗТ</td></tr><tr><td>2</td><td>10</td></tr></table></td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>22</td><td></td></tr>
</table>

## 8. Оценување на студентите

Во текот на студирањето потребниот број на кредити студентот ги остварува преку континуирано и завршно оценување.

Се оценува секоја активност на студентот и тоа:

1. Редовност на теоретска настава,
2. Активност на теоретска настава,
3. Редовност на практична настава,
4. Активност на практична настава.

Континуираното проверување на знаењето на студентите се одвива со помош на тестови, колоквиуми (два) и завршен испит. Студентот пристапува кон полагање откако ќе го реализира потребниот број бодови од континуираното оценување, така што завршната оцена се формира според вкупно освоените бодови.

## 9. Критериуми за оценување (бодови/оценка).

Оценувањето на знаењето на студентите се спроведува во три испитни сесии (февруари, јуни и септември), а според однапред утврдени колоквиумски недели, согласно календарот на активности и неработни денови што ги утврдува ННС пред почетокот на секоја учебна година. Овој распоред е во согласност со Универзитетскиот календар кој ги содржи рамковните одредби за почетокот и крајот на студиската година, термините за одржување на наставата, испитните сесии како и државните и универзитетските празници.

Согласно освоените кредитни бодови студентот добива завршна оцена изразена во бројка од 5 до 10, односно ЕКТС оценка F,E, D, C, B и A. (Таб.14)

**Табела 14.** Критериуми за оценување (бодови/оценка).

| | |
|---|---|
| до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| од 60 до 67 бода | 6 (шест) (E) |
| Од 68 до 75 бода | 7 (седум) (D) |
| од 76 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| од 85 до 93 бода | 9 (девет) (B) |
| од 94 до 100 бода | 10 (десет) (A) |

Резултатите од полагањето според структурата на студиската програма се движат од 95 до 100%. Високиот процент на проодност се должи на добро организираната теоретска и практична настава, достапноста до стручна литература и секако ангажманот на наставниците и соработниците.

Студиската програма и предметните содржини кои се изучуваат во основа се соодветни на звањето кое се стекнува со завршување на студиите.

## 10. Анализа на силни и слаби страни на студиската програма-SWOT анализа

**SWOT анализа**

| Strengths: јаки страни | Weaknesses: слаби страни |
|---|---|
| -Во директен контакт со студентот се осознава неговата теоретска и практична подготвеност;<br><br>-Континуирано учење и следење на наставата преку тестови, семинарски работи, интерактивна настава;<br><br>-Солидни услови (современа опрема), за изведување на теоретската и практичната настава;<br><br>-Добрата теоретска и практична подготовка на студентите овозможува формирање на стручни стоматолошки кадри, спремни да пружат квалитетна стоматолошка здравствена услуга на населението<br><br>-Интерактивна настава и<br><br>-Добра подготвеност на студентот за реализација на практичната настава.<br><br>Издадени се учебници и учебни помагала скоро по сите стручни предмети на македонтски јазик.<br><br>Воведена е интерактивна настава, тестови, колоквиуми;<br><br>-Обезбедена е компјутерска училница за комјутерско полагање на тестовите, со што се намалува можноста за субјективизам и непотизам; | -И понатаму останува оценката дека и со промените на студиските и предметните програми, тие се предимензионирани и обемни;<br><br>- Скапи заботехнички материјали со кои треба да се изведуваат студентските практични вежби;<br><br>-Скапа опрема и сервисирање на апаратурата со која што се изведуваат студентските вежби;<br><br>-Мала застапеност на практичните вежби кај изборните предмети. |
| Opportunities: Можности | Threats: Закани |
| - Доусовршување и модифицирање на студиската додипломска програма, со прилагодување по број и предметни содржини со сродните студиски програми од европскиот образовен систем;<br><br>-Имплементирање на најзастапени додипломски студиски и програмски содржини од западно европските стоматолошки центри;<br><br>-Преработка и редукција на изборните предметни програми со цел поголема | Поради брзиот напредок на техниката на ова поле од една страна,а нашите ограничени финансиски можности од друга, нашите забнотехнички лаборатории не се опремени со најсовремените апарати за изработка на протетски помагала. Отука и нашиот профилиран кадар, за некои нови современи процедури не е адекватно едуциран и мора да бара доедукација на соодветни акредитирани курсеви кои за жал не се во организација на |

| | |
|---|---|
| практична настава;<br><br>-Подобрување, односно зголемување на износот на финансирање од страна на Министерството за образование, со цел набавка на современи заботехнички материјали за изведување на практичните вежби<br>-Можност за доусовршување и надополнување на образованието со продолжување на постдипломски студии за стручни забни техничари | Стоматолошкиот факултет. |

Комисија за евалуација на студиската програма за стручни забни техничари:

1. проф. д-р Весна Коруноска Стевковска – претседател с.р.,

   ______________________________________

2. проф. д-р Сашо Еленчевска с.р.,

   ______________________________________

3. доц. д-р Наташа Тошеска Спасова с.р.,

   ______________________________________

4. Владимир Бичковски с.р.,

   ______________________________________

5. Ангела Сапламанева с.р.,

   ______________________________________

### 2.5.5 Извештај за спроведена самоевалуација на студиската програма за втор циклус на студии

### Хронолошки преглед на развојот на студиските програми за магистерски студии

Првиот наставен план и програма на Стоматолошкиот факултет во Скопје, тогаш Стоматолошки оддел при Медицинскиот факултет за последипломска настава беше усвоен во учебната 1972/1973 година. Тие беа спроведени како двегодишни студии, односно последипломска настава во траење од четири семестри, реализирани преку 500 часови од кои 350 теоретска и 15 практична настава. Од учебната 1977/1978 година на веќе формираниот Стоматолошкиот факултет се воведени и последипломски магистерски студии, со усвоена а подоцна дополнета и изменета студиска програма, со дефинирани наставни содржини на студиите. Во наставата биле вклучени наставници од Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет. Поради потребата да се направат измени и дополнувања на студиската програма, во учебната 1990/1991 година бил донесен и усвоен новиот наставен план на Стоматолошкиот факултет во Скопје за последипломска настава која трае две години, четири семестри. Наставната програма била реализирана преку 235 часа теоретска и 80 часа практична настава. За да се следи развојот на стоматолошката наука, како унапредување на степенот на стручната и научната оспособеност на кадрите Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет направи неколку измени на постојните наставни планови и програми за магистерски студии. На 6- тата редовна седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј,, во Скопје беа усвоени измените и дополнувањата на студиската програма за магистри на стоматолошки науки на Стоматолошкиот факултет. Проектот за измени и дополнувања на студиската програма за магистри на стоматолошки науки на факултетот, доби позитивно мислење од Ректорската управа на 135 –та седница одржана на 29.12.2009 година, која донесе одлука за усвојување на проектот за измените и дополнувањата на студиската програма. Одборот за акредитација на 4-та седница, одржана на 15.01.2010 година донесе решение за акредитација на академски студии, нова студиска програма за магистри на стоматолошки науки, втор циклус на студии на Стоматолошкиот факултет при универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј,, во Скопје. По добивањето на решението од страна на Одборот за акредитација и по завршениот увид, Комисијата поднесе Извештај до Министерот за образование и наука каде е донесено Решение бр. 12-1346/4 од 23.09.2010 со кое се потврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на изменетата и дополнета студиска програма. Движејќи се во правец на постојано подобрување на квалитетот на студиските програми и запазување на барањата од позитивната регулатива, Наставно-научниот совет на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј,, Стоматолошки факултет – Скопје на својата редовна седница донесе Одлука за основање на студиска програма за втор циклус на студии по стоматологија која доби решение за акредитација бр. 12-102/8 од 16.07.2014 и решение за почеток со работа бр 13-11376/4 од 23.07.2014 година. Оваа студиска програма е подготвена согласно препораките и барањата на Болоњската декларација во насока на создавање на единствен европски образовен систем. Овој Извештај за самоевалуација се однесува исклучиво на оваа верзија на студиската програма за втор циклус на студии.

### 1. Опис на студиската програма за втор циклус на студии

Студиска програма која е предмет на оваа самоевалуација произлезе како неминовност во процесот на усогласување и градење на студиските програми со изменетите прописи во областа на образованието кои во континуитет го следат трендот на постојано адаптирање кон препораките и барањата на Болоњската декларација и останатите акти на ЕУ донесени во насока на создавање единствен Европски образовен простор, а прозлезени од посветеноста да се постигне оваа цел и која акредитираше со решение бр. 12-102/8 од 16.07.2014 и решение за

почеток со работа бр 13-11376/4 од 23.07.2014 година. Оваа студиска програма предвидено е да произведе профили по области според Фраскатиевата класификација на области.

**2. Година на започнување на студиската програма**

Првата генерација на студенти кои се запишаа по оваа Студиска програма е во учебната 2015-2016 год., а последната генерација е во 2018-2019 год.

Местото, улогата и поставеноста на последипломските студии на Стоматолошкиот факултет претставуваат основа за подигање на нивото за создавање на научни и специјализирани кадри, како за јакнење на кадровската основа на факултетот така и за создавање на кадри кои ќе ги следат и применуваат најновите светски достигнувања и ќе пружаат врвна стоматолошка здравствена заштита.

Во тој поглед на Стоматолошкиот факултет интензивно се работеше токму на преиспитувањето на постојните програми за последипломски студии, односно основање на студиска програма за магистри по стоматолошки науки со интенција тие да прераснат во вистински редовни студии, односно да се организираат како континуирани студии со повисоко ниво на научно-истражувачка сложеност и повисоко ниво на оптовареност на студентите во даденото научно подрачје.

Во изминатиот период започна процесот на модернизација на постдипломските студии како втор циклус на студии согласно измените на Закон за високо образование со цел тие се повеќе да се инкорпорираат во системот на модерни и продуктивни студии според принципите на кредит трансфер системот.

Студиската програма од втор циклус која е предмет на оваа самоевалуација со решение за почеток со работа бр. 13-11378/4 од 23. 07. 2014 год. е организирана како едногодишен двосеместрален курикулум со вкупно 60 кредити за едукација на магистри на стоматолошки науки од следните области: стоматолошка протетика, ортодонција, орална хирургија, максилофацијална хирургија, детска стоматологија, превентивна стоматологија, дентална патологија, орална патологија и пародонтологија.

Последипломските студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје опфаќаат стекнување на современи зваења по пат на примена на методи и научни техники кои се применуваат во нашите и во развиените универзитетски центри, а со цел да се создадат стручни лица кои ќе придонесат за развој на своето работно опкружување. Со овие студии студентот се оспособува за примена на методите во научно-истражувачката работа кои ќе му овозможат совладување и имплементирање на нови методи во дијагностиката и терапијата на оралните заболувања од сите области.

**3. Цели на студиската програма за втор циклус на студии**

Современата Студиска програма за втор циклус студии по стоматологија од 2014 год. како постулат и основа, но и како цели кои треба да се реализираат, а земајќи ги предвид компетенциите со кои се стекнува студентот по завршување на студиите се:

- Усогласување со современите текови на стручен, научен и технолошки развој така да крајниот ефект од образованието мерен со квалитетот на стручните и научните способности кај завршените студенти во потполност одговара на националните потреби и потребите на пазарот,
- Воведување на флексибилен систем на студии и истражувачки активности,

- Усогласување на постигнатите теоретски знаења со практичната примена во рамки на секојдневната стоматолошка пракса при решавање на посложени здравствени проблеми кај пациенти,
- Обезбедување на можноста завршувањето на студиите да биде база за понатамошно долгорочно и ефикасно образование и професионално усовршување,
- Тенденцијата да се развива инвентивноста и креативноста на студентите со можност да учествуваат во стручни и научни дискусии,
- Давање придонес кон развојот на стоматолошката струка и наука.

Структура на студиската програма за втор циклус на студии од 2014 година

**4. Број на семестри**

**5. Број на предмети по семестри**

**6. Број на часови по задолжителни и изборни предмети**

Наставно-образовниот процес на оваа Студиска програма за втор циклус на студии изградеан е од 9 потпрограми:

1. ортодонција;
2. орална хирургија;
3. детска стоматологија;
4. превентивна стоматологија;
5. протетика;
6. дентална патологија;
7. пародонтологија;
8. орална патологија и
9. максилофацијална хирургија. како и кадарот вклучен во реализација на наставата.

Вториот циклус студии според оваа програматра е 2 семестри - едногодишен (двосеместрален) курикулум за едукација, конципирана е во согласност со европскиот систем и е предвидено остварување на 60 кредити. По положување на испитите предвидени со студиската програма студентот  пријавува изработка на магистерски труд. Магистерскиот, труд се работи под надзор на ментор. Студентот е должен да го изработи и одбрани магистерскиот труд во рок од 1 годинаод денот на одобрувањето на темата.

Бројот на предмети по семестри е 67, а вкупниот број на часови по задолжителни и изборни предмети изнесува 1420.

Со структурата на оваа Студиската програма за втор циклус студии по стоматологија со задолжителни предмети, за сите потпрограми, предвидени се вкупно 740 часови.

Листа на задолжителни предмети засите потпрограми на студиската програма

Пролог 1

| Код | Назив на задолжителниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСДМ 1101 | Биостатистика со орална епидемиологија | **60** | **4** |
| МСДМ 1102 | Вовед во научно-истражувачка работа | **60** | **4** |
| МСДМ 1103 | Обликување и пишување научно дело | **60** | **4** |
| МСДМ 1104 | Извори на информации во стоматологијата | **40** | **3** |
| MSДМ 1105 | Етика во биомедицинските истражувања | **40** | **3** |

Листа на задолжителни предмети за секоја потпрограма поединечно

**Превентивна стоматологија**

| **Код** | **Назив на задолжителниот предмет** | **Часови** | **Кредити** |
|---|---|---|---|
| МСПР 1101 | Менаџмент на превентивните програми и протоколи за стоматолошка заштита на децата и адолесцентите | **60** | **4** |

**Детска стоматологија**

| **Код** | **Назив на задолжителниот предмет** | **Часови** | **Кредити** |
|---|---|---|---|
| МСДС 1102 | Современи дијагностички и тераписки пристапи на заболувањата, неправилности те и трауматските повреди во оралната средина во детска возраст | **60** | **4** |

**Ортодонција**

| **Код** | **Назив на задолжителниот предмет** | **Часови** | **Кредити** |
|---|---|---|---|
| МСОР 1103 | Современ пристап при лекување на скелетните дентофацијални-неправилности | **60** | **4** |

**Стоматолошка протетика**

| **Код** | **Назив на задолжителниот предмет** | **Часови** | **Кредити** |
|---|---|---|---|
| МССП 1104 | Современи протетички постапки | **60** | **4** |

**Дентална патологија**

| Код | Назив на задолжителниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСДП 1105 | Современи аспекти во козервативната стоматологија | **60** | **4** |

**Орална хирургија**

| Код | Назив на задолжителниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСОХ 1106 | Современи терaписки концепти во оралната хирургија | **60** | **4** |

**Орална патологија**

| Код | Назив на задолжителниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСОП 1107 | Нов концепт во дијагностика и третман на оралните заболувања | **60** | **4** |

**Пародонтологија**

| Код | Назив на задолжителниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСПА 1108 | Современи приоди во дијагнозата и третманот на пародонтопатијата | **60** | **4** |

**Максилофацијална хирургија**

| Код | Назив на задолжителниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСМХ 1109 | Современи дијагностички и терaписки постапки во максилофацијалната регија | **60** | **4** |

**вкупен број на часови: 740**

Со структурата на оваа Студиската програма за втор циклус студии по стоматологија со изборни предмети, за сите потпрограми, предвидени се вкупно 380 часови.

Листа на изборни предмети за секоја потпрограма поединечно

**Прилог 2**

**Превентивна стоматологија**

| Код | Назив на изборниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСПР 1201 | Периодичност на превентивните постапки во детската стоматологија | **20** | **2** |
| МСПР 1202 | Превенција на циркуларниот кариес | **20** | **2** |
| МСПР 1203 | Методи за стопирање на реверзибилни кариозни лезии | **20** | **2** |
| МСПР 1203 | Модерен концепт за настанување и контрола на денталниот кариес | **20** | **2** |

**Детска стоматологија**

| Код | Назив на изборниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСДС 1205 | Концепт на минимално-инвазивна техника на препарација на кавитети | **20** | **2** |
| МСДС 1206 | Семиологија во рендгенологија | **20** | **2** |
| МСДС 1207 | Орална апликациј на ласери во детска возраст | **20** | **2** |
| МСДС 1208 | Современа реставративна естетска стоматологија | **20** | **2** |

**Стоматолошка протетика**

| Код | Назив на изборниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МССП 1209 | Рендгенкраниометрија и рендгенќефалометрија во стоматолошката протетика | **20** | **2** |
| МССП 1210 | Бруксизам на миоклузалнипарафункции | **20** | **2** |
| МССП 1211 | Стомато-протетичка рехабилитација на мостовски конструкции на комплексни клинички случаи со примена на мултидисциплинарен ресторативен пристап | **20** | **2** |
| МССП 1212 | Естетски концепти при фиксно протетичкатарехабилитација | **20** | **2** |
| МССП 1213 | Оклузија во стоматолошка протетика | **20** | **2** |

**Дентална патологија**

| Код | Назив на изборниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСДП 1214 | Некариозни лезии на забите и нивна превенција | **20** | **2** |
| МСДП 1215 | Современи реставративни процедури – естетика и функција | **20** | **2** |
| МСДП 1216 | Конзервативна терапија на апикални пародонтити | **20** | **2** |
| МСДП 1217 | Ендодонтски инструменти, техники и ириганси | **20** | **2** |
| МСДП 1218 | Решавање на проблеми во ендодонтската клиничка пракса | **20** | **2** |

**Орална патологија**

| Код | Назив на изборниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСОП 1219 | Патохистолошки и имунохистохемиски насоки во дијагностицирање на одредени орални заболувања | **20** | **2** |
| МСДП 1220 | Менаџмент во превенцијата и терапијата на денталните фокуси кај пациенти со ризик | **20** | **2** |
| МСДП 1221 | Хигиено-диететски режими во превенција наоралнитезаболувања | **20** | **2** |
| МСДП 1222 | Плунката како дијагностички медиум во стоматологијата | **20** | **2** |

**Пародонтологија**

| Код | Назив на изборниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСП 1223 | Имуно – генетски аспекти во етиопатогенезата на пародонталната болест | **20** | **2** |
| МСП 1224 | Современи аспекти на системските ризик фактори вонастанување и развој на пародонталната болест | **20** | **2** |
| МСП 1225 | Фармакотерапија на пародонталната болест | **20** | **2** |
| МСП 1226 | Ласери во стоматологијата | **20** | **2** |

**Орална хирургија**

| Код | Назив на изборниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСОХ 1227 | Дијагностичко – тераписки аспекти на импактирани заби | **20** | **2** |
| МСОХ 1228 | Орално-хируршки аспекти на акутна одонтогена инфекција во орофацијална регија | **20** | **2** |
| МСОХ 1229 | Инфламаторни одонтогени инфекции и развојни цисти | **20** | **2** |
| МСОХ 1230 | Современи принципи во денталната имплантологија – периоперативниаспекти на имедијатна и одложена постава на денталните импланти | **20** | **2** |

**Максилофацијална хирургија**

| Код | Назив на изборниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСМХ 1231 | Дијагностика и тераписки концепти за нарушувања на темпоромандибуларниот зглоб | **20** | **2** |
| МСМХ 1232 | Реконструктивен пристап во решавање на максилофацијалната траума | **20** | **2** |
| МСМХ 1233 | Дијагностички и тераписки пристап на тумори во максилофацијалната регија | **20** | **2** |
| МСМХ 1234 | Етиолошки концепти на орофацијалната болка | **20** | **2** |

**Ортодонција**

| Код | Назив на изборниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСОР 1235 | Ортодонтска оклузија и артикулација | **20** | **2** |
| МСОР 1236 | Ортодонтска дијагностика | **20** | **2** |
| МСОР 1237 | Орофацијална генетика | **20** | **2** |
| МСОР 1238 | Квалитативни и квантитативни антрополошки и рендгенкраниометриски анализа на коските на глава и врат | **20** | **2** |

**вкупен број на часови: 380**

Со структурата на оваа Студиската програма за втор циклус студии по стоматологија со Универзитетската листа за изборни предмети, предвидени се вкупно 300 часови.

Универзитетска листа на слободни изборни предмети

Прилог 3

| Код | Назив на изборниот предмет | Часови | Кредити |
|---|---|---|---|
| МСУЛ 1301 | Јавно здравство и нови концепти во едукацијата | **20** | **2** |
| МСУЛ 1302 | Менаџмент на системи за орална здравствена заштита | **20** | **2** |
| МСУЛ 1303 | Примена на ласерското светло во периопулпалните афекции | **20** | **2** |
| МСУЛ 1304 | Методи за стопирање на реверзибилни кариозни лезии | **20** | **2** |
| МСУЛ 1305 | Современа реставративна естетска стоматологија | **20** | **2** |
| МСУЛ 1306 | Бруксизам и оклузални парафункции | **20** | **2** |
| МСУЛ 1307 | Стомато-протетичка рехабилитација на мостовски конструкции на комплексни клинички случаи со примена на мултидисциплинарен реставративен пристап | **20** | **2** |
| МСУЛ 1308 | Современи реставративни процедури – естетика и функција | **20** | **2** |
| МСУЛ 1309 | Решавање на проблеми во ендодонтската клиничка пракса | **20** | **2** |
| МСУЛ 1310 | Имуно-генетски аспекти во етиопатогенезата на пародонталната болест | **20** | **2** |
| МСУЛ 1311 | Ласери во стоматологијата | **20** | **2** |
| МСУЛ 1312 | Инфламаторни одонтогени инфекции и развојни цисти | **20** | **2** |
| МСУЛ 1313 | Современи принципи во денталната имплантологија – периооперативни аспекти на имедијантна и одложена постава на денталните импланти | **20** | **2** |
| МСУЛ 1314 | Реконструктивен пристап во решавање на максилофацијалната траума | **20** | **2** |
| МСУЛ 1315 | Етиолошки концепти на орофацијалната болка | **20** | **2** |

**Вкупен број на часови: 300**

Студиската програма предвидува вкупно 10 предмети. Од тие задолжителни предмети се 5 кои се општи и се задолжителни за секоја потпрограма. Шестиот задолжителен предмет е предвиден со потпрограмата за која се изјаснува студентот. Вкупно задолжителни предмети се 6. Од листата на изборни предмети определени со секоја потпрограма студентот е задолжен да избере минимум еден кој припаѓа на потпрограмата од областа за која се определил.

Преостанатите два изборни предмети студентот може да ги бира од било која потпрограма, но кои што треба да бидат содржински поврзани со изборот на магистерската тема. Изборни предмети се вкупно 3. Преостанатите 10%, т.е. еден предмет студентот го бира од Универзитетската листа на слободни изборни предмети.

Во првиот семестар на студентот посетува настава од задолжителните предмети и изборните предмети од соодветната потпрограма со што се секнува со стручни знаења од потесната област. Во вториот семестар го избира своето поле на ангажирање преку поднесување на пријава за изработка на магистерски труд во консултации со менторот.

Консултациите и пребарувањето опфаќа најнова стручна и научна литература, релевантна за изборното подрачје, експериментална работа, консултации со менторот, сумирање на сопствени сознанија и заклучоци и изработка и одбрана на магистерскиот труд.

Откако Наставно- науниот совет ќе ја прифати темата за изработка на магистерскиот труд кандидатот има рок од една година да го изработи и одбрани истиот. Со одбраната се стекнува со вкупно 60 кредити 30 од првиот и 30 од вториот семестар.

Во наставата освен наставниците од Стоматолошкиот факултет учество земаат и професори од Катедрата за епидемиологија и статистика од Медицинскиот факултет со претходна согласност од Факултетотот каде се избрани во звање. Содржината на предавањата е достапна на студентите. Во реализацијата на наставата учествуваат 34 наставници. Како ментори за втор циклус на студии по стоматологија акредитирани се 24 наставници сметано од март 2016 година со доцнење поради нефукционалност на Одборот за акредитација. Акредитираните ментори имаат право да бидат ментори на најмногу 12 кандидати годишно кои изработуваат магистерски трудови на втор циклус студии.

Со новиот Законн за високо образование укината е акредитацијата за ментори за втор циклус на студии.

Темата за изработка на магистерски труд се оценува и одобрува од комисија составена од тројца професори предложена од Колегиумот за втор циклус на студии на Факултетот и прифатена од Наставно-научниот совет на Факултетот. Кандидатот јавно го брани Магистерскиот труд, по успешната одбрана се стекнува со стручен назив магистер на стоматолошки науки со назначување на областа во зависност од потпрограмата која студентот ја избрал и за тоа се издава уверение и диплома.

По завршувањето на постдипломските студии студентот се оспособува за:

- соодветно познавање на науките на кои се базира стоматологијата и добро разбирање на научните методи, вклучувајќи ги и принципите за одредување на биолошките функции, евалуација на научно докажаните факти и анализа на податоците,
- соодветно научно познавање на конституцијата, физиологијата и однесувањето на здрави и заболени индивидуи, како и влијанието на природната и социјалната околина врз здравствената состојба на човекот,
- соодветно понавање на структурата и функцијата на забите, устата, вилиците и останатите орални ткива и нивната релација со општата здравствена состојба и со физичката и социјална благосостојба на пациентот,
- соодветно познавање на методите за превенција, дијагноза и третман на аномалиите, болести на забите, на устата, вилиците и останатите орални ткива,
- методите на научноистражувачка работа,
- владеење на методите за пребарување и консултирање на стручна, домашна и странска литература,
- тековни технологии и достигнувања во современата стоматологија,
- иницирање, имплементирање и евалуација на научно-истражувачки проекти од областа на оралното здравје, заболувањата во орофацијалната регија и нивната поврзаност со општото здравје,
- примена на тимска работа и интердисциплинарен пристап во секојдневната пракса, се со цел унапредување и зачувување на оралното и општото здравје на секој поединец,
- собирање на податоци од рутинската пракса кои можат научно да се обработат, занаучно-истражувачка и педагошка работа.

## 7. Број и структура на запишани студенти од 2016 до 2019 год. согласно предвидените квоти

Запишувањето на кандидатите на студиската програма за втор циклус студии се врши врз основа на конкурс кој го објавува Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Право на упис имаат кандидатите со завршен Стоматолошки факултет.

Првата учебна година 2015-2016 год. запишани се вкупно 5 (пет) студенти. Четворица во првиот и еден во вториот уписен рок. Во наредните учебни години, заклучно со 2018-2019 год. уписот го прикажуваме табларно, а вкуниот број на запишани студенти кој го прикажуваме на табелат бр. 1 изнесува 68.

**Табела бр.1** Број на запишани студенти по учебни години

| **Академска година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2016/2017** | | **2017/2018** | | **2018/2019** | |
| **Прв рок** | **втор рок** | **Прв рок** | **втор рок** | **Прв рок** | **втор рок** |
| **32** | **6** | **12** | **9** | **6** | **3** |

Вкупен број на запишани студенти по академска година: 68

## 8. Оценување

## 9. Критериуми за оценување

Постдипломските програми се организираат како едногодишни - двосеместрални програми, во кои студентите можат да стекнат 60 ЕКТС кредити. По завршување, на студентите им се доделува документ наречен диплома и академска титула магистер со додавање на полето на студии.

Шемата на оценување се состои од пет степени со нумерички еквиваленти: 10 (одличен),9 (многу добар), 8 (добар), 7 (задоволително),6 (доволно) и 5 (недоволно). Минимална оценка за положување е 6 (доволно), при што нема средни оценки. За стекнување на кредити за секоја предметна програма студентите се стекнуваат со бодови преку проверките на знаењата и вештините.

Проверката, согласно со студиските програми и Болоњските правила, се организира на повеќе нивоа: во текот на семестарот со континуирани проверки и преку изработка на семинарски трудови, а во испитните сесии со полагање на завршни испити.

Континуираните проверки се одвиваат во точно предвидени (и објавени) термини за две колоквиумски недели во секој семестар. Термините за одржување на испитите во секој испитен рок се закажуваат на почетокот на семестарот и се објавуваат на огласна табла. Овој распоред е во согласност со Универзитетскиот календар кој ги содржи рамковните одредби за почетокот и крајот на студиската година, термините за одржување на наставата, испитните сесии како и државните и универзитетските празници. Распоредите за настава, колоквиумски недели и распоредот за испити се објавува на веб страната на Факултетот.

Проверките се одвиваат најчесто во вид на писмени тестови или усмени проверки (во зависност од природата на наставната содржина). Завршните испити се спроведуваат во три испитни сесии: зимска (февруарска), пролетна (јунска) и есенска (септемвриска). Во рамките на секоја сесија студентот избира еден од двата понудени испитни рока за секој предмет.

Начинот на изведување на завршниот испит е специфичен за секој предмет и обврзно се состои од проверка на вештините (преку практичен дел) и проверка на знаењата (преку усмен или писмен испит), а веќе е прифатена иницијативата усмениот испит да стане задолжителен дел од полагањето.

Во текот на студирањето потребниот број кредити за соодветната предметна програма, студентот ги остварува преку континуирано и завршно оценување. Преку континуираното оценување студентот стекнува бодови за секоја активност пропишана со соодветната програма. Предмет на оценување во рамките на предметната програма може да биде: посета на предавања; извршени консултации; успешно реализирани вежби; успешно реализирана практична работа; изработка на семинарска работа; самостојна/домашна работа; освоени награди, пофалници и други студентски активности. Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки којашто ја пропишува секоја наставна програма различно, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги континуираните проверки на знаењето (колоквиуми) и бодовите од секој дел од завршниот или комплетно завршниот испит.

Во еден семестар, по еден наставен предмет, може да постои еден или два колковиуми. Континуираните проверки на знаењето (колоквиумите) се вршат писмено, по пат на тестови, кои содржат различни комбинации од повеќе типови прашања: со повеќекратен избор на понудени одговори, отворен тип прашања (за дополнување) и куси есеи.

Предметната програма може да пропише полагање на завршен или комплетен завршен испит. Завршен или комплетен завршен испит се полага во определените испитни сесии по завршување на наставата во зимскиот, односно летниот семестар. Завршниот испит за соодветната програма е писмен, усмен или практичен, односно може да претставува нивна комбинација.

Од аспект на избор и оценување на академскиот кадар на Стоматолошкиот факултет, се спроведува позитивна кадровска политика, и затоа Одборот на акредитација од март 2016 година избра 24 акредитирани ментори за вториот циклус студии на Стоматолошкиот факултет.

Предвидените законски и подзаконски Критериуми на УКИМ за избор и напредување во звања секогаш се земаат предвид и почитувани се при спроведување на постапка за избор (унапредување) на кадарот, во зависност од звањето кое вработениот треба да го добие.

Држејќи се до законските обврски Факултетот секогаш стумулира и ги подржува активностите на академскиот кадар за негово напредување, со цел овозможување и напредок на постигнатите знаења и искуства.

Во таа смисла овозможува отсуства за време на посета на било какви форми на континуирана едукација, конгреси, семинари, стручни престои, работилници и сл. без разлика дали кадарот зема активно или пасивно учество, но поттикнати и поддржани се активните учества на меѓународните конгреси и семинари со пленарни предавања преку финанска помош потребна за реализација на престојот. Исто така Факултетот обезбедува финансиска помош за објавување на трудови во списанија со фактор на влијание и во меѓународни научни списанија, како и за пишување во стрчното списание на Факултетот Македонски стоматолошки преглед, кое веќе е референтно и се зема во педвид при исполнување на критриумите за избор на вработениот кадар.

Кога станува збор за соодносот помеѓу образованието и истражувањето на академскиот кадар мора да се напомене дека спроведувањето на научноистражувачката работа во услови во

периодот на самоевалуација и во иднина е тешко поради неколку причини: поради недостапноста на соодветни просторни услови и опрема, како и недостаток на материјални и финансиски средства за спроведување на сериозни научни истражувања.

## 10. Анализа на силни и слаби страни на студиската програма (SWOT анализа)

| ***Strengths: јаки страни*** | ***Weaknesses: слаби страни*** |
|---|---|
| -доволен број на наставно-научен кадар со високи квалификации и референци;<br>-голем број акредитирани ментори;<br>-организирана настава за предметните програми кои овозможуваат стекнување општи и стручни знаења од областа предметот на интерес;<br>-континуирано следење на работата на студентот преку консултации и дискусии и континуирано ангажирање на менторот во работата на студентот | -недоволен интерес на нови студенти поради немање бенефит од овој вид на студии бидејќи не се признаваат стекнатите 60 кредити во наредниот циклус на студии – третиот циклус докторски студии;<br>-недостаток на нагледни средства, недостаток на можности (просторни, финансиски) за организација на работилници,<br>-недостаток од средства заспроведувања на истражувања.<br>-недостаток на фондови и средства за учество и презентација на научнисобири,<br>-нема финансии од МОН за научно-истражувачки проекти,<br>-нема финансии од МОН за унапредување на научно-стражувачкиот кадар,<br>-недоволно финансии за вклучување на млад истражувачки кадар во европскитепроекти. |
| ***Opportunities: Можности*** | ***Threats: Закани*** |
| можност циклусот да се развива и усовршува за странски студенти кои потекнуваат од земји каде нема интегрирани тудии. | целосно исчезнување на циклусот поради воведување на студиска програма за прв циклус на студии која предвидува интегрирани студии како во земјите од Европска унија. |

Комисија за евалуација на студиската програма за втор циклус студии:

1. проф. д-р Силвана Георгиева – претседател с.р.,

   ________________________________

2. проф. д-р Златко Георгиев с.р.,

   ________________________________

3. доц. д-р Василка Ренџова с.р.,

   ________________________________

4. д-р Оливера Србиновска – студент с.р.,

   ________________________________

5. д-р Валдета Османи – студент с.р.,

   ________________________________

## 2.5.6. Самоевалуација на студиска програма од трет циклус на студии

### Опис и цели на студиската програма за трет циклус на студии

Студиската програма - докторски студии по стоматологија настана 2010 година како резултат на почетоците со работата на Школата за докторски студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј,, како резулат на желбата на дипломираните стоматолози да им се овоможи стекнување на современи зваења по пат на примена на методи и научни техники кои се применуваат во развиените универзитетски центри, а со цел да се создадат стручни лица кои ќе изградат успешни кариери и ќе придонесат за развој на своето работно опкружување. Иницијативата за стручно усовршување и научно градење на младите доктори до обрана на докторски дисертација по пат на менторски систем на Стоматолошкиот факултет – Скопје во состав на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј,, успешно датира уште од учебната 1976/77 година. Овој систем во континуитет постоеше до појавата на Школата за докторски студии на Универзитетот кога се напушти стариот модел на стекнување звање доктор на науки и се прифати една значајна реформа во високото образование по примерот на веќе докажаните и развиени со долга традиција европски универзитети согласно правилата на Европскиот кредит транфер систем. Школата за докторски студии во чиј состав функционира и студиската програма за докторски студии на Стоматолошкиот факултет е првенец во организација на ваков вид студии во државата и на Балканот воопшто и го отсликува интегративното функционирање на Универзитетот.

Современата Студиска програма за докторски студии по стоматологија тргнувајќи од својата првична верзија во 2010 , па потоа низ измените и дополнувањата вградени во 2014 година како постулат и основа, но и како цел која треба да ја постигне, во предвид пред се го зема:

- оспособување на студентот за критичко размислување и самостојно решавање на теоретски и практични проблеми во областа, реализација на научни проекти преку оспособување на кадар кој самостојно ќе води научноистражување, објавување на научно-истражувачки резултати во научни списанија и на научни собири,
- следење на современи научни и стручни достигнувања, усовршување на постоечките вештини развивање на нови технологии кои се базираат на научните истражувања и научните спознавања, како и нивното вградување во секојдневната клиничка пракса, придонес во развој и унапредување на научната дисциплина,
- Освежување и унапредување на кадровските потенцијали на Факултетот и на други академски, научни и стручни установи, пренесување на знаења на нови генерации и
- Унапредување на наставните програми и нивно услогласување со содржините од докторските студии во Европа и пошироко;

Наставно – образовен процес

Натавно-образовниот процес на третиот циклус ја опфаќа структурата на студиската прграма разработена преку 7-те потпрограми како и кадарот вклучен во реализација на наставата.

Структура на студиската програма

Студиската програма за трет циклус студии-докторски студии изградена е од три компоненти кои имаат одреден редослед. Имено, таа се состои од: Обука за истражување, Обука за едукација и Пријава, изработка и одбрана на докторската дисертација.

Глобално кажано структурата на докторските студии-III циклус студии по стоматологија е составена од:

- обука за истражување - основни (генерички) предмети предмети (12 ЕКТС) и учество на семинари, работилници, конгреси, пишување извештаи во текот на три години (18 ЕКТС).
- обука за едукација - предмети од подрачјето, предмети од полето на истражување, специфични предмети од потесната област организирани во модули (30 ЕКТС);
- пријава, изработка и одбрана на докторска дисертација - научноистражувачка активност (120 ЕКТС);

**Обука за истражување и едукација**

Обука за истражување

Обуката за истражување опфаќа 30 ЕКТС-кредити. Тука се вклучени три генерички предмети каде секој од нив има 4 ЕКТС-кредити. (3x4=12 ЕКТС-кредити), 2 годишни конференции по 2 ЕКТС-кредити (2x2=4 ЕКТС кредити), 3 семинари со јавна презентација од кои првиот 4 ЕКТС-кредити, а следните два по 2 ЕКТС-кредити ( 8 ЕКТС-кредити) и 2 работилници по 3 ЕКТС-кредити (2x3=6 ЕКТС-кредити).

Овде припаѓаат предметите Научноистражувачка етика и Методологија на научноистражувачка работа со примена и примери во областа на здравството и медицинските науки и уште еден предмет од понудената листа на други предмети од обуката за истражување, која по предлог на единицата- носител на студиската програма, ја потврдува Универзитетскиот стручен совет за докторски студии и ја објавува на веб страната на Универзитетот - Школа за докторски студии.

Овој предмет студентите самостојно го избираат од Универзитетската листа на слободни изборни предмети кои ги предлага единицата на Универзитетот. Сите изборни предмети (од Универзитетската листа и од соодветниот модул) во општата структура изнесуваат 10% од предметите. Стоматолошкиот факултет од Универзитетската листа го предлага предметот Биостатистика која настава ја изведува Катедрата за статистика на Медицинскиот факултет при УКИМ.

| | Обука за истражување | Број на кредити |
|---|---|---|
| 1. | 3 генерички предмети | **12** |
| | Научноситражувачка етика со примена и примери во подрачјето на медицинските науки | **4** |
| | Методологија на научноистражувачка работа со примена и примери во подрачјето (медицински науки и здравство) | **4** |
| | Изборен предмет од Универзитетската листа на изборни предмети | **4** |
| 2. | 3 годишни конференции со јавна презентација | **8** |
| | Годишна конференција во II семестар | **4** |
| | Годишна конференција во IV –ти семестар | **2** |
| | Годишна конференција во VI-ти семестар | **2** |
| 3. | 2 годишни семинари | **4** |
| | Годишен семинар во III –ти семестар | **2** |
| | Годишен семинар во V-ти семестар | **2** |
| 4. | 2 работилници | **6** |
| | Работилница во IV –ти семестар | **3** |
| | Работилница во VI –ти семестар | **3** |
| | | **Вкупно 30** |

Предметите од оваа група ја чинат мал број предмети (3 генерички предмети) кои се слушаат во текот на првиот семестар од првата година на студиите, а студентот е должен да запише 12 кредити од таа група. Основните предмети се насочени кон стекнување знаења кои ќе се применат во научноистражувачки цели. Нивната задача е да ги запознаат студентите со основите за научна работа и постапките во биомедицинските истражувања. Предметите кои припаѓаат на групата предмети од обуката за истражување со кои се стекнуваат генерички знаења претставуваат вовед во научноистражувачката работа. Тие опфаќаат предмети со кои кандидатот се насочува кон изведување научноистражувачка постапка, ги совладува статистичките темели на научноистражувачката работа и го учи користењето на библиографските ресурси. Дефинитивно ги совладува вештините на пишување научно дело.

Генеричките предмети ги организира и реализира Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", а ги реализира наставен кадар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

Докторските семинари, конференции и работилници од истражувачката практика изнесуваат 18 ЕКТС. Годишните конференции се организираат за секоја академска година и се реализираат со јавна презентација. Годишните семинари се вреднуваат по 2 кредити и се реализираат во облик на валоризација на кредити за пишан труд. Работилниците за истражувачката практика се организираат во рамките на студиската програма. Секоја работилница се вреднува со по 3 ЕКТС.

Обуката за едукација

Обуката за едукација опфаќа предмети од полето, подрачјето и потесната област на истражувањето, што изнесува 30 ЕКТС кредити. Во оваа група предмети припаѓаат задолжителни и изборни предмети. Задолжителните предмети се два и тие имаат по 10 ЕКТС-кредити (2x10=20 ЕКТС), и два изборни по 5 ЕКТС-кредити (2x5=10ЕКТС) од потесната област на истражување, вкупно 30 ЕКТС-кредити. Секој студент на докторски студии според сопствените афинитети и желби одбира модул (потпрограма) во која што понатаму научно ќе се надградува и од каде ќе поттикне идејата и изработката на докторската теза.

| | **Обука за едукација** | **Број на кредити** |
|---|---|---|
| 1. | 2 задолжителни предмети | **20** |
| | Прв задолжителен предмет од потесната област на истражување која студентот ја бира при упис на докторските студии од понудените модули - потпрограми | **10** |
| | Втор задолжителен предмет од потесната област која студентот ја бира при уписот на докторските студии од понудените модули - потпограми | **10** |
| 2. | 2 изборни предмети | **10** |
| | Прв изборен предмет | **5** |
| | Втор изборен предмет | **5** |
| | | **Вкупно 30** |

Пријава изработка и одбрана на докторска дисертација

Пријавата, изработката и одбраната на докторската дисертација опфаќа 120 ЕКТС-кредити. Во врска со пријава, изработка и одбрана на докторската дисертација постојат одредени активности кои се задолжителни за студентите на докторски студии и докторантите.

| | **Пријава, изработка и одбрана на докторска дисертација** | **Број на кредити** |
|---|---|---|
| 1. | Литература, консултации околу изборот на темата во I семестар | **3** |
| 2. | Истражување за подготовка на тема за докторска дисертацијаво II семестар | **11** |
| 3 | Истражување, подготвување и поднесување на пријавата за темата за докторска дисертација во III семестар | **28** |
| 4. | Истражување и објавување резултати во IV семестар | **25** |
| 5. | Истражување и објавување резултати во V семестар | **28** |
| 6. | Истражување и пишување на тезата во VI семестар | **25** |
| | | **Вкупно 120** |

Пријавување, изработка и одбрана на докторската дисертација е поврзана со одредени активности, кои се семестрално распоредени. Студентите на докторски студии задолжително треба да ги остваруваат во текот на семестрите, како основен предуслов за напредување низ студиите, но и заради законската регулатива која е поврзана со остварување одреден број кредити после кој може да се пријави докторска дисертација (42 ЕКТС од избраните предмети и 4 ЕКТС кредити од семинари и годишни конференции) или пак докторандот може да се стекне со право да ја предаде докторската дисертација по остварени 60 ЕКТС-кредити.

По остварени 42 ЕКТС-кредити и остварени 4ЕКТС-кредити од докторски семинар и годишна конференција, студентот преку советот на студиската програма до Наставно-научниот совет поднесува пријава за изработка на докторска дисертација.

Со пријавата за докторска дисертација, студентот поднесува и елаборат за темата за докторска дисертација. Елаборатот содржи:

- Наслов на темата
- Преглед на достигнувањата на научната дисциплина поврзани со предметот на истражување
- Предмет на истражување
- Нацрт на содржината
- Цели на истражувањето
- Образложени на работните хипотези и тези
- Научните методи кои ќе се применат
- Очекуван научен придонес
- Примена на резултатите од истражувањето
- Список на литературата и други извори

Прифатената тема претставува работен наслов на докторската дисертација.

Наставно-научниот совет на Факултетот, по предлог на Советот на студиската програма формира комисија за оцена на пријавената тема за изработка на докторската дисертација (во состав: три члена од кои најмалу два од областа на темата, менторот е прв член на комисијата), која е должна да изготви извештај за оцена на темата со предлог за прифаќање или неприфаќање на темата. Доколку Наставно-научниот совет по предлог на Советот на студиската програма ја прифати темата, таа се објавува во Билтенот на Универзитетот на македонски и англиски јазик и станува работен наслов на докторската дисертација, а од тој ден започнуваат да течат роковите за изработка и одбрана на докторската дисертација и студентот стекнува статус на докторанд.

Извештајот на комисијата за оцена на пријавената тема чија должина е од 5-10 страници, формат А4 со единечен проред содржи:

- име на кандидатот и работен наслов на темата
- образложение на темата со предмет на истражување, состојба на научното подрачје во кое се работи дисертацијата, очекуван научен придонес
- ако резултатите од истражувањето се практично применливи да се нагласи
- заклучок со предлог за прифаќање или неприфаќање на темата
- оригинални потписи на членовите на комисијата.

Изработка на докторската дисертација

Докторската дисертација е оригинален и самостоен научен труд. Нејзината содржина треба да е во согласност со прифатената тема. Конечниот наслов на дисертацијата не смее значително да остапува од работниот наслов. Се пишува на македонски јазик. Докторската дисертација може да се брани на соодветниот јазик со задолжителен превод на македонски јазик. Прилог на дисертацијата е наслов и резиме на еден од светските јазици во обем до две страници, односно авторезиме на македонски јазик.

Докторандот стекнува право да ја предаде докторската дисертација по остварени 60 кредити од обуката за стекнување генерички знаења и вештини за истражување и објавени најмалку 2 печатени труда во списиание со меѓународен уредувачки одбор или зборник на трудови на меѓународна научна асоцијација.

Со готовата докторска дисертација се доставува и согласност од менторот за исполнетост на условите за предавање на дисертацијата. Се доставува и извештајот дека дисертацијата не е плагијат.

Наставно-научниот совет на Факултетот, по предлог на Советот на студиската програма формира комисија за оцена на докторската дисертација, која е должна да изготви извештај за оцена на докторската дисертација. Извештајот на комисијата за оцена на докторска дисертација се објавува во билтенот на Универзитетот најмалку 15 дена пред да се гласа за негово усвојување. Комисијата за оцена на докторската дисертација е составена од 5 члена. Член на комисијата е и менторот кој не може да биде претседател.

Образец на извештај на комисија за оцена на докторска дисертација може да се најде на веб страната на УКИМ во делот нормативни акти.

Ако Наставно-научниот совет, по предлог на Советот на студиската програма го усвои извештајот со кој се предлага прифаќање на докторската дисертација, повторно според предлозите на Советот ќе формира комисија за одбрана на докторската дисертација.

Одбрана на докторската дисертација

Одбраната на докторската дисертација е јавна и се одржува најдоцна во рок од 1 месец од денот на прифаќање на извештајот од советот на студиската програма. Во средствата за јавно информирање се објавуваат името, презимето на докторандот, насловот на докторската дисертација, времето (денот и местото на одбрана најдоцна 7 дена пред денот утврден за одбрана). Одбраната е јавна.

За текот на одбраната се води записник.

Комисијата за одбрана на докторската дисертација формирана од Наставно-научниот осввет на Факултетот е составена од 5 члена од кои 4 се од соодветната научна област и еден надворешен член кои имаат звање редовен или вонреден професор. Надворешниот член е лице кое не е вработено на Универзитетот.

До 2014 година студиската програма за трет цилус на студии- докторски студии по стоматологија беше организирана во 4 модули. Со рекредитацијата во 2014 година бројот на модулите се зголеми на 7.

Истиот број на модули остана и во реакредитација на програмата во 2018 година:

Модул А – Стоматолошка протетика

Модул Б – Детска и превентивна стоматологија

Модул В – Дентална патологија

Модул Г – Ортодонција

Модул Д – Орална хирургија

Модул Ѓ – Максилофацијална хирургија

Модул Е - Орална патологија и пародонтологија

Во учебната 2016/17 година се запишаа вкупно 9 студенти на сите модули, додека 2017/2018 нема запишани кандидати поради тоа што програмата не беше акредитирана.Во 2018/19 на сите седум модули на студиската програма за трет циклус на студии, на два распишани конкурса, се запишаа 14 студенти докторанди во првиот уписен рок, а во вториот уште десет. На модулот А (Стоматолошка протетика) вкупно 6 студенти, на модулот В (Дентална патологија) 1 студент, на модулот Е (Орална патологија и пародонтологија) вкупно 10, на модулот Ѓ (Максилофацијална хирургија) и на модулот Б (Детска и превентивна стоматологија) вкупно 4 студенти.

Наставен кадар

Наставниците се одговорни за изведување на предвидената настава во обуката за едукација и истражување. Во неа беше вклучен кадар од единицата организатор на студиската програма на Универзитетот, од други факултети или институти на Универзитетот или од други Универзитети.

Наставата на студиската програма по стоматологија за докторски студии- III циклус студии се изведува на македонски јазик.

Задолжителните предмети како дел од наставата на третит циклус на студии беа рамномерно рспределени помеѓу наставниот кадар од соодветната област, аналогно на потпрограмата на која припаѓаат кандидатите. Изборните предмеи кои се избор на кандидатите беа ораганизирани и реализирани од предметите наставници кои фигурираат во елаборатот на студиската програма. Вообичаено заради малиот број на суденти настава беше од менторски тип.

Наставата на докторските студии беше организирана во два облика:

- Групна настава, која е основен облик на докторските студии може да се држи по сите премети ( со 5 и повеќе од 5 студенти);
- Поединечна настава (менторска) која се одржува во вид на консултации ( со најмалку 2, а најмногу 5 студенти). Во реализација на наставата беа вклучени актуелните наставници од Стоматолошкиот факултет освен за генеричките предмети кои се во организација на Школата за докторски студии.

Генеричките предмети беа организирани и реализирани од Школата за докторски студии. Студентите на овие предмети контактираа, следеа настава и полагаа според однапред утврден распоред објавен на веб страната на УКИМ.

Во тековниот период на студиската програма беа акредитирани над 20 ментори, така секоја академска година започнуваше со голем број потенцијални ментори од кои кандидатот можеше да направи избор во сите области според фраскатиевата класификација.

Во изминатиот период освен што беа ангаѓирани од Стоматолошкиот факултет поедини кандидати направија избор за ментори од други факултети сродни на Стоматолошкиот од областа на медицинските науки. Исто така беа ангажирани наставници од Медицинскиот факултет како предавачи и реализатори на работилниците кои се предвидени за студентите во четврти и шести семестар како задолжителна активност за која добиваат 4 ЕКТС кредити.

Мислење за поврзаноста на наставно-образовната и научноистражувачката дејност

Наставно-образовната дејност на третиот циклус на студии е база за студентите од едукативен и научножистражувачки аспект. Преку генеричките знаења студентите се здобиваат со вештини и можности со кои подоцна се вклучуваа во научноситражувачката работа. Преку наставата која е организирана во областа на истражување студентите се здовиваа со стручни искуства кои потоа ги користеа како основа за довивање и развивање идеи во идното научноситражуваќко дело. Првите чекори стидентите во третиот циклус ги прават во научноситражувачки цели преку изработка на семинарски работи, преку организираните семинари и годишни конференции. Резултатите од нивната истражувачка работа ги објавуваат во првите пишани трудови на годишните конференции кои потоа се оценувани и рецензирани од комисии. Со пријавата на докторската дисертација докторандот се смета дека веќе е доволно едуциран во областа која е предмет на неговото истражување продолжува со одредена динамика да работи на полето кое е негов избор. Заради тешкотиите кои произлегуваат од недостаток на лабораториски истражувалки центри во нашата установа докторандите се упатуваат да ги користат ресурсите на другите Факултети на УКИМ, па дури и пошироко надвор од неговите рамки и надвор од нашата земја посебно кога станува за странските студенти.

Квалитет и унапредување на наставниот кадар на третиот циклус

Императив на кадарот ангажиран во реализаија на наставата во третиот циклус е да се задржи сегашниот квалитет, да се надминат неговите недостатоци и да се продолжи со унапредување на квалитетот на наставата и преносот на стручни и научни знаења на идните кадри и помлади колеги. За таа цел наставниците и соработниците своите знаења перманентно ги прошируваат своите знаења, во континуитет ги следат светските трендови и ги посетуваат референтните инстиусции надвор од нашата земја со цел да направат споредба на квалитетот, но и да прмнат нови методи и технилки во интерес на здравството, науката и образованието. Голем стумул на кадарот се спроведените анкети во кои што студентите имаат можност да ги истакнат добрите и лошите страни на предавачите, да дадат свои сугестии и коментари кои се со цел да се надминат недостатоците и да се подобри квалитетот на едукативниот процес во инетрес на науката.

Недостаток е малиот одзив на анктирани студенти и покрај залагањата на стручната служба кои ја гарантираат анонимноста и на кои се дадени сугестии како да се постапи при спроведување на анкетата. Според добиените податоци од последното анкетирање сите евалуирани професори беа оценети со висока оценка и беа пофалени како извонредни предавачи и добри соработници.

Анализа на силни и слаби страни на студиската програма (SWOT анализа)

| **Strengths: јаки страни** | **Weaknesses: слаби страни** |
|---|---|
| -доволен број на наставно-научен кадар со | - нема база за реализација на истражувачкиот |

| | |
|---|---|
| високи квалификации и референци;<br>- голем број акредитирани ментори;<br>- интерес на странски студенти за докторските студии на Факултетот;<br>- организирана настава за програмите со над 5 кандидати;<br>-менторки облик на настава;<br>-транспарентност во следење на научноистажувачката работа на докторантите,<br>-апорбирање на генерички знаења имплементирани во полето на истражување;<br>-апсорбирање на стручни знаења од областа на едукација;<br>-континуитет во студирањето и запазување на роковите за завршување на студиите;<br>-соработка со стручни и научни кадри надвор од земјата; | процес;<br>- недостаток на нагледни средства,<br>- недостаток на информативен материјал за студентите, менторите и наставниците;<br>- недоволна координација и синхорнизираност од страна на Школата за докторски студии;<br>-недостаток на можности (просторни, кадровски, финансиски) за организација на работилници. |
| **Opportunities: Можности** | **Threats: Закани** |
| -интеруниерзитетска соработка преку мобилност на студентите ,<br>-учества на семинари, собири, конгреси,<br>-учество во научно-истражувачки проекти, клинички студии,<br>-поттикнување на вештините за научноистражувачка и стручна работа<br>-можност за соработка со стручни и научни кадри надвор од земјата<br><br>-можност за соработка помеѓу универзитети преку мобилност на студентите<br><br>-учество во научно-истражувачки проекти, клинички студии, | - |

Евалуација на студиската програма за трет циклус студии ќе ја врши комисија во следниот состав:

1. проф. д-р Марија Стевановиќ - претседател,

_______________________________

2. проф. д-р Даница Поповиќ Моневска,

_______________________________

3. проф. д-р Борис Величковски,

_______________________________

4. д-р Ирена Гавриловиќ – студент,

_______________________________

5. д-р Марија Манева Ристовска– студент.

_______________________________

### 2.5.7.Извештај за самоевалуација на програмата за специјализација на Стоматолошки факултет - Скопје при УКИМ за период 2016-2019

Здравствените специјализации од областа на стоматологија се изведуваа според програмите пропишани во Правилник за специјализациите и субспецијализациите на здравствените работници и здравствени соработници со високо образование (Службен весник на Р.М. бр. 137/2012), а сметано од февруари 2019 запонува да важи Правилник за специјализациите и субспецијализациите на здравствените работници од областа на стоматологијата и фармацијата и на здравствените соработници со високо образование објавен во Службен весник на Република Македонија, број 137/12, 121/13 и 28/19 (број 28 од 5 февруари 2019 год)

1. **Опис на студиската програма**

Студиската програма на специјализации од областа на стоматологијата се изведува на Стоматолошкиот факултет при УКИМ и Универзитетскиот стоматолошки клинички центар " Св. Пантелејмон" во Скопје, според план и програм поделен временски и структурно во 3 дела:

- заеднички програм во траење од 1 месец (важи за сите специјализации од областа на стоматологијата)
- основен програм - времетраење според програмата од соодветната специјализација (Табела 1)
- изборни специјалности - времетраење според програмата од соодветната специјализација (Табела 1)

Специјализациите од областа на стоматологијата започнуваат со Општи гледишта на специјализацијата (заеднички програм)кој содржи теоретска настава од областите : научно истражувачка работа, донесување на клиничка одлука, комуникациски вештини, јавно здравство, способност на стекнување и пренесување на знаење, етика и прописи, и промоција наздравјето и странски јазик (англиски, германски, француски, шпански и италијански). Теоретската настава од заедничкиот програм се изведува во високообраовната установа (Стоматолошки факултет при УКИМ) во траење од 1 месец, и завршува со проверка на стекнатите знаења и вештини преку полагање на колоквиум кај главниот ментор.

Специјализацијата продолжува со турнус од матичната основна специјализација, односно со специјалистичка теоретска настава чија содржина ги следи најновите промени во стоматолошката наука и струка, и е определена со програмата за соодветната специјализација пооделно.Основен програм за специјализација содржи теоретска настава во траење од 6 месеци која се изведува во високообразовната установа (Стоматолошки факултет при УКИМ) и практична настава во времетраење според програмата од соодветната специјализација (Табела 1). По завршување на специјалистичката теоретска настава, специјализантот полага влезен колоквиум пред менторот за да може да започне со стаж.

По полагањето на влезниот колоквиум специјализантот започнува со предвидените екстерни турнуси од Изборни специјалности во времетраење според програмата од соодветната специјализација (Табела 1). По завршување на секој од предвидените екстерни турнуси специјализантот полага колоквиум од изборната специјалност, најдоцна еден месец по завршување на турнусот, и не може да запише следен турнус доколку не го положил колоквиумот од претходниот.

Специјализантот го продолжува базичниот турнус, чиј крај е предвиден за подготовка на семинарска работа од областа на специјализацијата на која специјализантот е запишан. По завршување на целокупниот стаж, полагање на предвидените колоквиуми и изготвување на семинарската работа специјализантот полага предиспитен завршен колоквиум. По полагањето

на предиспитниот завршен колоквиум специјализантот полага специјалистички испит. Главниот ментор потврдува дека специјализацијата е завршена , кога ќе ги провери времетраењто на специјализацијата, стекнатото теоретско знаење и добиените бодови од практичното знаење, како и успешно завршените предвидени колоквиуми.

## 1 Година на започнување на специјализацијата 2016

## 2 Цели на специјализацијата

Главната цел на програмот за специјализација е едукација на докторите по стоматаологија, при која специјализантот ќе стекне теоретски и практични знаења од обласста на избраната специјализација за самостојно лекување на пациентите кои имаат потреба од специјалистички третман.

## 3 4., 5, 6 Број на задолжителни турнуси

прикажани во Табела 1

**Табела 1.** Програма на специјалистичките и субспецијалистичките гранки од обласста на стоматологија

**Специјализации**

| **1.** | **<u>Детска стоматологија</u>** | **<u>36 месеци</u>** |
|---|---|---|
| | – *Општи гледишта на специјализацијата* | *1 месец* |
| | – *Теоретска специјалистичка настава* | *6 месеци* |
| | – *Ортодонција* | *2 месеци* |
| | – *Орална хирургија* | *2 месеци* |
| | – *Инфектологија* | *1 месец* |
| | – *Педијатрија* | *2 месеци* |
| | – *Пародонтологија со орална патологија* | *1 месец* |
| | – *Пародонтологија со орална патологија* | *1 месец* |
| | – *Фиксна и мобилна протетика* | *1 месец* |
| | – *Детска стоматологија* | *20 месеци* |

| **2.** | **<u>Максилофацијална хирургија</u>** | **<u>48 meseci</u>** |
|---|---|---|
| | - *општи гледишта на специјализација* | *1 месец* |
| | - *теоретска специјалистичка настава* | *6 месеци* |
| | - *општа хирургија* | *12 месеци* |

| | | |
|---|---|---|
| | – *пластична хирургија* | *4 месеци* |
| | – *оториноларингологија* | *2 месеци* |
| | – *онкологија* | *2 месеци* |
| | – *ортодонциија* | *2 месеци* |
| | – *рендгенологија* | *1 месец* |
| | - *трансфузиологија* | *1 месец* |
| | - *орална хирургија* | *4 месеци* |
| | - *максилофацијална хирургија* | *13 месеци* |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **<u>Орална хирургија</u>** | **<u>36 месеци</u>** |
| | – *општи гледишта на специјализацијата* | *1 месец* |
| | – *теоретска специјалистичка настава (Орална хирургија 1)* | *6 месеци* |
| | – *максилофацијална хирургија* | *9 месеци* |
| | – *пластична и реконструктивна хирургија* | *1 месец* |
| | – *оториноларонгологија* | *1 месец* |
| | – *анестезија, реанимација и интензивна терапија* | *1 месец* |
| | – *онкологија* | *15 дена* |
| | – *радиологија* | *15 дена* |
| | - *ортодонција* | *15 дена* |
| | - *болести на уста и пародонтот* | *1 месец* |
| | - *стоматолошка протетика* | *15 дена* |
| | - *ургентна медицина* | *1 месец* |
| | - *орална хирургија 2* | *13 месеци* |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | **<u>Ортодонција</u>** | **<u>36 месеци</u>** |
| | – *Општи гледишта на специјализацијата* | *1 месец* |
| | – *Теоретска специјалистичка настава* | *6 месеци* |
| | – *болести на уста и пародонтот* | *2 месеци* |
| | – *детска и превентивна стоматологија* | *2 месеци* |

| | | |
|---|---|---|
| | – *орална хирургија* | *1 месец* |
| | – *максилофацијална хирургија* | *1 месец* |
| | – *стоматолошка протетика со гнатологија* | *1 месец* |
| | - *специјална радиологија* | *1 месец* |
| | – *епидемиологија со биостатистика* | *1 месец* |
| | – *ортодонција* | *20 месеци* |

| | | |
|---|---|---|
| **5.** | **<u>Стоматолошка протетика</u>** | **<u>36 месеци</u>** |
| | – *Општи гледишта на специјализацијата* | *1 месец* |
| | – *Теоретска специјалистичка настава* | *5 месеци* |
| | – *Орална и максилофацијална хирургија* | *1 месец* |
| | – *Пародонтологија* | *1 месец* |
| | – *Ендодонција со реставративна стоматологија* | *1 месец* |
| | – *Ортодонција* | *1 месец* |
| | – *Фиксна протетика* | *13 месеци* |
| | – *Мобилна протетика* | *13 месеци* |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | **<u>Ендодонција и реставративна стоматологија</u>** | **<u>36 месеци</u>** |
| | *– Општи гледишта на специјализацијата* | *1 месец* |
| | *– Теоретска специјалистичка настава* | *6 месеци* |
| | *– Орална хирургија* | *1 месец* |
| | *– Пародонтологија* | *1 месец* |
| | *– Интерна медицина* | *1 месец* |
| | *– Ендоднција и реставративна стоматологија* | *26 месеци* |

| | | |
|---|---|---|
| *7.* | **<u>Пародонтологија</u>** | **<u>36 месеци</u>** |
| | *- општи гледишта на специјализацијата* | *1 месец* |

| | | |
|---|---|---|
| | *- теоретска специјалистичка настава* | *6 месеци* |
| | *-орална медицина* | *3 месеци* |
| | *- орална хирургија* | *3 месеци* |
| | *-ендодонција и реставративна стоматологија* | *1 месец* |
| | *- стоматолошка протетика* | *1 месец* |
| | *- ортодонција* | *1 месец* |
| | *- пародонтологија* | *20 месеци* |

| | | |
|---|---|---|
| **8.** | **Орална медицина** | **36 месеци** |
| | – *општи гледишта на специјализацијата* | *1 месец* |
| | – *теоретска специјалистичка настава* | *6 месеци* |
| | – *интерна медицина* | *1 месец* |
| | – *клиничка имунологија* | *1 месец* |
| | – *дерматологија* | *1 месец* |
| | – *инфектологија* | *1 месец* |
| | – *клиничка психологија и психијатрија* | *1 месец* |
| | – *микробиологија* | *1 месец* |
| | – *општа патологија и цитологија* | *1 месец* |
| | – *пародонтологија* | *2 месеци* |
| | – *орална хирургија* | *1 месец* |
| | – *максилофацијална хирургија* | *1 месец* |
| | – *орална медицина* | *18 месеци* |

| | | |
|---|---|---|
| **9.** | **Примарна стоматолошка здравствена заштита** | ***24 месеци*** |
| | – *Општи гледишта на специјализацијата* | *1 месец* |
| | – *Теоретска специјалистичка настава* | *3 месеци* |
| | – *пародонтологија* | *2 месеци* |
| | – *орална патологија* | *2 месеци* |
| | – *фокална инфекција* | *1 месец* |

| | | |
|---|---|---|
| | – *орална хирургија* | *3 месеци* |
| | – *патологија и терапија на кариес, одонтогени инфекции* | *3 месеци* |
| | – *терапија на кариес и компликации на кариес кај млечни и млади трајни заби, трауматски повреди на забите* | *3 месеци* |
| | – *планирање, изработка на тотални и парцијални протези, напаствија за нивно користење* | *2 месеци* |
| | – *планирање, изработка на коронки и мостови* | *2 месеци* |
| | – *интерцептивни ортодонски интервенции* | *1 месец* |
| | – *примарни превентивни мерки за одржување на оралното здравје* | *1 месец* |

**Субспецијализации**

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **<u>Орална имплантологија</u>** | **<u>24 месеци</u>** |
| | – *базична теорија* | *3 месеци* |
| | – *хируршки технологии* | *12 месеци* |
| | – *Пародонтологија* | *3 месеци* |
| | – *Стоматолошка протетика* | *6 месеци* |

| | | |
|---|---|---|
| *2.* | ***Протетика во детска возраст*** | *12 месеци* |
| | – *Базична теорија* | *2 месеци* |
| | – *Детска стоматологија* | *4 месеци* |
| | – *Стоматолошка протетика* | *4 месец* |
| | – *ортодонција* | *1 месец* |
| | – *орална хирургија* | *1 месец* |

| | | |
|---|---|---|
| *3.* | ***Реконструктивна вилично-лицева протетика*** | *12 месеци* |
| | – *базична теорија* | *2 месеци* |
| | – *орална хирургија* | *1 месец* |
| | – *ортодонција* | *2 месеци* |
| | – *максилофацијална хирургија* | *3 месеци* |
| | – *стоматолошка протетика* | *4 месеци* |

## 7. Број на запишани специјализанти

**Табела 2.**Број на запишани специјализанти, ментори и коментори

| специјализација | Специјализант кандидат | Ангажиран ментор | коментор |
|---|---|---|---|
| Максилофацијална хирургија | 5 | 2 | нема |
| Ортодонција | 18 | 5 | 7 |
| Орална хирургија | 14 | 3 | 5 |
| Стоматолошка протетика | 12 | 6 | 6 |
| Детска и превентивна стоматологија | 11 | 4 | 0 |
| Ендодонција и реставративна стоматологија | 6 | 3 | 0 |
| Пародонтологија | 6 | 4 | 5 |
| Орална медицина | 1 | 1 | 0 |
| Примарна стоматолошка здравствена заштита | 2 | 2 | 2 |
| субспецијалности | | | |
| Орална имплантологија | / | / | / |
| Протетика во детска возраст | / | / | / |
| Реконструктивн вилично-лицева протетика | / | / | / |
| **ВКУПНО** | **75** | **31** | **25** |

**Табела 2*.**Број на запишани специјализанти, ментори и коментори

| специјализација | Специјализант кандидат | Ангажиран ментор | забелешка | коментор | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| Максилофацијална хирургија | 5 | 2 | (1 ментор со 1 специјализант; **1 ментор со 4 кандидати**) | нема | |
| Ортодонција | 18 | 5 | (4 ментора со 3 кандидати; **1 ментор со 6 кандидати** | 7 | (3 ком. со 1 кандидат: 3 ком. со 2 кандиати и **1 коментор со 4 кандидати** |
| Орална хирургија | 14 | 3 | (**1 м – 6 канд. 1 м – 5 канд**, 1 м – 3 канд | 5 | 2 ком-2канд 1 ком-1 канд 1 ком-3 канд **1 ком-6 канд** |
| Стоматолошка протетика | 12 | 6 | 3 ментори со 3 кандидати 3 м со 1 канд | 6 | 4 ком-1 канд 1 ком-2 канд 1 ком-3 канд |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Детска и превентивна стоматологија | 11 | 4 | 3 ментори со 3 кандидати<br>1 м со 2 канд | 0 | / |
| Ендодонција и реставративна стоматологија | 6 | 3 | 3 ментори со 2 кандидати | 0 | / |
| Пародонтологија | 6 | 4 | 2 ментори со 2 кандидати<br>2 м со 1 канд | 5 | 4 ком-1 канд<br>1 ком-2 канд |
| Орална медицина | 1 | 1 | 1 ментор со 1 кандидат | 0 | / |
| Примарна стоматолошка здравствена заштита | 2 | 2 | 2 ментори со 1 кандидат | 2 | 2 ком-1 канд |
| субспецијалности | | | | | |
| Орална имплантологија | / | / | | / | |
| Протетика во детска возраст | / | / | | / | |
| Реконструктивн вилично-лицева протетика | / | / | | / | |
| **ВКУПНО** | **75** | **31** | | **25** | |

**Табела 3**

**Премини**

| **специјализација** | **Кандидат запишан на специјализација** | **специајализација** | **Кандидат преминал на специјализација** |
|---|---|---|---|
| Ендодонција | 1 | Орална хирургија | 1 |
| Ендодонција | 2 | Ортодонција | 2 |
| **Вкупно** | **3** | | |
| Протетика | 1 | Орална хирургија | 1 |
| протетика | 2 | Ортодонција | 2 |
| **Вкупно** | **3** | | |
| Орална медицина | 1 | Орална хирургија | 1 |
| **вкупно** | **1** | | |
| пародонтологија | 1 | Ортодонција | 1 |
| пародонтологија | 1 | Орална хирургија | 1 |
| пародонтологија | 1 | Детска и превентивна стоматологија | 1 |
| **вкупно** | **3** | | |

## 7. Оценување

На крајот на специјализацијата мора да постои завршен испит кој се полага пред комисија од универзитетски наставници специјалисти од соодветната специјалност. Специјализантот може да пристапи кон испитот откако успешно ги положил сите колоквиуми и откако клиничката работа му е оценета како знанствена и способна. Дел од завршниот испит и презентација на документирани резултати до 10 завршени случаи, од пациенти со различни болести (аномалии) и тераписки постапки, кои ги започнал и завршил специјализантот. Специјализантот мора да биде способен да одговара на прашања од било кој сегмент на специјалноста.Специјализацијата завршува со полагање на специјалистички испит.

### Начин на полагање на специјалистички испит

По спроведување на сите постапки и интервенции содржани во планот и програмата за специјализација, а пред полагање на специјалистичкиот испит специјализантот полага предиспите завршен колоквиум кој претставува услов за полагање на специјалистичкиот испит. За полагање на предиспитниот завршен колоквиум специјализантот треба:

- да има уредно пополнета книшка за специјализација со уредно завршени и заверени делови од стажот на специјализацијата (турнуси)
- да има уредно пополнета книшка за евиденција на интервенции и постапки
- да ги има положено сите колоквиуми
- да има писмена согласност дадена од менторот
- да има објавено најмалку еден научен труд во меѓународно списание кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат најмалку пет земји, при што бројот на членовите од една земја не моѓе да преминува 40% од вкупниот број на членови, кое се издава најмалку пет години непрекинато и има најмалку десет изданија во последните пет години

Специјалистичкиот испит специјализантот го полага најдоцна шест месеци од денот на завршување на стажот на специјализацијата.

## 8. Критериуми за оценувње
## Процена на знаењето и вештините

Секој специјализант има свој специјализантски лист (книшка) во кој ги впишува сите постапки и први асистенции, како и своите теоретски, педагошки и практични обуки.

### Етапно проверување на знаењето

Сите образовни курсеви (турнуси) мора да се завршат со проверка на стекнатото потребно знаење на специјализантот во облик на колоквиум, писмени проверки, презентирање на пациенти или семинари. Проверка на знаење вршат водителот на образовната програма. Во текот на специјализацијата се одржуваат испити (усмени колоквиуми) од одредени области по однапред утврден редослед. Специјализантот може да пристапи на следниот колоквиум по положениот претходен.

На крајот на секоја академска година, на секој специјализант му се проценува клиничката дејност.

На крајот на секоја академска година, специјализантот мора да добие преодна оцена од секој колоквиум, како и позитивна оценка за клиничката работа како би можел да продолжи со специјализацијата. Колоквиумот може да се полага два пати, а доколку специјализантот не задоволува во клиничката работа може да му се пропише дополнително време за работа (можно е само во првата година).

Специјализантите мора во текот на специјализацијата да изведат научен проект (клинички или експериментален) и истиот да го презентираат во писмена форма како предавање.

**Каталог на задолжителни интервенции**

Специјализантот при завршување на специјализацијата мора самостојно да ги изведе сите фази од специјалистичкиот третман кај онолку пациенти колку се предвидени со програмата од соодветната специјализација.

**Специјалистички испит**

Составен е од проверка на теоретското знаење и практичните вештини. Се изведува во два меѓусебно поврзани дела, пред полагање на специјалистичкиот испит специјализантот полага предиспитен завршен колоквиум кој претставува писмен показател на знаењето и услов за полагање на специјалистичкиот испит. Специјалистичкиот испит е составен од **усмен испит** од дијагностика и планирање на третман **со претставување на документација од 10 пациенти**, кои специјализантот ги лекувал во целост, примерите мора да прикажуваат различни аномалии и да ја покажат практичната вештина.

| Strengths: јаки страни | Weaknesses: слаби страни: |
|---|---|
| -организирана настава за стекнување знаења и вештини од специјалистичката област со што специјализантот се стекнува со базични знаења и практичната вештина<br>- континуирано следење на работата на специјализантот преку континуирана проверка на знаења (полагање колоквиум по завршување на секој турнус и проверка на знаења на базичен турнус)<br>- континуирано ангажирање на менторот во работата на специјализантот (теоретска и практична), | - иако има голем број едукатори, критериумот 5 годишно специјалистичко искуство не е доволен за едукација на специјализантот според зададените цели во програмата за специјализациаја (едукатор кој нема документирано активно учество на стручни и стручно-научни собири, доказ за објавен труд во часопис со меѓународен уредувачки одбор, и/или стручно усовршување)<br>- недоволно интерес за одредени специјализации или субспецијализации<br>- голем број на трансвери префрлувања од една на друга специјализација, |
| Можности | Закани |
| -Зајакнување на капацитетите за спроведување на специјализациите со нова опрема и материјали | -недоволен број на пациенти за спроведување на предвидени интеревенции и постапки предвидени со програмите |

## 2.5.8Начин на кој се реализира студентската пракса

На студиски програми од прв циклус за доктори по дентална медицина со 10 и 12 семетри чиј организатор е Стоматолошкиот факултет  Скопје е предвидена летна феријална пракса за студенти која се обавува на Клиниката за стоматолошка протетика и Клиниката за болести на заби и ендодонт во состав на ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон” – Скопје како наставна база на Факултетот.

Студентската пракса се обавува во времетраење од еден месец под менторство на наставници од соодветните Катедри и е обврзна за понатамошно напредување на студентот, односно за запишување на 9 семестар.

Студентската пракса се спроведува надвор од практичната настава предвидена со студиските програми и е дополнителен ангажман за студентите потребен за стручно усовршување на вештините кои треба да се стекнат за вршење на работата за која студираат.

Сепак мора да се нагласи дека квалитетот на практичната работа е намален поради недоволно сретства за редовно сервисирање и обнова на апаратурата и стоматолошките работни единици, како и за набавка на потрошниот материјал. Законски непрецизно регулираните имотно правни односи помеѓу факултетот и клиниката дополнително ги отежнуваат условите за работа на наставниот кадар и студентите.Имено според одлуката на Владата од учебната 2010/11 година намален е износот на средствата за партиципирање и кофинансирање на студиите општо на сите факултети, па и на нашиот. Висината на партиципацијата што треба да ја плаќаат студентите од државната квота согласно Одлуката изнесува 200 евра, а за кофинансирање на студиите 400 евра во денарска противвредност, што навистина е незамисливо за покривање на трошоците за едукација на еден студент по стоматологија. Ова посебно од причина што општо познато е дека стоматологијата е скапа професија и во светот,  па и кај нас, Сегашната состојба не би можела да се толерира во иднина, затоа што нашата единствена цел е создавање квалитетни кадри, а не добивање дипломи без никакво практично искуство.

Од изнесеното погоре може да се види и дека државата воопшто не издвојувасредства за изведување на наставата, ниту пак се грижи за подобрување на квалитетоти достигнување на европските стандарди кои, кога се зборува за регулиранитепрофесии, каде трошоците за студирање се исклучително високи. Во тој правец потребно е, на секаков начин, да се прикажат овие податоцидо релевантните институции на државата и да се укаже на потребата зашто поголемо учество надржавата за обезбедување материјални и просторни услови за изведување наедукацијата, како една од регулираните професии во ЕУ.

## 2.5.9 .Основна литература

Основна литература е наведена во проектите за студиските програми, кои се објавени на веб страната на Стоматолошкиот факултет во делот за секој наставен предмет.  По својата содржина и обем соодветствува на наставната програма и наставниот материјал кој се изучува низ теоретската и практичната настава. Најголем дел од основната литература е изготвен од академскиот кадар на факултетот, кој е одговорен за соодветниот предмет. Податоците за целосната препорачана стручна литература се ажурираат со најновите изданија на почетокот на секој семестар.

## 2.6.Наставно-научен и соработнички кадар

На Стоматолошкиот факултет во Скопје бројот на академскиот кадар го сочинуваат 82 лица, од кои 47 избрани во наставно-научни звања, 17 лица во научни звања, 18 во соработници (асистенти и помлади асистенти). Во наставата на студиската програма за доктори по дентална медицина, согласно со потребите на Катедрите, секој семестар се вклучуваат стручњаци од практиката чиј ангажман е одобрен од Наставно-научниот совет на Факултетот и Ректорската управа на Универзитетот.

Целокупниот наставно-научен и соработнички кадар на Факултетот не е вработен со полно работно време, туку со одреден процент (12,5% до 40%), а остатокот од работното време до 40 часовна работна недела кадарот го остварува во наставните бази на Факултетот ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон" – Скопје и Клиника за максилофацијална хирургија – Скопје.

Од табелата очигледно е дека помошно-наставниот кадар т.е. соработниците (помлади асистенти и асистенти ) на Факултетот е малку застапен, иако број на часови за практичната настава која се обавуваат на студиските програми на Факултетот се големи. Поради ваквата кадровска структура целиот наставно-научен кадар е активно вклучен во реализација на практичната настава. Може да се констатира потреба од нови вработувања на млад соработнички кадар. Соработничкиот кадар со кој сега располага Факултетот е сосема извесно дека во текот на 2020 година ќе биде дополнително намален поради неисполнетост на услови за избор во наставнички звања согласно позитивните законски прописи.

**Табела 2.6-1** Број на наставен и помошнонаставен кадар вработен на стоматолошкиот факултет со делумно работно време

| Наставно-научни звања | | | Научни звања | | Соработнички звања | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Редовен професор | Вонреден професор | доцент | Научен соработник | Виш Научен соработник | Асистент со докторат | асистент | Помлад асистент |
| 28 | 18 | 1 | 14 | 3 | 3 | 11 | 4 |

### 2.6.1.Структура и број на ангажирани кадри од практиката

За реализација на праксата во додипломските студии, главно за студентите по дентална медицина се вклучени и надворешни стручњаци од практиката - едукатори кои се специјалисти од одредени гранки на стоматологијата, кои се вработени со полно работно време на ЈЗУ стоматолошки клинички центар. Стручљаците од практиката се ангажираат со согласност од Наставно-научниот совет и ректорската управа на Универзитетот по барање на Катедрата за стоматолошка протетика, Катедрата за ортодонција и Катедрата за болести на заби и ендодонт. Ангажманот се одобрува секој семестар во учебната година поединечно. Во учебната 2016/2017 и зимскиот семестар од 2017/2018 беа ангажирани стручњаци од практиката само од Катедрата за болести на заби и ендодонт. Вкупно 7 стручњаци од практиката се ангажирани во летниот семестар 2017/2018 и учебната 2018/2019.

### 2.6.2. Соодносот на бројот на студентите со број на наставниците на студиската програма

**Табела 1.** Сооднос на просечен број на студенти во учебна година со бројот на наставници на секоја студиска програма од додипломските студии

| Студиска програма | Студенти | | | Наставно-научен и научен и соработнички кадар | Број на студенти по наставник | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019 | | 2016/2017 | 2017/2018 | 2018/2019 |
| Дентална медицина | 284 | 298 | 165 | 82 | | | |
| Стручни забни техничари | 63 | 85 | 75 | 82 | | | |
| Стручни стоматолошки сестри | 18 | 34 | 29 | 82 | | | |
| Вкупно | 365 | | | | 4.45 | 5.08 | 3,28 |

### 2.6.3. Ангажираност на наставниот кадар во наставата од првиот циклус студии

Теоретската настава ја изведуваат сите лица со наставно-научни звања, а практичната настава ја изведуваат сите наставници, лица избрани во научни звања но само на студиската програма за интегрирани студии на прв и втор циклус и соработници. Директната ангажираност на наставниците во реализиција на теоретската настава е просечно 60 часа настава по студиска програма, а 40 часа практична настава годишно. Директната ангажираност на соработниците во практичната настава изнесува просечно повеќе од предвидените 280 часа годишно по студиска програма.Практичната настава се изведува на просечно по 20 групи студенти за студентите по дентална медицина, а во секоја група има по 5 студенти. За дел од предметите за студиската програма за доктори по дентална медицина посебно од прва и втора година наставата ја реализираат наставници од Медицинскиот факултет на УКИМ.

### 2.6.4. Ангажираност на Наставно-научниот кадар во вториот циклус студии

Во реализацијата на наставата на постдипломските студии на Стоматолошкиот факултет, учествуваат наставници од сите катедри на факултетот. Учество имаат и наставници од Катедарата за епидемиологија и статистика на Медицинскиот факултет – Скопје.

Во реализацијата на наставата учествуваат 47 наставници и 17 научни работници. Како ментори за втор циклус на студии по стоматологија акредитирани се 24 наставници сметано од

март 2016 година до влегување во сила на новиот Закон за високото образование (Службен весник на Р.М. бр. 82/2018) чии одредби повеќе не бараат акредитација на наставниците за ментори на студенти запишани на втор циклус студии.

### 2.6.5. Ангажираност на наставно-научниот кадар во третиот циклус студии – докторски студии

Носители на наставата за докторските студии од областа на стоматологија се наставниците од Стоматолошкиот факултет. Во наставата беа вклучени наставници од други факултети на Универзитетот, преку Школата за докторски студии за реализација на наставата по генерички предмети предвидени со студските програми. Од учебна 2018/2019 наставата за генеричките предмети ја реализираат наставници од Стоматолошкиот факултет. Наставата по предмети од Универзитетската листа на слободни изборни предмети ја реализираат наставници ангжаирани од Школата за докторски студии. Најчесто студентите кои се запишуваат на докторски студии на Стоматолошкиот факултет го бираат предметот Биостатистика од Универзитетската листа. Во спроведување на истражувањата за изработка на докторските тези се вклучуваат и се соработува со лаборатории скоро од сите Факултети на УКИМ и на странски Универзитети посебно кога кандидатот е од странство.

Во реализација на наставната програма по студиската програма – докторски студии, учествува компетентен наставен кадар од 7-те катедри при Стоматолошкиот факултет. Компетентноста на наставниците се гледа преку афирмацијата која ја стекнале преку образовната и научната работа, што се документира со публикации во референтни меѓународни списанија, домашни или странски рецензирани списанија, монографии, учебници, книги и награди од домашени меѓународен карактер. Во изведувањето на сите наставни активности дефинирани во курикулумот на докторските студии учествува целиот наставно-научен кадар, но доколку има помал број на примени кандидати на соодветниот моддул од наставната програма наставата се изведува менторски. По однос на соодност на бројот на студенти со бројот на наставници, истиот е исклучително поволен за студиската програма. Високата компетентност на наставниот кадар вклучен во изведуваањето на наставата на докторските студии се согледува преку бројката од 22 акредитирани ментори од редот на редовните и вонредните професори.

### 2.6.6.Ангажираноста на наставници во изведување на настава за здравствени специјализации

Здравствените специјализации се спроведуваат по менторски систем. Еден ментор до 1.1.2018 година можеше да води најмногу 9 специјализанти доколку во нивната едикација е вклучен коментор, а самостојно најмногу три специјализанти. Сега е напуштен коменторскиот систем и менторот може да има најмногу 3 кандидати. Квантумот на предвидени задолжителни часови за реализација на теоретската специјалистичка настава ја реализираат наставниот и научниот кадар на Факултетот.

**2.6.7.Ангажираноста на наставници во наставата на други високообразовни институции во земјата и странство**

Стоматолошкиот факултет ги почитува одлуките од органите на Универзитетот и во таа смисла не се дадени согласности за реализиацијa на настава на вработениот наставен кадар на други државни или приватни Универзитети во земјава сметано од учебна 2016/2017 година.

Од септември 2016 година со акт на Универзитетот, не е дозволено професори од УКИМ да држат настава на другите приватни и државни универзитети во Р. Македонија.

**2.7. Наставно-образовна дејност**

**2.7.1.Систем на образование**

Од 2005 година, на сите студиски програми во Република Македонија оптоварувањето на студентот се изразува во однос на ЕКТС кредити. Студентот може да стекне 60 ЕКТС кредити за една академска година. На додипломските студии за дентална медицина во траење од пет години, студентот стекнува 300 ЕКТС кредити, додека на шестгодишните студии се здобиваат со 360 кредити. На додипломските студиски програми од прв циклус на Стоматолошкиот факултет кои се организираат како тригодишни стручни студии, студентите можат да стекнат 180 ЕКТС кредити. По завршувањена студентите им се доделува документ наречен додипломска диплома и титула на Универзитетот дипломиран доктор по дентална маедицина.

Преку академските студиски програми студентите се подготвуваат да работат во јавниот и приватниот сектор, работа во фирми кои се занимаваат со набавка, дистрибуција и продажба на стоматолошки материјали и опрема, работа во општествени установи (министерства, агенции и сл) кои се занимаваат со промоција на оралното здравје, ако и во поширокото општество. Дипломираните студенти на академски студиски програми исто така се образуваат да го применат и развиваат научното и професионално знаење на соодветно ниво.

Стручните студиски програми им обезбедуваат на студентите соодветно нивона знаење, вештини и компетенции за вршење на стручни занимања,кои им овозмуваат во вклучувањево работен процес веднаш по дипломирањето.

Постдипломските програми се организираат како едногодишни – двосеместрални програми во кои студентите можат да стекнат 60 ЕКТС кредити. По завршување, на студентите им се доделува документ наречен диплома и академска титула магистер со додавање на полето на студии.

Постдипломските универзитетски студиски програми - програми од третиот циклус траат три години, освен за оние кандидати кои завршиле магистерски студии пред воведување на ЕКТС системот и кои биле со времетраење од 2 години. По завршување, на студентите им се доделува документ наречен диплома со академскиот степен доктор на стоматолошки науки со додавање на областа од науката.

Шемата на оценување во Р. Македонија за сите три циклуси на студирање се состои од пет степени со нумерички еквиваленти: 10 (одличен); 9 (многу добар), 8 (добар), 7 (задоволително); 6 (доволно), 5 (недоволно). Минимална оценка за положување е 6 (доволно). Нема средни оценкиво македонската шема на оценување.

### 2.7.2.Применети начини, облици, методи и технологии во наставниот процес

Наставата на Стоматолошкиот факултет се изведува преку: предавања, практичнанастава (вежби, работилници, престои) и семинари.Предавањата се изведуваат од страна на наставници и на нив може даприсуствуваат сите студенти. Најчесто се обмислени како интерактивна настава и може да вклучуваат одделни активности од страна на студентот(семинарска работа, презентација на проблем, случај). Тие им обезбедуваат настудентите пресек на централните теми содржани во предметот.

Практичната настава (практичните вежби) можат да бидат претклинички (работа на модели) или клинички (работа со пациенти) и се изведуваат од наставниците и/или помошни наставници (асистенти). Нивна задача е да го оспособат студентот за практикување на теоретски совладаното знаење. Секој предмет од наставната програма е обележан со код, дефинирани се програмските содржини, методите на учење и начинот на оценување. За да се стекне со потврда – потпис за следење на наставата, студентот е должен активно да ги следи сите предвидени активности (предавања, вежби, семинари, престој) за коишто добива одреден број бодови и да учествува на колоквиумите. Студентот кој не стекнал право на потпис по еден предмет, задолжително повторно го запишува и слуша предметот во наредната учебна година, преземајќи ги сите обврски како да го слуша предметот за првпат. Кредитот се доделува само на оние студенти кои ќе добијат потпис, ќе ги исполнат условите за полагање на испити и успешно ќе ги положат испитите. Бројот на кредитите што студентот треба да ги оствари за да се здобие со одредена стручна подготовка е 30 кредити за еден семестар или 60 кредити за една година. Факултетот во рамките на интерната мобилност на студентот, пропишува условувачки критериуми, т.е. претходно совладани предмети (освоени кредити) како услов за запишување на други (наредни) предмети.

### 2.7.3.Примена на современи технологии (компјутери, софтверска поддршка,информациски бази и др)

Наставата по сите предметни програми се одвива според целите и методските единици (програмски содржини) кои се дефинирани во самата студиска програма и биле предмет на акредитација. На почетокот од секој семестар на веб страната на Факултетот транспарнтно се објавува распоред за теоретска и практична настава.

Теоретската настава се одвива во амфитеатри кои се опремени со компјутер поврзан во интернет мрежа и со видео-бим. Наставниците се задолжени на почетокот од предавањето да ја истакнат кратката содржина и целта на предавањето и да ги конципираат предавањата во форма на компјутерскипрезентации, а по можност и да ги збогатат со видео материјали. Од 2018 - та Факултетот повторно го обезбеди користењето на библиотеката кое беше оневозможено изминатите години и таа моментално се користи како читална. Студентите и специјализантите можат да изнајмуваат книги. Предвидено е и претставува цел за Факултетот во иднина да се озовможи електронси пристап и пребарување во базите на научни списанија.

Практичната настава се одликува со поголема разнообразност во изведувањето и активностите на студентите, што е во зависност од природата на наставниот предмет и вештините кои треба да се стекнат.

### 2.7.4.Примена на методи за континуирана проверка на знаења(колоквиуми, тестови, усни испити)

За стекнување на кредити за секоја предметна програма студентите се стекнуваат со бодови преку проверките на знаењата и вештините. Проверката, согласно со студиските програми и Болоњските правила, се организира на повеќе нивоа: во текот на семестарот со континуирани проверки - колоквиуми и преку изработка на семинарски трудови, а во испитните сесии со полагање на завршни испити.

Континуираните проверки се одвиваат во точно предвидени (и објавени) термини во две колоквиумски недели секој семестар. Термините за одржување на испитите во секој испитен рок се закажуваат на почетокот на семестарот и се објавуваат на веб страната на Факултетот. Овој распоред е во согласност со Универзитетскиот календар кој ги содржи рамковните одредби за почетокот и крајот на студиската година, термините за одржување на наставата, испитните сесии како и државните и универзитетските празници. Распоредите за настава, колоквиумски недели и распоредот за испити се објавува на веб страната на Факултетот.

Проверките се одвиваат најчесто во вид на писмени тестови или усмени проверки (во зависност од природата на наставната содржина). Завршните испити се спроведуваат во три испитни сесии: зимска, пролетна и есенска. Во рамките на секоја сесија студентот избира еден од двата понудени испитни рока за секој предмет. Сметано од учебна 2018/2019 во испитните рокови е предвиден само еден термин за полагање на испитите.

Начинот на изведување на завршниот испит е специфичен за секој предмет и обврзно се состои од проверка на вештините (преку практичен дел) и проверка на знаењата (преку устен или писмен испит) за која веќе е прифатена иницијативата усмениот испит да стане задолжителен дел од полагањето.

Во текот на студирањето потребниот број кредити за соодветната предметна програма, студентот ги остварува преку континуирано и завршно оценување. Преку континуираното оценување студентот стекнува бодови за секоја активност пропишана со соодветната програма. Предмет на оценување во рамките на предметната програма може да биде: посета на предавања; активност на предавања; успешно реализирани вежби; успешно реализирана практична работа; изработка на семинарска работа; самостојна/домашна работа; освоени награди/пофалници и други студентски активности. Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки којашто ја пропишува секоја наставна програма различно, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги континуираните проверки на знаењето (колоквиуми) и бодовите од секој дел од завршниот или комплетно завршниот испит.

Во еден семестар, по еден наставен предмет, може да постои еден или два колковиуми. Континуираните проверки на знаењето (колоквиумите) се вршат писмено, по пат на тестови. Тестовите содржат различни комбинации од повеќе типови прашања: со повеќекратен избор на понудени одговори и отворен тип прашања (за дополнување или куси есеи).

Од јуни 2019 година ќе биде воведено компјутерско полагање на колоквиумите односно писмените испити, за која цел е комплетно опремена компјутерска училница и составени се прашања внесени во бази на податоци за секој предмет одделно, со што се избегнува времетраењето и субјективниот пристап во оценување за секој студент.

Предметната програма може да пропише полагање на завршен и/или комплетен завршен испит. Завршен и/или комплетен завршен испит се полага во определените испитни сесии по завршување на наставата во зимскиот, односно летниот семестар. Завршниот испит

за соодветната програма е писмен, устен и/или практичен, односно може да претставува нивна комбинација.

### 2.7.5.Придонес на стручниот испит/дипломската работа за оформување на стручниот профил

#### 2.7.5.1.Студии по дентална медицина

Согласно Законот за високо образование по завршување на студиите по дентална медицина, предвиден е стаж во траење од 12 месеци и полагање на стручен испит, организиран од Стоматолошката Комора на Република Македонија. За шест годишните интегрирани студии должината на стажот е 6 месеци. На стручниот испит, кандидатот треба на конкретни случаи да покаже дека во текот на студиите се здобил со знаења што знае да ги примени во пракса, како и со неопходните интердисциплинарни знаења и вештини за еден доктор на дентална медицина. Испитот се состои од прашања од сите гранки на стоматологијата и правен дел. Положувањето на стручниот испит е неопходен за добивање на лиценца за работа со важност од 7 години.

#### 2.7.5.2. Тригодишни студии за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри/ орални хигиенолози

За сите тригодишни стручни студиски програми од прв циклус студии е предвидена изработка на дипломски труд. Дипломската работа е самостојна работа на студентот. Кандидатот со изработка и одбрана на дипломската работата покажува дека врз основа на знаењата стекнати во текот на студиите, литературата користена при изработката на трудот и спроведеното истражување, ја совладал зададената тема, ги совладал стручната и научна методологија, правилно ги користи стекнатите знаења и знае правилно да ја цитира во текстот користената литература. Студентот го пишува дипломскиот труд од еден стручен предмет од својата студиска програма по сопствен избор. Изработката на дипломската работа ја води ментор кој е наставник на Факултетот. Дипломската работа е писмен испит кој подлежи на рецензија од трочлена комисија и јавна усмена одбрана пред трочлена комисија на која членовите на комисијата поставуваат прашања. Студентот кој успешно ќе ја одбрани темата со јавна презентација, се стекнува со звање „дипломиран“.

### 2.7.6.Вид на вештини за кои се оспособува во текот на студиите

#### 2.7.6.1.Компетенции со кои се здобива дипломираниот доктор по дентална медицина

Нивото на високообразовните квалификации во националната рамка кое годостигнува студентот по завршувањето на петгодишните студии е VIA, а по завршување на шестгодишните студии е VIIA и целосно исполнување на дескрипторите за квалификации. Квалификации кои означуваат успешно завршување на студиите по дентална медицина(300/360 ЕКТС) се доделуваат на лице кое ги исполнува дескрипторите на квалификации кои се составен дел од секоја студиска програма поединечно и се објавени на веб страната на Факултетот во делот Наставни програми.

Дипломираниот доктор по дентална медицина се стекнува со знаења и вештини за пружање на стоматолошки здравствени услуги од областа на примарната стоматолошка здравствена заштита. Стекнатите знаења и вештини за време на студиите докторот по стоматологија ќе ги извршува преку клиничката практика во приватните стоматолошки ординаци и јавни установи. Дел од докторите по дентална медицина стекнатите знаења и вештини ќе имат можност да ги пласират и надвор од границите на нашата држава.

### 2.7.6.2.Компетенции со кои се здобива дипломираниот стручен забен техничар и дипломирана стручна стоматолошка сестра/ орален хигиенолог

Студиска програма за додипломски студии за дипломиран стручен забен техничар и дипломирана стоматолошка сестра, е наменета за едукација на високо стручен оспособен здравствен работник, кој одговара на потребите на една високо професионализирана стоматолошка заштита: успешно, самостојно и креативно да изведува сложени забно-технички постапки во стоматолошката лабораторија, според меѓународни стандарди или да учествува во примарната стоматолошка здравствена заштита како дел од еден стоматолошки тим. Општите и специфичните десктиптори во студиската програма.

### 2.7.7. Дипломирани во последните три години

**Табела 1** Дипломирани во последните три години

| | дентална медицина | | | сзт | | | ссс | | | II циклус | | | III циклус | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 16/ 17 | 17/ 18 | 18/ 19 | 16/ 17 | 17/ 18 | 18/ 19 | 16/ 17 | 17/ 18 | 18/ 19 | 16/ 17 | 17/ 18 | 18/ 19 | 16/ 17 | 17/ 18 | 18/ 19 |
| дипломи рани | 61 | 47 | 10 | 18 | 18 | 9 | | 5 | 7 | 6 | 13 | 5 | 7 | 7 | 6 |

### 2.7.8.Број на запишани и дипломирани студенти по студиски програми од првиот циклус студии во последниве три учебни години

**Табела 1** Број на запишани и дипломирани студенти од студиите по дентална медицина (ДМ), во последниве три години (2016/17, 2017/18 и 2018/19 година)

| | | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пријавени студенти - ДМ** | Вкупно | 91 | 100 | 90 | 281 |
| **Запишани студенти** | Државна квота | 40 | 40 | 40 | 120 |
| | Кофинансирање | 40 | 40 | 40 | 120 |
| | По други основи | 1 | 2 | 1 | 4 |
| | Надвор од квота | 1 | 1 | 3 | 5 |
| | Вкупно | 82 | 83 | 84 | 249 |
| **Дипломирани** | вкупно | 61 | 47 | 10 | 118 |

**Табела 2** Број на запишани и дипломирани студенти од првиот циклус на студии на студиска програма за стручни стоматолошки сестри, во последните три години (16/17, 17/18 и 18/19)

| | | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пријавени студенти - ссс** | Вкупно | 26 | 17 | 15 | 58 |
| **Запишани студенти** | Државна квота | 15 | 9 | 10 | 34 |
| | Кофинансирање | 10 | 7 | 3 | 20 |
| | По други основи | 3 | 1 | / | 4 |
| | Надвор од квота | 1 | / | / | 1 |
| | Вкупно | 16 | 23 | 13 | 52 |
| **Дипломирани** | вкупно во учебната година | 0 | 5 | 7 | 12 |

**Табела 7.9.3.** Број на запишани и дипломирани студенти од првиот циклус на студии на студиска програма за стручни забни техничари (СЗТ), во последните три години (учебната 2016/17, 2017/18 и 2018/19

| | | 2016/17 | 2017/18 | 2018/19 | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пријавени студенти - ссс** | Вкупно | 51 | 35 | 36 | 108 |
| **Запишани студенти** | Државна квота | 10 | 15 | 15 | 40 |
| | Кофинансирање | 10 | 15 | 15 | 40 |
| | По други основи | 2 | 1 | 1 | 4 |
| | Надвор од квота | 2 | - | 2 | 4 |
| | Вкупно | 24 | 31 | 33 | 88 |
| **Дипломирани студенти** | вкупно | 18 | 18 | 9 | 67 |

## 2.8. Студенти

### 2.8.1 Број на новозапишани студенти во однос на предвидените квоти во последните 5 години

Интересот за студирање стоматологија е голем. На Стоматолошкиот факултет конкурираат завршени средношколци со висок успех. Поради големата заинтересираност покрај редовната државна квота на студенти, секоја година се запишуваат и максимален дозволен број студенти со кофинансирање.

Активности спроведени во насока на мотивирање на средношколците за упис на студиските програми за кои постои помал интерес влијаат кон зголемување на интересот.

На Стоматолошкиот факултет во последните три учебни години, број на новозапишани студенти е еднаков со бројот на предвидените квоти на студиски програми на прв циклус на студии за доктори по дентална медицина и стручните забни техничари.

### 2.8.2 Облици во кои студентите учествуваат во оценувањето на квалитетот на наставно-образовниот процес

Поаѓајќи од одговорноста за квалитетот и начинот на изведување на постојнитестудиски програми од прв циклус, квалитетот на наставата на стоматолошкиот факултет семониторираше со анонимна студентска анкета. Евалуацијата се спроведуваелектронски, по завршувањето на наставната програма за секој предмет. Таа едостапна на веб – страницата на Факултетот, за студентите, наставниците исоработниците. Раководителите на катедрите, наставниците и соработниците сезадолжени по анализата на резултатите да преземат соодветни мерки за подобрувањена квалитетот на наставата.

Студентите се должни да ја направат евалуацијата за да гозаверат семестарот. Заради тоа процесот на евалуацијата на секоја студиска година еуспешна и со голем одзив. Во анкетата учествуваат студенти-испитаници од ситестудиски години. Анкетата содржи прашања за асистентот, за наставникот и запредметот.

Сепак според резултатите и многу малиот број на коментари сметаме дека и покрај загарантираната анонимност на анкетата дека студентите сеуште не се чувствуваат слободни да го искажат своето вистинско мислење за наставата и наставниот кадар, што е особено изразено во пониските години на студирањето и кај студентите од тригодишните студии.

### 2.8.3 Видови студентски активности

Студентскиот Парламент на Стоматолошки факултет (СПСФ) е невладина, неполитичкаи непрофитабилна организација, која ги обединува сите студенти по стоматологија. Како матична студентска организација на Стоматолошкиот факултет членува во повеќе домашни и странски организации како полноправен член со право на глас.

Од домашните организации член е на: Студентскиот парламент при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на Националниот сојуз на Универзитетите на Македонија (НСУМ), а од странските член е на: Интернационалната асоцијација на студентите по стоматологија (ИАДС) и на Европската стоматолошка студентска асоцијација (ЕДСА). Ваквата поставеност на Студентскиот парламент на домашно и странско ниво, овозможува успешно да се изведуваат разни активности, од кои со најголема заинтересираност и успешност се релизираат: студентските размени, билатерални и унилатерални, со голем број на Европски земји; организирање на годишен научно- студентски стоматолошки конгрес со меѓународно учество и учество на универзитетски спортски натпревари.Научниот студентски стоматолошки конгрес со меѓународно учество е манифестација која традиционално се одржува секоја година. На Конгресот учество земаат студенти,професори, асистенти и млади доктори по стоматологија. Конгресот е во потполна организација на студентите по стоматологија, а генерален покровител на овој настан е Стоматолошкиот факултет.Со изработувањето на свои теми студентите се воведуваат во научноистражувачката работа.

Со запишувањето на Стоматолошкиот факултет, сите студенти истовремено стануваатчленови на Студентскиот парламент на Стоматолошки факултет. Секој студент штоќе покаже особен интерес и желба за активност, може да се вклучи во органите на Студентскиотпарламент.Претседателот на СПСФ го претставува и застапува Студенсткиот парламент на Стоматолошкиот факултет на домашно ниво и пошироко. Тој раководи со работата на Парламентоти Претседателството на СПСФ. За Претседател на СПСФ може да биде избранредовен студент на Факултетот со завршен трет семестар, на непосредни избори накоиштo имаат право да гласаат сите студенти, со тајногласање со мандат од две години.

### 2.8.5. Учество на студентите во управувањето

Согласно Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,студентите имаат свои претставници во органите на Факултетот и тоа:

- во Наставно-научниот совет на факултетот, претставниците на студентите сеизбираат од Студентскиот парламент на Факултетот. Вкупно има 4 претставниците одредот на студентите. Мандатот на студентите во Наставно-научниот совет е две години.
- во Деканатската управа на факултетот член од редот на студентите еПретседателот на Студентскиот парламент.
- во Одборот за соработка и доверба со јавноста на факултетот еден член е одредот на студентите.

Понатаму студентите се вклучени и во процесот на самоевалуација наФакултетот, со свои претставници во комисиите за евалуација, а дадена им е можност да ги изразат своето мислење за квалитетот на наставата и наставно-научниот и соработнички кадар преку студентските анкети.

### 2.9. Просторни и материјални услови (ресурси)

Стоматолошкиот факултет – Скопје, својата високообразовна дејност ја врши во рамки на просторот со кој самостојно располага, но пред се на своите две наставни бази и тоа на:Јавната здравствена установа Универзитетски стоматолошки клинички центар,,Св. Пантелејмон,, Скопје и Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија Скопје.Меѓусебните права и обврски на Фалултетот и јавнитездравствени установи како наставни бази се уредени со посебниспогодби.

Денес, Стоматолошкиот факултет финансиски покрива голем дел од режиските трошоци на ЈЗУ Стоматолошки клинички центар Св. Пантелејмон – Скопје и Клиниката за Максилофацијална хирургија. Сметаме дека ова е голема сума и во иднина би требало да се преуреди меѓусебниот договор на Факултетот со ЈЗУ.

### 2.9.1. Просторни услови за изведување на наставно-образовниот процес

Наставни бази се:

- ЈЗУ Универзитетски клинички центар „Св.Пантелејмон“, располага со вкупна површина од 4650 м2, во чии рамки функционираат 7 клиники.
- ЈЗУ Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија Скопје располага со вкупна површина од 1513 м2.
- Во рамки на клиниките, Стоматолошкиот факултет – Скопје располага со просторконкретно наменет за реализација на теоретска настава и тоа:
    - амфитеатар со 123 места,
    - амфитеатар со 120 места,
    - една предавални со 40 места,
    - библиотека со 15 места.

Практичната настава се одвива во претклинички и забно-протетски лаборатории, клинички и технички сали, операциони сали, едукативен центар.

Сопствен простор: Админитративен дел со вкупна површина од 274 м2 и барака (стар деканат)каде функционира центар за компјутерско полагање на испити.

**2.9.2. Вид на опрема за теоретска и практична настава**

Опремата предвидена за реализација на студиската програма, односно за изведување нанаставната и истражувачката дејност на Факултетот е сместена во наставните бази. Опремата просторно се наоѓа во претклиничките и клиничките сали, заботехничкителаборатории, биохемиската лабараторија, во предавалните и амфитеатрите,комјутерскиот центар, во едукативниот центар и т.н.

| Предклинички лаборатории (сали) | Наставни предмети | опрема |
|---|---|---|
| За мобилна протетика | Анатомија на вилици и заби<br>Претклиничка мобилна протетика (тотална протеза)<br>Претклиничка мобилна протетика (парцијална протез | 17 работни места, 20 фантоми за работа на студент,<br>модели со парцијална, тотална беззабност и со сите заби, 4 микромотори<br>30 артикулатори, 1 политуб, 1 гипстример, паралелометар, ситен инструментариум |
| За фиксна протетика | Гнатологија<br>Претклиничка фиксна протетика I<br>Претклиничка фиксна протетика II | Комплет симулационо работно место (10), колењак син (10), глава за колењак (10), насадник (2), колењак црвен (10), нож за моделација (10) |
| За болести на забите и ендодонтот | Претклиничка кариологија<br>Претклиничка ендодонција | Комплет работни симулациони места со турбини, колењаци, микромотори и комплунзи (10). Терапевтски столчиња (10). Нагледни модели за двата предмети. (фантоми (10). Симулациони и за горна и долна вилица<br>вилица (1). Инструментариум и апаратура за целосна симулациона терапија на заболувањата на забите |
| Објект стар деканат (компјутерска училница) | База на испитни прашања за сите наставни предмети | Сервер, компјутери (32), постолја за компјутери (32) |
| Библиотека | | Библиотеката локациски сместена во ЈЗУ УСКЦ „Св. Пантелејмон" како наставна база на Факултетот , започна со работа, но само како читална. Факултетот успеа да поврати дел од просторијата која порано ја користеше. Целта е библиотеката да функционира целосно по вработување на лице на работно место библиотекар. |

## 2.10. Логистика

За секоја студиска програма запишаните студенти и секое заинтересирано лице за упис на стоматолошкиот факултет може да се информира за содржината на студиските програми и сите прашања поврзани со наставата преку “Водичи низ студиите” кои се достапни на веб страната на Факултетот.

На почетокот на учебната година водичите во електронска форма на ЦД се даваат при свечено доделување на индексите.

### 2.10.1 Организација на студентските служби

Стручната и административна служба на факултетот е сместена во објектот наДеканатот и е организирана во 2 одделенија: одделение за правни и општи работи и одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење.

Запишувањето на семестрите, пријавувањето на испитите и добивањето наинформации поврзани со студирањето се одвива на шалтерите во просториите на деканот во студенстките прашања кои се дел од одделението за правни и општи работи.

Пријавувањето на испитите, лесно водење евиденција за напредување на студентот и одредување дали се исполнети услови за запишување на предмети предвидени во погорни семестри, лесна пристапност до наразлични податоци за пол, место на живеење, и други податоци потребни за статистичка обработка се достапни преку посебен софтвер за студентските прашања преку кој се издаваат и уверенија за дипломирање, додаток на диплома и сл.

Информациитеповрзани со студирањето се огласуваат на огласните табли пред зградата на Деканатот и на официјалната интернет страница наФакултетот.

Услуги во библиотеката

Просторот на библиотеката, како читална, е пуштена во употреба кон крајот на 2018 гоина и функционира со работно време од 11 до 14 30 часот, а може да ја користат студентите, стажантите, специјализантите, како и наставниот и соработничкиот кадар на стоматолошкиот факултет.

## 2.11. Надворешна соработка

Стоматолошкиот факултет Скопје остварува соработка со домашни и странски Универзитети. Активностите во овој домен опфаќаат мобилности наставниците и студентите, посети од странски експерти и визитинг професори, посетина наставно-научни работници од Факултетот на странски високообразовни и научниинституции, меѓународни активности на студентите и сл.

За реализирање на практичната настава на студентите и набавка на потребни средства, Факултетот остварува соработка со стопански субјекти кои се занимаваат со производство и увоз на опрема, стоматолошки потрошни материјали и ситен инвентар. Соработката се отсварува и заради одржување на постојната опрема во функција која е наменета за настава на студентите. Заради обезбедување на континуитет и квалитет на наставата соработка се остварува со стопански субјекти од сите области.

Активно се соработува со Стоматолошката комора на Република Македонија каде дипломираните студенти на Стоматолошкиот факултет полагаат стручен испит како би се стекнале со лиценца за работа и самостојно вршење на стоматолошката здравствена дејност. Соработката се остварува и преку организирање на разни форми на континуирана едукација.

Факултетот соработува со Министерството за здравство, Министерството заобразование и наука, Министерството за правда, Државниот завод за статистика, Државен просветен инспекторат, како и други правни ифизички лица во земјата и во странство.

**2.11.1 Мобилност на студентски и академски кадар**

Меѓународната соработка се одвива преку склучување на договори во рамкина веќе етаблираната интеруниверзитетска соработка, како и со сопствени договори со други стоматолошки факултети од странство. Активни се договорите со други Стоматолошки факултети и тоа со: Универзитетот во Мемфис – Тенеси, Америка, со Универзитетот во Ниш и Беград, Србија, Риека, Хрватска, со Универзитетот во Фоча, Босна и Херцеговина. Остварена е соработка преку ERASMUS програмата со Универзитетот во Риека, Хрватска и со Универзитетот во Торино, Италија, со Универзитетот во Пловдив Бугарија и Љубљана Словенија. Земено е учество преку претставници студенти на Стоматолошкиот факултет на Интернационалниот медицински конгрес во организација на EDSA.

Во периодот кој се евалуира Стоматолошкиот факултет беше домаќин на повеќе визитинг професори и странски предавачи од други Универзитети.

Во 2016/2017 Проф д-р Мартина Дервеншек од Универзитетот Љубљана, Словенија.

Во 2017/2018 Проф. д-р Никола Ангелов, Хјустон Тексас, проф. д-р Ана Ангелова Валпони од Кингс Колеџ во Лондон, Велика Британија, проф. д-р Васка Вандевска Радуновиќ од Универзитетот во Осло, Норвешка.

Во 2018/2019 визитинг професор е проф. д-р Славољуб Живковиќ од Универзитетот во Белград Србија, а поканет предавач проф. д-р Стјепан Шпаљ од Универзитетот во Риека, Хрватска.

Факултетот има назначено Еразмус плус координатор проф. д-р Елизабета Ѓоргиевска која го следи објавувањето на конкурсите за мобилност на студентите и наставниот кадар. Соработката со другите Универзитети се остварува преку продеканот за меѓународна соработка проф. д-р Соња Апостолска. Во периодот на 2018 година се склучени повеќе договори за соработка кои се наведени погоре во текстот.

**2.12. Научноистражувачка дејност**

Факултетот врши научноистражувачка дејност, а наставно-научните кадри се вклучени во реализација на научноистражувачки проекти од домашен и меѓународен карактер. Остварените резултати од истражувањата спроведени во рамки на реализираните проекти се применуваат како за целите на науката така и за унапредување на наставно-образовниот процес.

Наставно-научниот кадар на Факултетот учествува во домашни и меѓународни состаноци (конгреси, симпозиуми,семинари, работилници и слично) со бројни орални презентации или постер-презентации.

Научноистражувачката дејност во голем дел е содржана и во истражувањата на младите кадри запишани на магистерски и докторски студии кои истите ги спроведуваат на наставните бази на Факултетот и надвор од нив.

### 2.12.1 Број на публикации во последните 5 години

Стоматолошкиот факултет – Скопје е издавач на списанието Македонски стоматолошки преглед кое од крајот на 2012 година има меѓународен уредувачки одбор кое после поминати 5 години контунуирано идавање доби статус на меѓународен часопис. Списанието се издава два пати годишно со различни теми кои ги опфаќаат сите области на стоматологијата. Уредникот на списанието е деканот на Факултетот проф. д-р Ќиро Ивановски.

Наставно-научниот совет на Факултетот во последните години има издадено голем број одобрувања за усвојување на содржините на учебници и учебни помагала чии автори се наставниците на Факултетот и кои се усвоени како основна литература согласно содржините на наставните програми. Она на што треба да се укаже во овој извештај е дека поради недостиг на финансиски средства Факултетот не ги печати учебниците или учебните помагала, тоа оди на терет на самиот автор.

| | |
|---|---|
| Број на публикации во последните 5 години со impact factor на Web of science (само како прв автор) | 59 |
| Број на публикации во последните 5 години во меѓународни научно списание (само како прв автор) | 207 |

### 2.12.2 Вкупен број на пријавени и реализирани проекти во последните 5 години

Како резултат на иницијативата Универзитетот да доделува средства секоја година преку постапка која ја спроведува Комисијата за наука во последните три години Факултетот добива можност да реализира проекти. Во периодот на самоевалуација се пријавени и одобрени 3 проекти од кои 2 се сеуште во фаза на реализација. Факултетот има еден билатерален меѓународен проект со Универзитетот во Словенија Љубљана, кој е финансиран од Министерствата за образование и наука на Р.М. и Р. Словенија.

Останува забелешка дека кај наставно-научниот кадар на Факултетот постои мотивација, желба, интерес и идеи за спроведување и уество во проекти но дека до извори за нивно финансирање исклучително тешко се доаѓа.

| | |
|---|---|
| Вкупен број пријавени домашни проекти во последните 5 години (само како прв истражувач) | 6 |
| Вкупен број пријавени меѓународни проекти во последните 5 години (само како прв истражувач) | 4 |
| Вкупен број реализирани домашни проекти во последните 5 години (само како прв истражувач) | 4 |
| Вкупен број реализирани меѓународни проекти во последните 5 години (само како прв истражувач) | 2 |

### 2.12.3 Вкупен број организирани научни собири во последните 5 години

Стручните и научни собири како форми на контунуирана едукација во организација на Факултетот се секогаш акредитирани од Стоматолошката комора на Република Македонија. Согласно интерните акти на оваа комора Факултетот може да организира најмногу еден едукативен настан годишно. Праксата на често организирање научни и други собири во изминатиов период се напушта затоа што според одредбите на Законот за здравствена заштита истото е препуштено на здруженијата од различни области на стоматологијата. Факултетот не ја пропута оваа можност и секоја година сметано од 2015 година во ноември организира настан со меѓународно учество на предавачи од различни области.

### 2.12.4. Учество на семинари и конгреси во последните 5 години

| | |
|---|---|
| Учество на семинари, конференции и научни собири (домашни и меѓународни) во последните 5 години | 513 |
| Освоени награди за научноистражувака дејност на национално и меѓународно ниво | 7 |
| Издадени учебници, учебни помагала или монографии (само како прв автор) | 28 |

## 2.13. ФИНАНСИРАЊЕ

Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во смисла на прописите кои ги уредуваат финаниското и материјалното работење, претставува единка корисник на буџетскиот корисник – Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Финансирањето на високообразовната дејност на Факултетот се врши преку две сметки: 603 – сметка на основниот буџет и 788 – сметка за самофинансирачки активности. Сите наведени сметки подлежат на трезорското работење односно со нив Факултетот располага на начин што се изготвуваат и одобруваат финансиски планови, при што расходите на Факултетот се движат во рамки на одобрениот финансиски план.

Во извештајниот период, Факултетот, на наведените сметки, стекнуваше средства врз основ на:

- Приходи од Министерството за образование и наука за исплата на дел од платите и надоместоците на плати на вработените на Факултетот
- Приходи од Министерството за образование и наука за покривање на дел од режиските трошоци на Факултетот
- Школарина, партиципации и административни надоместоци, уплатени од страна на студентите од прв, втор и трет циклус на студии
- Надоместок за специјализации, на кандидати на кои им е одобрена специјализација
- Организирање на научни собири
- Научно-истражувачки проекти, прифатени и финансирани од страна на Универзитетот и Министерството за образование и наука.
- Други приходи

Значајно е да напоменеме дека од 2018 година, согласно новиот Закон за високото образование е утврдено дека тековните трошоци (комунални трошоци, одржување, опрема и потрошен материјал за реализирање на студиските програми и за работењето на високообразовната установа) ќе се надоместуваат во целост од Буџетот на Републиката. Сепак, во практика, само дел од трошоците се надоместуваат.

Друга важна компонента во системот на функционирање на високообразовната дејност претставува и висината на надоместокот што го плаќаат студентите запишани на прв циклус на студии. Имено, износот на партиципацијата за редовните студенти изнесува 200 евра (државна квота), а 400 евра (со кофинансирање) на годишно ниво која е многу мала. Во оваа смисла мора да се нагласи дека висината на школарината е еднаква со Факултети кои имаат непсоредливо помали трошоци за обавување на квалитет наставен процес во однос на Стоматолошкиот факултет. Наведеното дотолку повеќе што за квалитетно профилирање на стоматолошки кадар (особено за стручни забни техничари и доктори по дентална медицина), се потребни значителни средства со оглед на неопходната опрема, технички помагала, потребен ситен инвентар и потрошни материјали.

Во извештајниот период, приходите на Факултетот, по сметки, изразени во денари се следни:

| **Фискална година** | **Приходи на сметка 603** | **Приходи на сметка 788** |
|---|---|---|
| 2016 | 40.171.688,00 | 29.032.373,00 |
| 2017 | 41.826.148,00 | 24.314.500,00 |
| 2018 | 44.520.928,00 | 25.133.091,00 |

Како што претходно беше напоменато, расходите на Факултетот, произлегуваат од одобрените финансиски планови. Во извештајниот период, на сметката на основниот буџет се рализирани сите одобрени средства а на сметката за самофинансирачки активности – 788, одобрени и реализирани се средства во следниот износ (без вклучување на расходите за плати и надоместоци на плати):

| **Фискална година** | **Одобрени средства** | **Реализација на одобрен план** |
|---|---|---|
| 2016 | 20,249,000.00 | 18,103,079.00 |
| 2017 | 22,877,000.00 | 21,054,265.00 |
| 2018 | 44.783.958,00 | 40.401.275,00 |

Специфицирано, по расходни ставки, состојбата при реализација на одобрениот финансиски план е следна:

| **Ставка** | **Опис** | **План** | **Реализација** | **План** | **Реализација** | **План** | **Реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2018 | | 2017 | | 2016 | |
| 420 | Патни и дневни расходи | 130,000.00 | 129,279.00 | 194,000.00 | 140,387.00 | 245,000.00 | 49,357.00 |
| 421 | Комунални услуги, греење, | 8,339,000.00 | 4,608,364.00 | 9,700,000.00 | 8,753,243.00 | 6,780,000.00 | 6,766,569.00 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1,079,000.00 | 1,044,838.00 | 934,000.00 | 932,614.00 | 1,037,000.00 | 460,630.00 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 866,000.00 | 866,000.00 | 1,249,000.00 | 834,822.00 | 988,000.00 | 675,566.00 |
| 425 | Договорни услуги | 22,201,000.00 | 21,957,247.00 | 9,658,983.00 | 9,637,258.00 | 9,365,300.00 | 9,259,158.00 |
| 426 | Други тековни расходи | 629,000.00 | 629,000.00 | 477,000.00 | 454,924.00 | 486,000.00 | 468,129.00 |
| 464 | Разни трансфери | 58,000.00 | 30,000.00 | 115,000.00 | 30,000.00 | 70,000.00 | 0.00 |
| 465 | Исплата по извршни исправи | 0.00 | 0.00 | 59,017.00 | 59,017.00 | 26,700.00 | 26,700.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 480 | Купување на опрема и машини | 8,413,547.00 | 8,413,547.00 | 257,000.00 | 0.00 | 857,000.00 | 372,087.00 |
| 481 | Градежни објекти | 408,000.00 | 408,000.00 | 212,000.00 | 212,000.00 | 340,000.00 | 0.00 |
| 482 | Други градежни објекти | 1,600,000.00 | 1,600,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 483 | Купување на мебел | 505,000.00 | 505,000.00 | 21,000.00 | 0.00 | 54,000.00 | 24,883.00 |
| 485 | Купување на софтвер | 250,000.00 | 210,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Вкупно | | 44,478,547.00 | 40.401.275,00 | 22,877,000.0 0 | 21,054,265.00 | 20,249,000.00 | 18,103,079.00 |

Врз основа на наведеното, во одредени години на извештајниот период, се забележува нецелосно искористување на одобрените средства по ставки, особено на средствата за капитални инвестиции. Сето тоа влијае на инвестицискиот циклус на Факултетот во поглед на обновување на градежната инфраструктура, опремата и основните средства (стоматолошка и лабораториска опрема и машини, мебел, надледни средства и сл.) на Факултетот, а кои се од суштинска важност за реализирање на студиските програми и за работењето на Факултетот.

## 11. ОБЕЗБЕДУВАЊЕИ ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АКАДЕМСКИОТ КАДАР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### 3.1. Критериуми за избор и оценување

Во спроведување на кадровската политика Факултетот и неговите органи надлежни за спроведување на постапките за напредување секогаш водат сметка и се придржуваат до законските и подзаконските прописи за спроведување на постапките за избор. Предвидените Критериуми за избор се земени предвид и почитувани при спроведување на постапка за избор (унапредување) на кадарот во зависност од звањето кое вработениот треба да го добие.

Држејќи се до законските обврски за овозможување на напредок на постигнатите знаења Факултетот стумулира и ги подржува активностите на академскиот кадар за негово напредување. Во таа смисла овозможува отсутва за време на посета на било какви форми на континуирана едукација, конгреси, семинари, стручни престои, работилници и сл. без разлика дали кадарот зема активно или пасивно учество.

Кога станува збор за соодносот помеѓу образованието и истражувањето на академскиот кадар мора да се напомене дека спроведувањето на научноситражувачката работа во услови во периодот на самоевалуација и во иднина е тешко поради неколку причини: прво, заради фиксното работно време оптеретено со вршење на здравствена дејност поврзана со исполнување на финансиска реализација, второ, поради недостапноста на соодветни просторни услови и лаборатории со обучен кадар и трето, недостапност на материјални и финансиски средства за спроведување на сериозни научни истражувања.

### 3.2. Мерки за подобрување на квалитетот

Кога станува збор за создавање услови за вработување на подмладок, односно млади стручни кадри кои имаат афинитети за истражувања може слободно да се истакне дека Факултетот има ограничени можности за избор на нов кадар: прво, затоа што својот нов кадар мора да го избира од кадарот веќе вработен во здравството во Клиничките центри кои се наставна база на Факултетот и второ, затоа што веќе долги години не се дозволуваат нови

вработувања. Во вакви услови кадарот на Факултетот старее, нема објективно можности за подготовка на нов кадар кој би го продолжил континуитетот на наставниот и научноистражувачкиот процес. Во таа смисла неопходно потребно е да се измени принципот на избор на наставниот кадар на Факултетот. Потребно е селекцијата на нови и добри кадри да ја врши Факултетот, а потоа истите избрани во звања да се вработуваат на наставните бази. На ваков начин Факултетот е ограничен во изборот на добри кадри бидејќи истите мора да ги бира единствено и само од неколкуминаата вработени на базите. Со тоа е повредена кадровската автонимија која на Факултетот му е загарантирана со законот за високото образование.

Факултетот се придржува до законските обврски за ангажирање на визитинг професори од странство во реализација на наставата.

Подобрување на материјалниот статус преку исплата на надоместок за секој ангажман во наставниот процес надвор од првиот циклус на студии е предвиден со актите на Факултетот. Ангажмани надвор од првиот циклус на студии се ангажмани во вториот и третиот циклус на студии и специјализации, членство во комисии, менторства и сл.

## 4. КОМИСИЈАТА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Комисиите за евалуација на Факултетот и сите студиски програми од трите циклуси на образование и специјализации се избрани врз основа на член 63 од Законот за високо образование (Сл. весник на Р.Македонија бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016, 127/2016), член 315 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј,, член 40 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во состав на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј,, во Скопје, на 7-та редовна седница на Наставно научниот совет одржана на ден 26.4.2018 година со тајно гласање. Составот на комисиите е следен

Евалуација на Факултетот и на студиската програма за доктори по дентална медицина и на специјализациите ќе ја врши комисија во следниот состав:

1. проф. д-р Анета Атанасовска Стојановска - претседател,

____________________________________

2. проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова,

____________________________________

3. проф. д-р Јадранка Бундевска,

____________________________________

4. доц. д-р Билјана Џипунова,

____________________________________

5. доц. д-р Василка Ренџова,

____________________________________

6. Раив Стругалија – студент,

____________________________________

7. Јелена Тасиќ – студент.

____________________________________

Мандатот на членовите на оваа комисија од редот на наставниците е 4 години, а од редот на студентите 2 години, без право на реизбор. Самоевалуацијата е извршена на начин и според условите утврдени со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Упатството за самоевалуација. При тоа се земени предвид анализите и заклучоците дадени во претходните самоевалуациски извештаи од 2007 и 2013 и 2016 година.

Евалуација на студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози ќе ја врши комисија во следниот состав:

1. проф. д-р Снежана Пешевска - претседател,

______________________________

2. проф. д-р Јулијана Николовска,

______________________________

3. доц. д-р Цветанка Бајрактарова Мишевска,

______________________________

5. Емилија Ѓуровска – студент,

______________________________

6. Теа Коневска – студент.

______________________________

Евалуација на студиската програма за стручни забни техничари ќе ја врши комисија во следниот состав:

1. проф. д-р Весна коруноска Стевковска - претседател,

______________________________

2. проф. д-р Сашо Еленчевски,

______________________________

3. доц. д-р Наташа Тошеска Спасова,

______________________________

5. Владимир Бичковски – студент,

______________________________

6. Ангела Сапламанева– студент.

______________________________

Евалуација на студиската програма за втор циклу студии ќе ја врши комисија во следниот состав:

1. проф. д-р Силвана Георгиева - претседател,

_______________________________

2. проф. д-р Златко Георгиев,

_______________________________

3. доц. д-р Василка Ренџова,

_______________________________

5. д-р Оливера Србиновска – студент,

_______________________________

6. д-р Валдета Османи– студент.

_______________________________

Евалуација на студиската програма за трет циклус студии ќе ја врши комисија во следниот состав:

1. проф. д-р Марија Стевановиќ - претседател,

_______________________________

2. проф. д-р Даница Поповиќ Моневска,

_______________________________

3. проф. д-р Борис Величковски,

_______________________________

5. д-р Ирена Гавриловиќ – студент,

_______________________________

6. д-р Марија Манева Ристовска– студент.

_______________________________

**4.1 Субјекти кои учествуваа во процесот на самоевалуација**

Во процесот на самоевалација помогнаа сите вработени на факултетот, стручната и административна служба на факултетот (студентски прашања, одделението за постдипломски (магистерски и специјализации) и докторски студии, одделението за правни работи, одделението за општи и заеднички работи и човечки ресурси, одделението за финансии и сметководство и одделението за јавни набавки), наставно-научниот кадар, како и студентите директно во работата на сите подкомисии.

Во постапката за самоевалуација анализирана е и евалуацијата и оценката од страна на студентите која е извршена преку анкета два пати при упис на секој семестар.

За потребите на подкомисиите за евалуација голем дел од потребните податоци беа добиени и од наставно-научниот и соработнички кадар од сите Катедри на факултетот. Во процесот на дискусија за студиските програми исцрпно беа консултирани координаторите на програмите кои ги презентираа сознанијата за ефикасноста на наставата во градењето на стручниот профил и студентите како конзументи на наставно образовниот профил.

## 5. САМОЕВАЛУАЦИОНЕН ПРОЦЕС

За изготвување на овој извештај се земаа предвид и ставовите на менаџерскиот тим кои во целост се пренесени како составен дел на извештајот. Ставовите се однесуваат на следниве прашања:

**1. Како единицата ја одржува автономијата (Избор на академски кадар, селекција на студенти, менџмент средствата)?**

Стоматолошкиот факултет како еден од членките на УКИМ, автономијата ја одржува во рамките на универзитетот. Изборот на академскиот кадар се врши согласно Правилникот за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања. Врз основа на позитивните рецезентски извештаи, поднесени од страна на рецензентските комисии, наставнонаучниот совет на факултетот, по пат на јавно гласање се изјаснува за извештаите на рецензентските комисии. Секако, претходно, рецензиите се објавуваат во билтенот на универзитетот, со што се обезбедува информирање на пошироката наставнонаучна јавност за професионалниот профил на кандидатот за избор во одредено академско звање. Селекцијата на студентите во трите студиски програми, коишто постојат на факултетот, се врши врз основа на конкурси за упис на студенти според критериуми, одредени од страна на универзитетот. Квотите за упис на студенти се одредени од страна на Министерството за образование и наука, при што постојат две категории на примени студенти, едни во т.н. државна квота и друга категорија студенти со конфинансирање. Менаџментот на средствата со кои располага факултетот се распределуваат според потребите за непречено одвивање на дејноста на истиот преку соодветни одлуки, донесени по пат на гласање од страна на деканатската управа. Оваа управа е составена од деканатската гарнитура и раководителите на катедрите.

**2. Со кои проблеми се соочува менџментот во осварување на зацртаната мисија?**

Во остварување на зацртаната мисија, менаџментот на факултетот има одредени проблеми со јавната здравствена установа Стоматолошки клинички центар. Имено, факултетот нема сопственост на просториите каде се одржува практичната и теоретската настава, па поради тоа се јавуваат одредени неусогласености во однос на правилното одржување на истите, во однос на нивно редовно чистење, поправка на инсталациите, греење и сл. Порадо тоа, факултетскиот менаџмент е на мислење дека треба да се решат целосно и докрај имотно правните односи и права на двата правни субјекти, Стоматолошки факултет и ЈЗУ Стоматолошки клинички центар преку нивно целосно раздвојување.

**3. Кои се заложбите на менаџментот во однос на промените за подонрување на квалитетот?**

Подобрувањето на квалитетот на услугите кои ги дава оваа високообразовна институција се состои во подигање на критериумите во однос на оценувањето на студентите во додипломските студии, потоа заострување на критериумите за студирање во втор и трет

циклус на студии преку сеопфатно анализирање на пријавите за изработка на магистерските и докторските трудови исекако, поголема отвореност на факултет со следење на актуелните светски случувања што се одвиваат на полето на денталната медицина.

**4. Кои се академските приритети на единицата?**

Стоматолошкиот факултет опстојува на идејата за инвестирање во помладиот наставнонаучен кадар, преку нивна поддршка при објавување на трудови во научни списанија со фактор на влијание, поддршка во рамките на можностите за учество на стручни и научни собири што се одржуваат во земјата и во странство. Остануваме доследни на идејата дека инвестирањето во образованието е всушност најдобарата инвестиција.

**5. Кои студиски програми, научни подрачја на истражување ги оценувате за приоритетни?**

Студиската програма за доктори по дентална медицина како и студиската програма за стручни забни техничари се актуелни и побудуваат нагласен интерес кај студентите. Нешто послаб е интересот во студиската програма за стручни стоматолошки сестри, орални хигиенолози. Во оваа студиска програма направени се нови наставни содржини, со целосна промена на постоечките, со цел да се зголеми интересот за студирање.

**6. Каква е врската на високообразовната установа со нејзините финансиери?**

Стоматолошкиот факултет има главно коректни и професионални релации со главниот финансиер, а тоа е Министерството за образование и наука. Можеби треба да се поработи на интензивирање на трезорскиот систем за реализација на достасаните барања на факултетот кон одредени добавувачи со што би се придонело кон поефикасна работа на установата.

**7. Каква е релацијата на установата и општеството?**

Стоматолошкиот факултет има развиено широка мрежа на соработка со истородни и слични високошколски установи. Факултетот има блиски и редовни контакти со стоматолошките факултети во Загреб, Белград, Љубљана, потоа со Стоматолошкиот факултет во Софија и во Пловдив. Оваа соработка се сведува на посета на наши наставно научни работници на овие факултети, како и доаѓање на нивните наставници кај нас за размена на искуства и теоретски и практични сознанија. Нашиот факултет има одредени релации и со Кинг Едвард Дентал колеџот од Лондон, со Хјустон денталното училиште од Тексас, САД и со други.

**8. Каква е политиката на единицата во однос на меѓународната соработката?**

Факултетот интензивно работи и се залага за интензивирање на соработката со други меѓународни инситуции од областа на денталната медицина. Свесни сме дека колку е таа соработка поширока и поопсежна, толку нашата образовна дејност ќе биде поуспешна и толку генерациите доктори по дентална медицина, стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри ќе бидат поедуцирани и спремни за прифаќање на предизвиците кои со себе ги носи времето кое е пред нас.

## 6. РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Извештајот за самоевалуација во својот завршен дел ги содржи заклучоците претставени во форма на SWOT анализата за сите поедини сегменти кои беа предмет на евалуација.

**SWOT анализа на студиите од прв циклус**

| **Strengths: јаки страни** | **Weaknesses: слаби страни** |
|---|---|
| - следење на новите европски регулативи и стандарди и нивно имплементирање во содржините на студиските програми;<br>- учебници и учебни помагала за поголемиот број предмети напишани од кадарот на факултетот, како и преводи на<br>странска литература;<br>- соодветна оптовареност по семестри и години и содветна распределба на теоретската и практична настава. | -потреба од регулација за образованието на кандидатите за упис на студиските програми за стручна стоматолошка сестра и забен техничар да соодветсвува со студиите или студските програми да се прилагодат од базично ниво на едукација за соодветната струка;<br>-мал број на пациенти за студентски вежби поради нерегулиран начин на плаќање за стоматолошките услуги,<br>- преголема застареност на опремата за практичните вежби и<br>-неодредени односи помеѓу Факултетот и наставните бази во однос на опремата и нејзино одржување што се рефлектира врз квалитетот на практичната настава. |

| **Opportunities: Можности** | **Threats: Закани** |
|---|---|
| - организирање на континуирана педагошка едукација на наставниот кадар заради усогласено воведување и спроведување на различни облици на наставни активности и воведување на новини во преносот на знаења;<br>-вложување напори за осовременување на средствата и ставање во функција на опремата за настава;<br>- континуиран напор за обезбедување пациенти кои би дале согласност да бидат третирани од студенти на практични вежби со бесплатна или ефтина здравствена услуга;<br>-барање финансика подршка од релевантните инстутуции за контунуирана стручна едукација на наставниот кадар и објавување трудови со импакт фактор со што ќе се допринесе кон подобро рангирање на Универзитетот на Шнгајската листа,<br>- мобилност на студентите и наставен кадар на други високообразовни институции во странство;<br>- стимулирање на научноистражувачката работа на студентите и на наставниот кадар,<br>-форсирање на усмените испити за стекнување пореална претстава за знаењето на студентите, | - поради недоволно финансиски средства намалување на квалитетот на практичната настава што резултира со намалување на вештините за самостојно вршење на стоматолошка дејност,<br>- намалување на интересот на идните кандидати за упис на додипломските студиите заради презаситеност на пазарот за тој профил на професија,<br>-постоење на голем број државни и приватни стоматолошки факултети кои продуцираат голем број стоматолошки кадар за кои нема соодветно вработување (презаситеност на пазарот) |

**SWOT анализа на студиските програми на студиите од втор циклус**

<table>
<tr><th>Strengths: јаки страни</th><th>Weaknesses: слаби страни</th></tr>
<tr><td>-доволен број на наставно-научен кадар со високи квалификации и референци;<br>- голем број акредитирани ментори;<br>- организирана настава за предмтните програми која овозможува стекнување општи и стручни знаења од областа предмет на интерес;<br>❖ континуирано следење на работата на студентот преку консултации и дискусии и<br>❖ континуирано ангажирање на менторот во работата на студентот</td><td>- недоволен интерес на нови студенти поради немање бенефит од овој вид на студии бидејќи не се признаваат стекнатите 60 кредити во наредниот циклус на студии – третиот циклус докторски студии ,<br>- недостаток на нагледни средства,<br>-недостаток на можности (просторни, кадровски, финансиски) за организација на работилници,<br>-недостаток од центи за спроведувања на истражувања.<br>❖ недостаток на фондови и средства за учество и презентација на научнисобири,<br>❖ нема финансии од МОН за научно-истражувачки проекти,<br>❖ нема финансии од МОН за унапредување на научно-стражувачкиот кадар,<br>❖ недоволно финансии за вклучување на млад истражувачки кадар во европските проекти.</td></tr>
<tr><th>Opportunities: Можности</th><th>Threats: Закани</th></tr>
<tr><td>- можност циклусот да се развива и усовршува за странски студенти кои потекнуваат од земји каде нема интегрирани тудии.</td><td>-целосно исцезнување на циклусот поради веќе поднесено барање за акредитација на студиска програма за прв циклус на студии која предвидува интегрирани студии како во земјите од Европска унија.</td></tr>
</table>

**SWOT анализа на студиските програми на студиите од трет циклус**

| **Strengths: јаки страни** | **Weaknesses: слаби страни** |
|---|---|
| -доволен број на наставно-научен кадар со високи квалификации и референци;<br>- голем број акредитирани ментори;<br>- интерес на странски студенти за доктор-ските студии на Факултетот;<br>- организирана настава за програмите со над 5 кандидати;<br>-менторки облик на настава;<br>-транспарентност во следење на научно-истажувачката работа на докторантите,<br>-апорбирање на генерички знаења импле-ментирани во полето на истражување;<br>-апсорбирање на стручни знаења од областа на едукација;<br>-континуитет во студирањето и запазување на роковите за завршување на студиите;<br>-соработка со стручни и научни кадри надвор од земјата; | - нема база за реализација на истражувачкиот процес;<br>- недостаток на нагледни средства,<br>- недостаток на информативен материјал за студентите, менторите и наставниците;<br>- недоволна координација и синхорнизираност од страна на Школата за докторски студии;<br>-недостаток на можности (просторни, кадровски, финансиски) за организација на работилници. |
| **Opportunities: Можности** | **Threats: Закани** |
| -интеруниерзитетска соработка преку мобилност на студентите ,<br>-учества на семинари, собири, конгреси,<br>-учество во научно-истражувачки проекти, клинички студии,<br>-поттикнување на вештините за научноистражувачка и стручна работа<br>• можност за соработка со стручни и научни кадри надвор од земјата<br>• можност за соработка помеѓу универзитети преку мобилност на студентите<br>• учество во научно-истражувачки проекти, клинички студии | - |

**SWOT анализа за наставно-научниот и соработнички кадар**

| Strengths: јаки страни | Weaknesses: слаби страни |
|---|---|
| -искусен икомпетентен наставен кадар создаван во континуитет,<br>- капацитет и расположеност за развој и усовршување на студиските програми за додипломско и последипломско образование;<br>-интерес за создавање и пишување на задолжителна и помошна литература учебници и учебни помагала потребна за наставните програми,<br>-капацитет клиничкото искуство да се пренесе на новите генерации на студентите од првиот циклус,<br>-интерес на кадарот да учествува во проекти и да протежира научноситражувачка работа,<br>-надградување од професионален аспект следејки ги светските трендови,<br>-можност за воспоставување блиска комуникација од професионален аспект со студентите поради нивниот мал број. | - неповолна старосна структура (стареење) на наставниот кадар и недостаток на млад кадар;<br>-финансиско оптеретување кај кадарот кој има желба стручно и научно да се усовршува,<br>-непостоење просторни услови за реализација на секојдневни обврски,<br>- отсуство на финансиски средства за обезбедување на континуирано усовршување на наставничкиот и соработничкиот кадар; |
| **Opportunities: Можности** | **Threats: Закани** |
| -инсистирање да се смени политиката за начинот на вработување на младите кадри од редот на најуспешни студенти;<br>-поголема достапност, добивање информации и обуки за успешна апликација на проекти финансирани од странски програми (ERASMUS, BASILEUS, ERA WEB и.т.н ;<br>-ангажирање на млад кадар преку промоција на проекти и можности за истражување | -недоволно финансиски средтсва за плати и немање согласност за нови вработувања од надлежните инттуции;<br>-замирање на научноистражувачката работа заради рестриктивност во финансирањето,<br>-недоволен соработнички кадар поради неможност за нови вработувања за спроведување на практична настава |

**SWOT анализа за просторна и материјална опременост**

| **Strengths: јаки страни** | **Weaknesses: слаби страни** |
|---|---|
| -задоволителна просторна екипираност кој ги задоволува нормативите и стандардите за вршење високообразовна дејност;<br>-обезбедена аудиовизуелна опрема во сите амфитеатри и предавални каде се изведува теоретска настава;<br>-задоволителни просторни услови за обавување на претклиничка настава, | -недоволна финансиска поддршка од страна на ресорни министерства за развивање на едукативната и научноистражувачката дејност на факултетот;<br>-застарена опрема за изведување практични вежби;<br>-немање опремени компјутерски и специјализирани училници со интернет приклучоци за потребите на студентите и за наставниот и соработнички кадар,<br>-непостоење мрежна поврзаност на сите внатрешноорганизациони единици на факултетот; |
| **Opportunities: Можности** | **Threats: Закани** |
| -подигнување на нивото на техничката опременост за наставна, научноистражувачка и апликативна дејност со тековно инвестирање од страна на државата;<br>-ставање во функција и замена на дотрајанат а опрема за изведување на практичната настава преку меѓународни проекти и фондови, донации и спонзорства, | намалување на квалитетот на практичната настава поради<br>-застарена и нефункционална опрема и недоволен ситен инструментариум за работа,<br>-недостиг од пациенти како резултат на немање на законска регулатива за нивната партиципација за спроведените стоматолошки услуги,<br>-недоволна финансиска подршка за следење и имплементирање на секојдневните новини кои ја следат современата пракса. |

**SWOT анализа за научноистражувачката дејност**

| **Strengths: јаки страни** | **Weaknesses: слаби страни** |
|---|---|
| -претходна подготвеност на кадарот (наставен, научен, соработнички) за научноситаржувачка работа,<br>-солиден кадровски потенцијал,<br>-успешна соработка со кадрите од други факултети на колегијална основа со користење на нивните просторни, човечки и материјални капацитети ,<br>-презентирање на резултатите од научноситаржувачката работа на разни форми на континуирана едукација. | -недостаток на финансиски средства за научноистражувачка работа,<br>-недостаток на просторни капацитети за научноситражувачка работа – акредирирани лаборатории,<br>-недостаток на основни средства за научно-истражувачка работа,<br>-непристапност до online списанија за кои е потребна претплата поради недостиг од вработено лице на работно место библиотекар ,<br>-нема финансирање од МОН за научно-истражувачки проекти,<br>- нема финансии од МОН за унапредување на научно-истражувачкиот кадар, |
| **Opportunities: Можности** | **Threats: Закани** |
| -вклучување на младите соработници во научноистражувачката работа;<br>-унапредување на соработката со светски водечки научни универзитетски центри;<br>-можност за ангажирања на студентите финансирани од проекти;<br>-ставање во функција на библиотеката и вработување стручен кадар,<br>-инстутуционална online претплата за слободен до списанија и друга потребна литаратура,<br>-склучување договори за инстутуционална соработка во истражувачки цели со други факултети и Универзитети,<br>-транпарентност во размена на искуствата помеѓу колегите со цел напредок во истражувачката работа (избегнување да се водат паралелни истражувања и повторувања од различни истражувачи),<br>-континуирано научно и стручно усовршување на наставниот кадар на факултетот;<br>- мобилност на наставниот и соработничкиот кадар во меѓународни рамки со цел црпење на искуства од странски референтни центри;<br>- соработка со сродни институции од земјава и во странство во наставната и научната дејност<br>-соработка со трговски друштва за тестирање материјали и интрументи и апарати референтни за стопанството. | -немање можност за вработувања на млад истражувачки кадар вклучен во наставната дејност,<br>-преоптерeност на наставниот и соработнички кадар со паралелно вршење на трите дејности (наставна, здравствена со финансиска реализација и научна) доведува до непродуктивност во научната дејност,<br>-замирање на научноситражувачката работа .<br>-паѓачки тренд на домашните проекти;<br>-недостаток на финансиски средства за континуирано научно усвршување на наставниот кадар;<br>-недостаток на финансиски средства за унапредување на соработката со светски водечки универзитети и научно-истражувачки институции. |

**SWOT анализа за финансиите**

| **Strengths: јаки страни** | **Weaknesses: слаби страни** |
|---|---|
| | - намалени приходи заради намалената партиципација за студирање, а истовремено зголемување на државните квоти;<br>-се помало оствinfрување на приходи од школарини посебно кај специјализациите,<br>- недоволно искористување на меѓународни фондови. |
| **Opportunities: Можности** | **Threats: Закани** |
| - учество на студентот со сопствени средства во покривање на вкупните трошоци за реализација на практичната настава;<br>- зголемување на учеството на Стоматолошкиот факултет во меѓународни научноистражувачки и апликативни проекти. | -недостаток на финансиски можности за спроведување на квалитетна настава и нејзино осовременување;<br>-недоволен слух на државата за тоа дека трошоците за студирање на Стоматолошкиот факултет се далеку поголеми во однос на други факултети (постоветување на сите видови студии).<br>Недоволно или поточно никакво финансирање на наставниот и научниот кадар во учество на конгреси, симпозиуми и работилници во меѓународни рамки, со што сериозно е нарушен концептот на следење на сите нови методи, протоколи и технологии кои во стоматологијата напредуваат со брзина на светлината, а и неможност за набавка на опрема со која би се применувале тие нови достигнувања. |

Со цел да се добие максимално реален, прецизен и точен извештај за самоевалуација, да се оствари службена комуникација со органите на единицата и со сите членови на комисијата и поткомисиите, но и да се овозможи активно учество на членовите на комисијата и поткомисиите за евалуација во целиот процес се одржаа неколку состаноци на кои се дефинираше текот на реализација на процесот, се дефинираше единствена содржина на сите Извештаи за самоевалуација на студиските програми поединечно, се дефинираше содржина на анкетен лист за утврдување на број на објавени трудови, учество на конкреси од страна на вработениот наставно-научен науен и соработнички кадар на Факултетот. На состаноците се отворија многу дискусии од кои се извлекоа значајни заклучоци особено важни за воедначено постапување на членовите на комисијата и поткомииите и други податоци важни за процесот на самоевалуација. Состанците со сите членови на комисијата и поткомисиите се одржаа на следниве претходно закажани термини:

- на 11.01.2019, 06.02.2019, 08.03.2019, 13.02.2019 и 20.03.2019 година.

На состаноците се дискутираше како да се надминат пречките со кои се соочуваше комисијата и поткомисиите, недостатоците и добрите страни ги презентираше проф. д-р Анета Атанасовска Стојановска во својство на претседател на комисијата. На состанокот немаше забелешки за начинот на работење, а се дадоа напатствија за понатамошно спроведување на процесот со до составување на финалниот целосен извештај за самоевалуација.

Овој Извештај за самоевуација кој ги содржи извештаите на поткомисиите за секоја студиска програма поединечно едногласно е усвоен на 16 - та седница на Наставно-научниот совет на Факултетот одржана на 10.05.2019 година.

Комисија за евалуација на Факултетот и на студиската програма за доктори по дентална медицина и на специјализациите:

1. проф. д-р Анета Атанасовска Стојановска - претседател,

   ______________________________________

2. проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова,

   ______________________________________

3. проф. д-р Јадранка Бундевска,

   ______________________________________

4. доц. д-р Билјана Џипунова,

   ______________________________________

5. доц. д-р Василка Ренџова,

   ______________________________________

6. Раив Стругалија – студент,

   ______________________________________

7. Јелена Тасиќ – студент.

   ______________________________________